**УСТАВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПРЕГЛЕД
## на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2025 година

Скопје, Јуни 2026 година

**У С Т А В Е Н  С У Д**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д
**на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија**
**за 2025 година**

**Скопје, Јуни 2026 година**

# СОДРЖИНА

**ЗА УСТАВНИОТ СУД** ........ 1

**2025 ГОДИНА НИЗ БРОЈКИ** ........ 4

**I. Податоци за вкупниот број предмети и видови акти на Судот со кои се решени** ........ 6

**I.1.** Примени иницијативи и други поднесоци по кои се оформени предмети ........ 6

**I.2.** Решени предмети ........ 9

**I.3.** Нерешени предмети ........ 13

**I.4.** Траење на постапките пред Уставниот суд ........ 13

**II. Анализа на статистички податоци** ........ 14

**II.1.** Анализа на статистичките податоци во однос на оформени предмети ........ 14

**II.2.** Анализа на статистичките податоци во однос на вкупниот број решени предмети ........ 17

**II.3.** Анализа на статистичките податоци во однос на вкупниот број предмети по кои постапувал Судот ........ 21

**II.4.** Анализа на статистичките податоци во однос на видот на актот донесен при одлучување ........ 22

**II.4.1.** Интервентни одлуки (укинувачки/поништувачки/утврдувачки одлуки) ........ 22

**II.4.2.** Решенија за неповедување постапка ........ 25

**II.4.3.** Решенија за отфрлање на иницијативата/барањето/предлогот ........ 26

**II.4.4.** Решенија за запирање на постапката ........ 27

**II.5.** Анализа на статистичките податоци во однос на видот на нерешени предмети ........ 28

**II.6.** Анализа на статистичките податоци во однос на видот на траењето на постапката на предметите решени во 2025 година ........ 31

**III. Ставови на Судот заземени при одлучување** ........ 33

**III.1.** Интервентни одлуки на Судот ........ 33

**III.1.1.** Оценување на уставност на закони или нивни одредби ........ 33

**III.1.2.** Оценување на уставност и законитост на прописи и други општи акти или нивни одредби ........ 40

**III.2.** Решенија за неповедување постапка ........ 70

**III.2.1.** Одбрани предмети за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони или нивни одредби ........ 70

**III.2.2.** Одбрани предмети за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти или нивни одредби. ........ 88

**III.3.** Барања за заштита на слободи и права ........ 97

**III.4.** Предлози за решавање судир на надлежности .......................................132

**IV. Издвоени мислења** ....................................................................................135

**V. Јавност во работата на Судот** ....................................................................138

**V.1.** Соопштенија ............................................................................................138
**V.2.** Емитување во живо....................................................................................139
**V.3.** Интервјуа и медиумски настапи.................................................................140
**V.4.** Видео-обраќања, честитки и говори ..........................................................140
**V.5.** Одговори до медиуми и проактивна комуникација по конкретни предмети.....141
**V.6.** Посебни соопштенија поврзани со предмети од јавен интерес .................141
**V.7.** Објави на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд..........................143

**VI. Меѓународна соработка** ..................................................................................144

**VII. Други активности на Судот, соработка со други државни органи, установи и организации** ...................................................................................149

**VIII. Организација на работата на Судот и службата на Судот** ..........................157
**VIII.1.** Интерни акти на Судот .........................................................................157
**VIII.2.** Вработување и унапредување..................................................................157
**VIII.3.** Зајакнување на капацитетите и вештините на Службата на Судот ...... 159

**IX. Материјални услови за работа** .......................................................................163

***Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката којшто ја штити уставноста и законитоста***

# ЗА УСТАВНИОТ СУД

Уставното судство во Македонија за прв пат се востановува со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1963 година. Уставниот суд на Македонија е конституиран и отпочнал со работа на 15 февруари 1964 година.

Неговата положба и надлежност беа уредени со Уставот, а постапката и правното дејство на неговите одлуки беа уредени со Законот за Уставниот суд на Македонија од 1963 година.

Со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година, се одржува континуитетот на постоењето и функционирањето на Уставниот суд сѐ до донесувањето на Уставот во 1991 година.

По осамостојувањето на Република Македонија, на 17 ноември 1991 година беше донесен новиот Устав со кој Република Македонија се конституира како суверена и самостојна држава, заснована на принципите на владеењето на правото, заштитата на човековите слободи и права и поделбата на власта.

Уставот на Република Северна Македонија го конституира Уставниот суд на Република Северна Македонија како орган на Републиката којшто ја штити уставноста и законитоста и ги заштитува основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2025 година заклучно со 31 декември 2025 година, во рамки на остварувањето на своите уставни надлежности, одржа 29 седници, една јавна расправа по барање за заштита на слободи и 17 работни состаноци.

Функционирањето на Судот се одвиваше врз основа на Програмата и распоред за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2025 година којашто беше донесена на 19 март 2025 година (https://ustavensud.mk/archives/33100), врз основа на член 110 став 1 алинеја 1 од Актот на Судот.

Со оваа програма и распоред беа утврдени целите коишто требаше да ги оствари Уставниот суд во текот на 2025 година, а кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите коишто требаше да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка за спроведување на истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

Програмата е во најголем дел остварена во однос на главните поставени цели што е прикажано во делот на анализата на статистичките податоци од овој преглед.

Од 1 јануари 2025 година, согласно со одредбите на член 10 од Актот на Уставниот суд, кој беше донесен минатата година на 28 мај, а се применува од 1 септември 2024 година, предметите коишто се оформуваат по примените поднесоци или во случаите кога Уставниот суд постапува по службена должност, имаат нови ознаки:

- „У“ за постапката за оценување уставност на закон;
- „УЗ“ за постапката за оценување уставност и законитост на друг пропис или колективен договор;
- „УПСПЗГ“ за постапката за оценување уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани;
- „БЗСП“ за постапката по барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот;
- „СН-I“ за постапката за решавање судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- „СН-II“ за постапката за решавање судир на надлежности меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- „ОИПР“ за постапката за одземање имунитет, за утврдување одговорност и за утврдување на настапувањето на условите за престанок на функцијата на претседателот на Републиката и
- „ОИСС“ за постапката за одземање имунитет и за утврдување трајно губење на способноста за вршење на функцијата судија на Уставниот суд.

Исто така од 1 јануари оваа година, започнаа да се применуваат одредбите коишто се однесуваат на постапката за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот, согласно со одредбите на Актот.

Воедно, предметите оформени по барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот и во кои Судот постапува по

службена должност, генералниот секретар на Судот ги формира и распределува предметите согласно со времето на приемот на барањето и азбучниот редослед на презимињата на судиите.

Воедно, од 1 јануари 2025 година започна електронското поднесување на поднесоците. Согласно со член 4 од Правилникот за електронско поднесување поднесоци до Уставниот суд на Република Северна Македонија, електронското поднесување на поднесоците ќе се врши до електронската пошта на административниот работник – архивар, при што датумот на прием на поднесокот којшто е поднесен електронски се смета како ден кога е предаден на Уставниот суд.

За секој поднесок (иницијатива, барање за заштита на слободи и права или предлог за решавање судир на надлежности) што се доставува електронски до Уставниот суд, подносителите се известени по електронски пат дека истите се примени и заведени во Архивата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Уставниот суд во текот на 2025 година работеше во неполн состав.

Согласно со правосилната судска пресуда У-5 бр.380/2025 од 15.05.2025 година донесена од Управниот суд на Република Северна Македонија, доставена на 19.05.2025 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија, како доносител на Одлуката бр.08-2239/1 од 10.04.2023 година за избор на судијата на Уставен суд на Република Северна Македонија, Елизабета Дуковска, истата со горенаведената пресуда на Управниот суд е поништена.

Судијата Елизабета Дуковска од 19.05.2025 година не ја врши функцијата судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

# 2025 година низ бројки

Во 2025 година Уставниот суд во рамките на надлежностите утврдени во членот 110 од Уставот одлучуваше за:

- согласноста на законите со Уставот;
- согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.







1 решавање судир на надлежност

1 оценување уставност на програми и статути на политички партии и на здруженија на граѓаните



**Одржани седници**

29

**Просечно траење на постапката**

5 месеци



12 месеци

## Персонал, Буџет и интернет-страница

**9 судии**



жени 55,5% мажи 44,5%

**54 вработени**



**74%** жени (40) **26%** мажи (14)

| Буџет 2025 | Веб-страница | Социјални мрежи | Слободен пристап до информации |
|---|---|---|---|
| 84.461.085,00 денари Одобрен буџет | 205 објавени соопштенија | 2500 следбеници на Фејсбук | 18 Примени барања |
| 78.706.876,00 денари Реализиран буџет | 16 посебни соопштенија по предмети | 200 објави | 17 Позитивно одговорени барања |
| | 134,802 посетеност | 342,664 прегледи | 1 Отфрлено барање |

# I. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ

Во периодот од 1 јануари 2025 заклучно со 31 декември 2025 година, Судот постапуваше по вкупно **520 предмети**. Од нив, **316 предмети беа оформени** во текот на 2025 година, а **204** беа пренесени како незавршени од претходните години. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината беа **завршени 229 предмети**, а останаа **незавршени 290 предмети**.

## I.1. ПРИМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ ПО КОИ СЕ ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Оформени предмети според подносители***

| ***Подносители*** | ***Број на предмети*** |
|---|---|
| Граѓани | 264 |
| Политички партии | 6 |
| Пратеници во Собранието | 1 |
| Здруженија на граѓани | 17 |
| Државни органи | 8 |
| Народен правобранител | 3 |
| Претпријатија и други организации и заедници | 9 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 3 |
| Верски заедници | 2 |
| Други органи | 1 |
| **ВКУПНО** | **314** |

- *Уставниот суд по сопствена иницијатива оформи **2 предмети**.*
- ***Вкупен број на оформени предмети - 316***



***Оформени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони или одредби од закони | 205 |
| Други акти на Собрание | 1 |
| Статути или одредби од статути | 4 |
| Колективни договори или нивни одредби | 4 |
| Прописи на Владата на Република Северна Македонија | 13 |
| - прописи на министерствата | 9 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 22 |
| Акти на претпријатија | 1 |
| Акти на Државна изборна комисија | 4 |
| Акти на јавни служби | 22 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 24 |
| Судир на надлежност | 1 |
| Акти на Уставниот суд | 4 |
| Други акти | 2 |
| **ВКУПНО** | **316** |



***Оформени предмети според видот на надлежноста на Судот и според правната област на оспорениот акт***

| *Вид на надлежност на Уставниот суд* | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **292** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 7 |
| 2. Надворешни работи | 3 |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 25 |
| 4. Стопанство | 45 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 2 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 59 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 9 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 12 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 29 |
| 12. Сообраќај и врски | 3 |
| 13. Животна средина | 4 |
| 14. Работни односи | 9 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 30 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 15 |
| 17. Односи во бракот и семејството (заштита на децата) | 6 |
| 18. Образование, наука и култура | 15 |
| 19. Јавно информирање | 2 |
| 20. Локална самоуправа | 9 |
| 21. Комунални дејности | 4 |
| 22. Останато | 4 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **22** |
| **III. Судир на надлежност** | **1** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **1** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **/** |
| **ВКУПНО** | **316** |

## I.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2025 година беа решени **вкупно 229 предмети** од кои:

- 78 предмети оформени во 2025 година
- 116 предмети оформени во 2024 година
- 26 предмети оформени во 2023 година
- 3 предмети оформени во 2022 година
- 4 предмети оформени во 2021 година
- 1 предмет оформен во 2020 година
- 1 предмет оформен во 2017 година

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 18 |
| Одлука за поништување | 2 |
| Одлука за одбивање | 5 |
| Одлука за утврдување | 6 |
| Решение за неповедување постапка | 96 |
| Решение за отфрлање на иницијатива/барање | 79 |
| Решение за запирање на постапката | 7 |
| Предмети завршени со припојување | 16 |
| **ВКУПНО** | **229** |

### Вид на акт со кој е завршена постапката



*А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони:*

| ***Вид на акт со кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 3 |
| Одлука за поништување | 1 |
| Решение за неповедување постапка | 67 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 40 |
| Решение за запирање постапка | 5 |
| Предмети завршени со припојување | 10 |
| **ВКУПНО** | **126** |




*Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:*

| ***Вид на акт со кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 15 |
| Одлука за поништување | 1 |
| Одлука за утврдување неуставност и незаконитост | 1 |
| Решение за неповедување постапка | 29 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 25 |
| Решение за запирање постапка | 1 |
| Предмети завршени со припојување | 6 |
| **ВКУПНО** | **78** |

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | 3 |
| Колективни договори | 2 |
| Правилници | 23 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 15 |
| Акти на Владата на РСМ (одлуки и програми) | 10 |
| Упатства | 2 |
| Уредби | 4 |
| Деловници | 3 |
| Правила | 3 |
| Одлуки и решенија на Уставниот суд | 2 |
| Други акти (тарифи, наредби, услови, соопштенија, програми и решенија) | 11 |
| **ВКУПНО** | **78** |




***В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права:***

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 3 |
| Одлука за одбивање | 5 |
| Решение за отфрлање на барањето | 14 |
| Решение за запирање на постапката | 1 |
| **ВКУПНО** | **23** |

| ***Заштита на слободи и права кои се однесуваат на***: | *број на предмети* |
|---|---|
| Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата | 3 |
| Политичкото здружување и дејствување | 3 |
| Забрана на дискриминација по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност | 11 |
| Други слободи и права за кои не е надлежен Судот | 6 |
| **ВКУПНО** | **23** |

## Вид на акт со кој е завршена постапката




### *Г. Решени предмети за решавање судир на надлежност*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 2 |
| **ВКУПНО** | **2** |

## I.3. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Вкупниот број на нерешени предмети, заклучно со 31.12.2025 година е 290.***

| Година | Вкупен број нерешени предмети | Апстрактна контрола | Барања за заштита на слободи и права | Решавање судир на надлежности |
|---|---|---|---|---|
| 2019 | 13 | 13[1] | / | / |
| 2021 | 2 | 2 | / | / |
| 2022 | 3 | 3 | / | / |
| 2023 | 8 | 8 | / | / |
| 2024 | 26 | 25 | 1 | / |
| 2025 | 238 | 227 | 10 | 1 |
| **Вкупно** | **290** | **278** | **11** | **1** |

Од вкупниот број на нерешени предмети, 261 се во претходна постапка, додека останатите се одложени (10) или во фаза на поведена постапка за оценување уставност, односно уставност и законитост (18).

## I.4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Просечно траење на постапка по предмети за кои во 2025 година се донесени конечни акти на Уставниот суд (одлуки или решенија), сметано од денот на оформување на предметот, па сѐ до окончувањето на постапката:

| Оформени предмети | Вкупен просек | Апстрактна контрола | Слободи и права | Одлуки | Најкраток период | Најдолг период |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2025** | 5 месеци | 5 месеци | 4.5 месеци | 6.7 месеци | 16 дена | 11 месеци и 8 дена |
| **2024** | 10 месеци | 10 месеци | 8 месеци | 11 месеци | 3 месеци и 4 дена | 21 месеци и 27 дена |
| **2023** | 19 месеци | 19 месеци | / | 22 месеци | 15 месеци и 9 дена | 31 месец и 9 дена |
| **2022** | 33 месеци | 35.5 месеци | 27 месеци и 16 дена | 27 месеци и 16 дена | 15 месеци и 9 дена | 31 месеци и 7 дена |
| **2021** | 25,4 месеци | 25,4 месеци | / | / | 44 месеци и 23 дена | 56 месеци и 24 дена |

Постапката по предмет примен во 2020 година (У.бр.177/2020 во кој беше оспорен Законот за лековите и медицинските помагала) траеше вкупно **5 години 4 месеци и 2 дена**, а постапката по најстариот предмет што беше решен во 2025 година (примен во 2017 година) траеше вкупно **7 години 8 месеци и 28 дена** (Оспорен беше Законот за електронски комуникации, при што Судот за заврши постапката со запирање на постапката).

[1] Во нерешените предмети од 2019 година оспорен е Законот за употреба на јазиците.

# II. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## II.1. Анализа на статистичките податоци во однос на оформени предмети

Во текот на 2025 година, беа оформени **вкупно 316 предмети**, што претставува 20% зголемување од предвидениот број (250) во Програмата и распоредот за работата на Уставниот суд за 2025 година

Од вкупниот број оформени предмети, 205 предмети се однесуваа на оценката на согласноста на законите со Уставот (64,9 %), 87 предмети се однесуваа на оценка на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти (27,5 %), еден предмет на оценување уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани (0,3%), еден предлог за решавање судир на надлежност (0,3 %) и поднесени се 22 барања за заштита на слободи и права (7 %).

***Графички приказ на оформени предмети согласно со надлежностите на Уставниот суд во 2025 година***




***Графички приказ на оформени предмети во изминатите пет години (2025-2021)***




*Оформени предмети во изминатите пет години*

**2025/2024** ↗ 12,7%

**2025/2023** ↗ 33,5%

**2025/2022** ↗ 56,6%

**2025/2021** ↗ 53,2%

***Графички приказ на оформени предмети согласно со надлежностите на Уставниот суд во изминатите пет години (2025 – 2021)***




За разлика од претходната 2024 година, кога бројот на оформени предмети што се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот бил 124, во 2025 година овој број е зголемен за околу 40%, намален е бројот на оформени предмети што се однесуваат на оценката на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти за околу 36% (87) споредбено со 2024 година кога биле оформени 137 предмети. Бројот на поднесените барања за заштита на слободи и права е зголемен за околу 45,5% (22) во однос на минатата 2024 година кога беа примени 12 барања.

## Барања за заштита на човекови слободи и права

Во текот на 2025 година до Судот беа **поднесени 22 барања** за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Бројот на **поднесените** барања за заштита на слободи и права во 2025 година е за околу 55% зголемен во однос на 2024 и 2021 година кога беа поднесени 12 барања и за околу три пати зголемен во однос на 2023 и 2022 година кога беа поднесени 7 барања.

*Оформени предмети за оценување на уставноста на законите, по години*

**2025/2024** ↗ 40%

**2025/2023** ↗ 50%

**2025/2022** ↗ 66%

**2025/2021** ↗ 67%

*Оформени предмети за оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти, по години*

**2025/2024** ↘ 36%

**2025/2023** ↘ 13%

**2025/2022** ↗ 31%

**2025/2021** ↗ 22%

*Оформени предмети по барања за заштита на слободи и права, по години*

**2025/2024** ↗ 55%

**2025/2023** ↗ 68%

**2025/2022** ↗ 68%

**2025/2021** ↗ 55%

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во 2025 година, 15 предмети се однесуваа на забрана на дискриминација (68%), 4 (четири) предмети на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата (18%) и 3 (три) предмети се однесуваа на права и слободи за кои Уставниот суд не е надлежен да одлучува (14%).

Во 6 (шест) предмети што се однесуваат на заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, повредата се смета дека е сторена со дејствие, а во останатите предмети оспорени се поединечни акти (пресуди на редовните судови, акти на државни органи и сл.) со кои се смета дека е сторена повредата.

**Поднесени барања за заштита на слободи и права во изминатите пет години (2025-2021)**




## Предлози за решавање судир на надлежности

Во текот на 2025 година беше поднесен **еден предлог** за решавање судир на надлежност, меѓу носителите на извршната и судската власт.

Бројот на поднесените предлози за решавање судир на надлежност изминатата 2025 година е намален за 66% во однос на предлозите поднесени во 2024 година (3).

**Примени предлози за решавање судир на надлежност**




*Оформени предмети по предлози за решавање судир на надлежност*

**2025/2024** ↘ 66,6%

**2025/2023** ↘ 50%

**2025/2022** =

**2025/2021** ↗ 100%

## II.2. Анализа на статистичките податоци во однос вкупниот број решени предмети

Во текот на 2025 година беа **решени** вкупно 229 предмети, што што претставува 26% зголемување од предвидениот број (170) во Програмата и распоредот за работата на Уставниот суд за 2025 година.

Од вкупниот број решени предмети, во 126 предмети беа оспорени закони или одделни законски одредби (55%), во 78 предмети беа оспорени прописи и други општи акти (34%), 23 предмети беа барања за заштита на слободи и права (10%) од вкупниот број решени предмети и 2 предмети се однесуваа на предлози за решавање судир на надлежност (1%).

***Графички приказ на решени предмети согласно со надлежностите на Уставниот суд во 2025 година***




***Графички приказ на решени предмети во изминатите пет години (2025-2021)***




*Решени предмети во изминатите пет години*

**2025/2024** ↘ 7%

**2025/2023** ↗ 20%

**2025/2022** ↗ 43%

**2025/2021** ↗ 24%

***Графички приказ на решени предмети согласно со надлежностите на Уставниот суд во изминатите пет години (2025-2021)***




За разлика од претходната 2024 година, кога бројот на решени предмети што се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот бил 95, во 2025 година овој број е зголемен за околу 25%, намален е бројот на решени предмети што се однесуваат на оценката на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти (78) за околу 53% споредбено со 2024 година кога биле решени 147 предмети. Бројот на решени предмети по барања за заштита на човекови слободи и права (23) е зголемен за околу 82% споредбено со 2024 година кога беа решени 4 предмети и еднаков е бројот на решени предмети по предлози за решавање судир на надлежност (2).

- *Оценување на уставноста на закони или нивни одредби*

Судот ја оценуваше уставноста на околу 100 закони или одделни законски одредби од кои најчесто предмет на оспорување беа:

- Законот за пензиското и инвалидското осигурување којшто беше оспорен во **28 предмети**;
- Законот за Академија за судии и јавни обвинители што беше оспорен во **7 предмети**;
- Законот за извршување, Законот за градење, Законот за работните односи и Законот за високото образование беа оспорени во **6 предмети**;
- Законот за заштита на децата, Законот за нотаријатот, Законот за рибарство и аквакултура, Законот за дивеч и ловство и Законот за административни службеници беа оспорени во **5 предмети**;
- Законот за спортот, Законот за вршење на сметководствени работи, Законот за здравствено осигурување, Законот за технолошки индустриски

*Решени предмети во кои беа оспорени* ***закони или нивни одредби****, од вкупниот број решени предмети, по години*

**2025** ▶ 55%

**2024** ▶ 38%

**2023** ▶ 53%

**2022** ▶ 44%

**2021** ▶ 54%

развојни зони и Законот за бесплатна правна помош беа оспорен во **4 предмети.**

- Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, Законот за јавните набавки, Законот за адвокатурата, Законот за средното образование, Изборниот законик и Законот за катастар и недвижности беа оспорени во **3 предмети**.

***Анализа на решените предмети во кои беа оспорени закони или нивни одредби споредено со изминатите 5 години (2025-2021)***




- *Оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти или нивни одредби*

Во текот на 2025 година беа решени 78 предмети во кои беа прописи и други општи акти, како што се статути, колективни договори, правилници, акти на единиците на локалната самоуправа, одлуки и програми донесени од Владата на Република Северна Македонија, упатства, деловници, уредби, правила, тарифи, наредби, услови, соопштенија, решенија, како и предмет на преиспитување беа одлуки и решенија донесени од Уставниот суд.

***Анализа на решените предмети во кои беа оспорени прописи и други општи акти или нивни одредби споредено со изминатите 5 години (2025-2021)***




*Решени предмети во кои беа оспорени **закони или нивни одредби**, споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↗ 25%

**2025/2023** ↗ 22%

**2025/2022** ↗ 54%

**2025/2021** ↗ 26%

*Решени предмети во кои беа оспорени **прописи и други општи акти**, од вкупниот број решени предмети, по години*

**2025** ▶ 34%
**2024** ▶ 59%
**2023** ▶ 38%
**2022** ▶ 49%
**2021** ▶ 38%

*Решени предмети во кои беа оспорени **прописи и други општи акти**, споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↘ 53%
**2025/2023** ↗ 9%
**2025/2022** ↗ 18%
**2025/2021** ↗ 15%

### ➢ *Барања за заштита на слободи и права*

Во 2025 година, Судот **реши 23 барања** за заштита на слободи и права што е значително зголемен од бројот на решените барања во 2024 година (за околу 83%).

Од решените барања на заштита на слободите и правата, најголемиот број, околу 56,5% се однесуваа на забрана на дискриминација (13), 3 (три) предмети се однесуваа на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата (13%), 2 (два) предмети се однесуваа на правото на политичко здружување и дејствување (21,5%) и 5 (пет) предмети се однесуваа на права и слободи за кои Уставниот суд не е надлежен да одлучува (21,5%).

**Решени барања за заштита на слободи и права**




| Година | Примени барања | Решени барања |
|---|---|---|
| **2025** | 22 | 23 |
| **2024** | 12 | 4 |
| **2023** | 7 | 15 |
| **2022** | 7 | 9 |
| **2021** | 12 | 14 |

*Решени предмети по барања за заштита на слободи и права, од вкупниот број решени предмети, по години*

**2025** ▶ 9,6%

**2024** ▶ 1,6%

**2023** ▶ 8,1%

**2022** ▶ 6,9%

**2021** ▶ 8%

*Решени предмети по барања за заштита на слободи и права, споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↗ 83%

**2025/2023** ↗ 35%

**2025/2022** ↗ 60%

**2025/2021** ↗ 40%

### ➢ *Предлози за решавање судир на надлежности*

Во 2025 година, Судот реши два предмета што се однесуваа на предлози за решавање судир на надлежности. Предметите беа оформени во 2024 година и се однесуваа на решавање судир на надлежности помеѓу законодавната власт (Комисија за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Северна Македонија) и извршната власт (претседателот на Република Северна Македонија).

Бројот на решените предлози за решавање судир на надлежност изминатата 2025 година е идентичен во однос на предлозите решени во 2024 година (2).

## II.3. Анализа на статистичките податоци во однос вкупниот број предмети по кои постапувал Судот

Во изминатата 2025 година, Судот постапуваше по вкупно 520 предмети (предмети што се префрлени како незавршени од минатите години и примените предмети). Од вкупниот број предмети по кои Судот постапуваше, решени се вкупно 229 предмети, а вкупниот број на нерешени предмети е 290 предмети.

**Ефикасноста на Судот во 2025 година изнесува околу 44 % од вкупниот број на предмети по кои постапувал.**

*Ефикасност во работењето на Судот во изминатите 5 години*

**2025** ► 44%

**2024** ► 55%

**2023** ► 51,5%

**2022** ► 47 %

**2021** ► 60%

***Табеларен приказ на вкупно предмети во работа, оформени и решени предмети пред Уставниот суд во изминатите пет години (2025-2021)***

| Година | Предмети во работа | Оформени предмети | Решени предмети |
|---|---|---|---|
| **2025** | 520 | 316 | 229 |
| **2024** | 450 | 276 | 248 |
| **2023** | 359 | 210 | 185 |
| **2022** | 279 | 137 | 131 |
| **2021** | 290 | 148 | 174 |
| **Вкупно** | **1898** | **1087** | **967** |

***Графички приказ на предмети во работа, оформени и решени предмети во изминатите пет години (2025-2021)***



## II.4. Анализа на статистичките податоци во однос на видот на актот донесен при одлучување

### II.4.1. Интервентни одлуки (Укинувачки/ поништувачки/ утврдувачки одлуки)

➢ **Апстрактна контрола** – оценување на уставност на законите и уставност и законитост на другите прописи и акти

Бројот на **донесени интервентни одлуки** при апстрактната контрола (укинувачки/ поништувачки/ утврдувачки) во текот на 2025 година – **21** е намален за околу 80% во однос на 2024 година кога биле донесени 107 одлуки, незначително намален во однос на 2023 година кога биле донесени 24 одлуки и значително зголемен во однос на 2022 година кога биле донесени 8 одлуки и на 2021 година кога биле донесени 9 одлуки.

Од вкупниот број на решени предмети во 2025 година што се однесуваа на апстрактната контрола – **204**, Судот донесе **21** одлука со која укинал или поништил закони или нивни одредби и други прописи и акти или нивни одредби.

| Година | Одлуки | | | | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | Укинувачки | Поништувачки | Утврдувачки | | |
| **2025** | **21** | 18 | 2 | 1 | 4 | 17 |
| **2024** | **107** | 101 | 4 | 2 | 11 | 96 |
| **2023** | **24** | 20 | 4 | / | 9 | 15 |
| **2022** | **8** | 8 | / | / | 2 | 6 |
| **2021** | **9** | 9 | / | / | 5 | 4 |

- *Донесени одлуки за укинување/поништување на закони или нивни одредби*

Бројот на донесени одлуки со кои се укинаа или поништија закони или нивни одредби во 2025 година (4) е за околу 64% намален во однос на укинувачките/ поништувачките одлуки донесени во 2024 година (11).

| Година | Вкупно | Одлуки | |
|---|---|---|---|
| | | Укинувачки | Поништувачки |
| **2025** | **4** | 3 | 1 |
| **2024** | **11** | 10 | 1 |
| **2023** | **9** | 9 | / |
| **2022** | **2** | 2 | / |
| **2021** | **5** | 5 | / |

*Донесени интервентни одлуки при апстрактна контрола, по години*

**2025/2024** ↘ 80%

**2025/2023** ↘ 12%

**2025/2022** ↗ 62%

**2025/2021** ↗ 57%

*Просечна стапка на успешни иници-јативи завршени со интервентни одлуки во изминатите пет години*

**2025** - 204 ▶ 10%

**2024** - 242 ▶ 44%

**2023** - 169 ▶ 14%

**2022** - 122 ▶ 6%

**2021** - 159 ▶ 5%

*Одлуки за укинување или поништување на **закони или нивни одредби**, споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↘ 64%

**2025/2023** ↘ 55%

**2025/2022** ↗ 50%

**2025/2021** ↘ 20%

***Графички приказ на донесени одлуки со кои се укинаа/поништија закони или нивни одредби во изминатите пет години (2025-2021)***




- *Донесени одлуки за укинување/поништување/ утврдување уставност и незаконитост на прописи и други општи акти или нивни одредби*

Бројот на донесени одлуки со кои се укинаа или поништија прописи и други општи акти или нивни одредби и со кои се утврди неуставност и незаконитост во време на важењето во 2025 година (17) е за околу 82% намален во однос на укинувачките/поништувачките/утврдувачките одлуки донесени во 2024 година (96).

| Година | Вкупно | Одлуки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Укинувачки | Поништувачки | Утврдувачки |
| **2025** | **17** | 15 | 1 | 1 |
| **2024** | **96** | 91 | 3 | 2 |
| **2023** | **15** | 11 | 4 | / |
| **2022** | **6** | 6 | / | / |
| **2021** | **4** | 4 | / | / |

***Графички приказ на одлуки со кои се укинаа/поништија прописи и други општи акти или нивни одредби и со кои се утврди неуставност и незаконитост во изминатите пет години (2025-2021)***




*Просечна стапка на успешни иницијативи за оценка на **закони** завршени со интервентни одлуки во изминатите пет години*

**2025** - 126 ▶3,3%
**2024** - 95 ▶12%
**2023** - 169 ▶ 9%
**2022** - 122 ▶3,4%
**2021** - 159 ▶5,4%

*Одлуки за укинување, поништување и утврдување неуставност и незаконитост на **прописи и други опти акти**, споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↘ 82%
**2025/2023** ↗ 12%
**2025/2022** ↗ 65%
**2025/2021** ↗ 76%

*Просечна стапка на успешни иницијативи за оценка на **прописи и други општи акти** завршени со интервентни одлуки во изминатите пет години*

**2025** - 78 ▶22%
**2024** - 147▶65%
**2023** - 71 ▶21%
**2022** - 64 ▶ 9%
**2021** - 66 ▶ 6%

### ➢ Донесени одлуки (утврдувачки и одбивателни) по барања за заштита на слободи и права

Во 2025 година, Судот донесе 3 (три) утврдувачки одлуки со кои Судот утврди повреда на слободите и правата на кои се повикуваат подносителите на барањата и 5 (пет) одлуки со кои беа одбиени барањата. Бројот на утврдувачки одлуки во изминатата 2025 година е за 33% зголемен во однос на утврдувачките одлуки во 2024 година, а бројот на одлуките донесени во 2025 година со кои беше одбиено барањето е за 80% зголемен во однос на одбивателните одлуки донесени во 2024 година.

| Година | Вкупно | Одлуки | |
|---|---|---|---|
| | | Утврдувачки | Одбивателни |
| **2025** | **8** | 3 | 5 |
| **2024** | **3** | 2 | 1 |
| **2023** | **7** | 1 | 6 |
| **2022** | **4** | / | 4 |
| **2021** | **1** | / | 1 |

***Графички приказ на утврдувачки и одбивателни одлуки по барања за заштита на слободи и права во изминатите пет години (2025-2021)***




### ➢ Донесени одлуки (утврдувачки) по предлози за решавање судир на надлежности

Во 2025 година, Судот донесе 2 (две) утврдувачки одлуки по предлози за решавање судир на надлежности што се однесуваа на решавање судир на надлежности помеѓу законодавната власт (Комисија за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Северна Македонија) и извршната власт (претседателот на Република Северна Македонија, при што Судот со одлуката го утврди стварно надлежниот орган за постапување.

***Вкупен број на одлуки** донесени по барања за заштита на слободи и права, по години*

**2025/2024** ↗ 63%

**2025/2023** ↗ 13%

**2025/2022** ↗ 50%

**2025/2021** ↗ 88%

*Одлуки за **утврдување повреда** по години*

**2025/2024** ↗ 33%

**2025/2023** ↗ 67%

**2025/2022** ↗100%

**2025/2021** ↗100%

*Просечна стапка на успешни барања завршени со **утврдувачки одлуки** во изминатите пет години*

**2025** - 3 ▶13%

**2024** - 2 ▶50%

**2023** - 15▶ 6%

**2022** - 9 ▶ 0%

**2021** - 14▶ 0%

***Одлуки за одбивање** на барањата, по години*

**2025/2024** ↗ 80%

**2025/2023** ↘ 17%

**2025/2022** ↗ 20%

**2025/2021** ↗ 80%

Бројот на утврдувачките одлуки за решавање судир на надлежност изминатата 2025 година (2) е за 50% зголемен од донесените одлуки во 2024 година (1).

***Графички приказ на утврдувачки одлуки по предлози за решавање судир на надлежност во изминатите 5 години (2025-2021)***




## II.4.2. Решенија за неповедување постапка

Бројот на донесени **решенија за неповедување постапка** во 2025 година – 96 е за околу 40% зголемен во однос на минатата 2024 година кога биле донесени 58 решенија за неповедување. Од вкупниот број решени предмети во 2025 година, решенијата за неповедување на постапка за оценување уставноста на законите и уставноста и законитоста на прописи и други општи акти заземаат 42%.

| **Година** | **Вкупно** | **Решенија за неповедување** | |
|---|---|---|---|
| | | Закони | Прописи и други општи акти |
| **2025** | **96** | 67 | 29 |
| **2024** | **58** | 41 | 17 |
| **2023** | **54** | 35 | 19 |
| **2022** | **64** | 38 | 26 |
| **2021** | **81** | 58 | 23 |

***Графички приказ на донесени решенија за неповедување постапка во изминатите пет години (2025-2021)***




***Утврдувачки одлуки** по предлози за решавање судир на надлежност, по години*

**2025/2024** ↗ 50%

**2025/2023** ↗ 50%

**2025/2022** ↗100%

**2025/2021** ↗100%

***Решенија за неповедување** постапка од вкупниот број решени предмети, по години*

**2025** - 96 ► 42%

**2024** - 58 ► 24%

**2023** - 54 ► 30%

**2022** - 64 ► 49%

**2021** - 81 ► 46%

***Решенија за неповедување постапка,** споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↗ 40%

**2025/2023** ↗ 44%

**2025/2022** ↗ 33%

**2025/2021** ↗ 16%

### ➢ Оценување на уставноста на закони или нивни одредби

Бројот на донесени решенија за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони или нивни одредби во 2025 година е за околу 39% зголемен во однос на решенијата за неповедување постапка во 2024 година (41).




### ➢ Оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти или нивни одредби

Бројот на донесени решенија за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти или нивни одредби во 2025 година е за околу 39% зголемен во однос на решенијата за неповедување постапка во 2024 година (41).




## II.4.3. Решенија за отфрлање на иницијативата/барањето /предлогот

Бројот на донесени **решенија за отфрлање на иницијативите/барањата/предлозите** во 2025 година – 79 е за околу 44% зголемен во однос на 2024 година кога биле донесени 44 решенија за отфрлање.

***Решенија за неповедување** постапка за оценување на уставноста на **закони или нивни одредби**, по години*

**2025/2024** ↗ 39%

**2025/2023** ↗ 48%

**2025/2022** ↗ 43%

**2025/2021** ↗13%

***Решенија за неповедување постапка** за оценување уставноста и законитоста на **прописи и други акти**, по години*

**2025/2024** ↗ 41%

**2025/2023** ↗ 34%

**2025/2022** ↗ 10%

**2025/2021** ↗ 20%

***Решенија за отфрлање** од вкупниот број решени пред-мети, по години*

**2025** - 79 ▶ 35%
**2024** - 44 ▶ 18%
**2023** - 54 ▶ 43%
**2022** - 64 ▶ 37%
**2021** - 81 ▶ 45%

Од вкупниот број решени предмети во 2025 година, решенијата за отфрлање на иницијативите за оценување уставноста на законите и уставноста и законитоста на прописи и други општи акти, на барањата за заштита на слободи и права и на предлозите за решавање судир на надлежности заземаат 35%.

| Година | Вкупно | Решенија за отфрлање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | закони или нивни одредби | прописи и други општи акти | барања за слободи и права | предлози за судир на надлежност |
| **2025** | **79** | 40 | 25 | 14 | / |
| **2024** | **44** | 20 | 22 | 1 | 1 |
| **2023** | **79** | 40 | 30 | 8 | 1 |
| **2022** | **48** | 14 | 30 | 4 | / |
| **2021** | **78** | 26 | 38 | 13 | 1 |

***Графички приказ на донесени решенија за отфрлање на иницијативите/барањата/предлозите во изминатите пет години (2025-2021)***




## II.4.4. Решенија за запирање на постапката

Во текот на 2025 година, Судот донесе 7 (седум) решенија со кои ја запре постапката по предметите што е идентичен со бројот на решенијата за запирање постапка донесени во 2024 година.

Од вкупниот број решенија за запирање постапка (7), со 5 (пет) решенија се запре постапката за оценување на уставноста на закони или нивни одредби, со едно решение се запре постапката за оценување на уставноста и законитоста на други прописи и акти и со едно решение се запре постапката по барање за заштита на слободи и права.

***Решенија за отфрлање,*** *споредбено со изминатите пет години*

**2025/2024** ↗ 44%
**2025 = 2023**
**2025/2022** ↗ 40%
**2025/2021** ↗ 1,3%

***Решенија за отфрлање - закони или нивни одредби****, во однос на вкупниот број решенија за отфрлање*

**2025** - 40 ► 51%
**2024** - 20 ► 45%
**2023** - 40 ► 51%
**2022** - 14 ► 29%
**2021** - 26 ► 33%

***Решенија за отфрлање - прописи и други општи акти****, во однос на вкупниот број решенија за отфрлање*

**2025** - 25 ► 32%
**2024** - 22 ► 50%
**2023** - 30 ► 51%
**2022** - 30 ► 62%
**2021** - 38 ► 49%

***Решенија за отфрлање барања за заштита на слободи и права****, во однос на вкупниот број решенија за отфрлање*

**2025** - 14 ► 18%
**2024** - 1 ► 2,3%
**2023** - 8 ► 10%
**2022** - 4 ► 8,3%
**2021** - 13 ► 17%

| Година | Вкупно | Решенија за запирање постапка | | |
|---|---|---|---|---|
| | | закони или нивни одредби | други прописи и акти | барања за слободи и права |
| **2025** | **7** | 5 | 1 | 1 |
| **2024** | **7** | 1 | 6 | / |
| **2023** | **3** | 1 | 2 | / |
| **2022** | **1** | 1 | / | / |
| **2021** | **/** | / | / | / |

***Графички приказ на донесени решенија за запирање на постапката во изминатите пет години (2025-2021)***




## II.5. Анализа на статистичките податоци во однос на нерешени предмети

Во текот на 2025 година, од вкупно предмети во работа (520), останаа незавршени 290 предмети што претставува 62% зголемување од предвидениот број (110) во Програмата и распоредот за работата на Уставниот суд за 2025 година.

***Графички приказ на предмети во работа во 2025 година***



***Графички приказ на вкупен број нерешени предмети***




***Графички приказ на вкупен број нерешени предмети согласно со надлежностите на Уставниот суд***



***Табеларен приказ на предмети во работа, оформени предмети, решени и нерешени предмети во изминатите пет години (2025 – 2021)***

| Година | Предмети во работа | Оформени предмети | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|
| **2025** | 520 | 316 | 229 | 290 |
| **2024** | 450 | 276 | 248 | 204 |
| **2023** | 359 | 210 | 185 | 174 |
| **2022** | 279 | 137 | 131 | 149 |
| **2021** | 290 | 148 | 174 | 142 |

***Графички приказ на вкупниот број предмети во работа и нерешени предмети во изминатите пет години (2025-2021)***




Соодносот на бројот на нерешени предмети во однос на предметите во работа во 2025 година за 6,5% намален во однос на истиот соодност во 2024 година.

**Нерешени предмети во изминатите пет години (2025-2021)**

**2025/2024 ↘ 6.5 %**

**2025/2023 ↗ 20%**

**2025/2022 ↗ 43%**

**2025/2021 ↗ 36%**



## II.6. Анализа на статистичките податоци во однос на траењето на постапката на предметите решени во 2025 година

Просечното траење на постапката пред Уставниот суд на предметите оформени во 2025 година и решени истата година, изнесува 5 месеци.

➢ **Просечно траење на постапката на вкупниот број решени предмети оформени во 2025 година и предметите пренесени како незавршени од претходните години (оформени во 2024, 2023, 2022, 2021, 2020 и 2017 година)**

Во 22 % од вкупниот број решени предмети во 2025 година, должината на постапката пред Судот изнесуваше од 3-6 месеци. Истиот процент се однесува и на периодот од 6 – 9 месеци и од 1 - 2 години.






Најкраткиот период на решавање предмет изнесуваше 16 дена за предмет оформен во 2025 година, а најдолгиот период на решавање на предмет, изнесуваше 7 години 8 месеци и 28 дена за предмет оформен во 2017 година.

Сооднос на должината на постапката споредбено со минатата 2024 година:

- помалку од 1 месец ↗ 50%
- од 1 - 3 месеци ↘ 30%
- од 3 - 6 месеци ↘ 22%
- од 6 - 9 месеци ↘ 17%
- од 9 - 12 месеци ↗ 36%
- повеќе од 1 година ↗ 52%

***Графички приказ на должината на постапката во 2024 година***




✓ Статистичките податоци се подложни на измени, доколку се утврди таква потреба, при што, Судот, ќе го наведе точниот датум на извршените измени.

✓ Статистичките податоци се прикажани приближно, со можни отстапувања (±).

✓ Во однос на анализата на статистичките податоци се истакнува дека работното оптеретување на Судот, не може да се мери само преку квантитативни податоци бидејќи истото секогаш зависи од природата на предметите, нивната тежина и комплексност во однос на уставните прашања што ги покренуваат.

# III. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

## III.1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[2]

### III.1.1. ВИД НА ПОСТАПКА:

**ОЦЕНУВАЊЕ УСТАВНОСТ НА ЗАКОНИ ИЛИ НИВНИ ОДРЕДБИ**

### 1.Ретроактивно дејство на Законот за данок на солидарност

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.179/2023, У.бр.183/2023, У.бр.187/2023, У.бр.190/2023 и У.бр.197/2023 |
| Датум на одлучување: | 5 февруари 2025 година |
| Вид на одлука: | Поништувачка |
| Диспозитив: | СЕ ПОНИШТУВА Законот за данок на солидарност („Службен весник на Република Северна Македонија" број 199/2023). |

**Резиме на факти и наводи**

Постапката пред Уставниот суд е поведена по поднесени иницијативи од повеќе правни лица и стопански комори, кои ја оспоруваат уставноста на Законот за данок на солидарност. Оспорениот закон воведува еднократна јавна давачка за 2023 година, наменета за финансирање антикризни мерки, при што обврзници се правни лица со приход над 615 милиони денари во 2022 година. Се наведува дека Законот е спротивен на Уставот, особено поради неговото ретроактивно дејство, нарушување на правната сигурност, дискриминаторски пристап во определување на обврзниците и непропорционално оптоварување на одредени економски субјекти. Дополнително, се оспорува и отсуството на *vacatio legis*, со што субјектите биле лишени од можност да се прилагодат на новите обврски.
Законот е објавен на 25 септември 2023 година и стапи во сила истиот ден, а предвидува обврска за плаќање данок врз основа на приходи остварени во 2022 година, односно за веќе завршени деловни и даночни периоди.

[2] Во овој дел на прегледот дадени се сите интервентни (укинувачки/поништувачки и утврдувачки) одлуки, коишто се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2025 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следниве правни прашања:

- Дали Законот има повратно (ретроактивно) дејство спротивно на член 52 од Уставот?
- Дали е повредена темелната вредност владеење на правото и правната сигурност како нејзин составен дел (член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот)?
- Дали Законот создава нееднаква правна положба на субјектите на пазарот спротивно на член 55 од Уставот?
- Дали е повредено правото на сопственост предвидено во член 30 од Уставот и член 1 од Протокол 1 од ЕКЧП?
- Дали законодавецот оправдано го исклучил vacatio legis?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд утврди дека Законот има ретроактивно дејство, бидејќи воведува нова даночна обврска во 2023 година врз основа на приходи остварени во 2022 година, кога важеле поинакви правила. Со тоа се повредува член 52 став 4 од Уставот, којшто забранува повратно дејство на законите кога тоа е понеповолно за субјектите.

Даночните обврзници имале основано очекување дека нивните обврски за 2022 година се конечни, согласно со тогаш важечките прописи, а воведувањето дополнителен данок за веќе завршен период ја нарушува таа предвидливост. Дополнително, Судот утврди дека отсуството на *vacatio legis* не е соодветно оправдано. Иако Уставот дозволува исклучок, законодавецот не дал аргументи за итноста, со што се повредува член 52 став 3 од Уставот.

> *Законот за данок на солидарност е неуставен бидејќи воведува ретроактивна и несразмерна даночна обврска, без почитување на правната сигурност, еднаквоста на субјкетктите на пазарот и правото на сопственост, поради што Судот го поништи во целост.*

Во однос на еднаквоста на субјектите на пазарот (член 55 од Уставот), Судот оцени дека Законот селективно ги оптоварува само компаниите со високи приходи, додека други субјекти, вклучително и новоформирани компании, се изземени без јасна и разумна основа.

Ова создава нееднаква правна положба и ја нарушува конкурентноста.

Судот, исто така, укажува дека ваквото оптоварување претставува несразмерен товар врз правото на сопственост (член 30 од Уставот и член 1 од Протоколот бр.1 од ЕКЧП), бидејќи не е засновано на јасни и предвидливи критериуми. Во контекст на усогласувањето со правото на ЕУ, Судот констатира дека националниот закон отстапува од Регулативата (ЕУ) 2022/1854, која предвидува таргетирано оданочување на енергетскиот сектор, додека македонскиот закон има значително поширок и недоволно прецизен опфат.

## 2. Критериуми за додаток на плата во Академијата за судии и јавни обвинители

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.207/2023 |
| Датум на одлучување: | 20 мај 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 17 став 3 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/2023 и 53/2024) |

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива за оценување на уставноста на член 17 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со наводи дека истиот е спротивен на владеењето на правото.
Во Законот за Академија за судии и јавни обвинители не е пропишано кој го донесува актот во кој се утврдува правото на плата и параметрите за тоа во колкава висина можат да се движат додатоците на плата на директорот и заменикот на Академијата.
Законот остава можност висината на додатоците да се пропишува со подзаконски акт за кој не е јасно кој треба да го донесе, што доведува до арбитрарно определување на висината на додатоците.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали ваквата законска формулација на оспорената одредба е нејасна и непрецизна и спротивна на владеењето на правото ?
- Дали Законот содржи параметри, критериуми и рамка за утврдување на висината на надоместокот?
- Дали овие параметри треба да бидат исклучиво предмет на уредување на Законот или на подзаконски акт?

### Образложение и став на Судот

Уредувањето во оспорената одредба дека директорот и заменикот имаат право на додаток на плата заради заштита на угледот на институцијата и доверливоста во работењето, којашто висина поблиску се уредува со акт на Академијата, без притоа Законот да содржи параметри, критериуми и рамка за утврдување на висината на надоместокот, не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок - владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

*Академијата за судии и јавни обвинители не може со свој акт да ја утврди висината на надоместокот на директорот и заменикот директор без притоа Законот да содржи параметри, критериуми и рамка за утврдување на неговата висина.*

Неспорно е дека на директорот и на заменикот на директорот на Академијата им следува додаток на плата заради заштита на угледот на институцијата и доверливоста во работењето, но законодавецот не пропишал критериуми односно рамка врз основа на која Академијата во своите акти ќе ја определи висината на тој надоместок.

## 3. Број на потписи за кандидирање на независните кандидати во изборните процеси

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.186/2024

Датум на одлучување: 20 мај 2025 година

Вид на одлука: Укинувачка

Диспозитив: СЕ УКИНУВААТ членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/2024).

**Резиме на факти и наводи**

Група граѓани до Уставниот суд поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од материјално-правен и процесно-правен аспект за нивна неуставност.

Како материјални причини за неуставнот на оспорените одредби, според наводите, е тоа што драматично е подигнат прагот на потписи потребни за поднесување на независни граѓански листи на избори на 1% од гласачкото тело, што создава нееднаква положба на граѓаните при здружување во иницијативни групи за поднесување независни листи за учество на избори, при што на дискриминирачки начин и противуставно им се поставуваат нееднакви услови во споредба со партиите.

Процесно-правниот аспект за оспорување на законските одредби се однесува на постапката по која тие биле донесени. Имено, се наведува дека измените и дополнувањата на Изборниот законик биле донесени во нетранспарентна, скратена постапка, без претходно организирани консултации и јавна расправа, при што најголемите политички партии, со образложение дека се решава проблемот на граѓаните кои немаат валидни документи, донеле дополнителни измени на Изборниот законик, како ad-hoc решение, со кои независните кандидати се елиминираат од изборната трка во корист на партиите, со очигледна намера да се исклучи јавноста од јавните дебати за носење на измените на Изборниот законик.

Со оспорените одредби е направена огромна разлика во бројот на потписи кои стојат зад една изборна листа, во споредба со партиите зад кои стојат 1000 потписи што се потребни за регистрација на политичка партија, којашто со регистрацијата може да поднесе листа на кандидати на избори, иако и политичката партија е исто така, група луѓе здружени околу одредена програмска платформа и цели со право да учествуваат на избори за постигнување на тие цели.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Каков е односот на независните кандидати и политичките партии во изборниот процес?
- Дали при кандидирање на избори политичките и независните кандидати се наоѓаат во еднаква правна положба при собирање на потписи?
- Дали се создава дискриминација на независните кандидати со поставените услови во споредба со партиите?
- Дали зголемувањето на потребниот број потписи за предлагање независни кандидати претставува вмешување во остварувањето на избирачкото право на граѓаните?
- Дали со оспорените одредби се повредува политичкиот плурализам како темелна вредност на уставниот поредок?
- Дали се повредува владеењето на правото и правната сигурност кога се предлагаат закони до Собранието што не содржат образложение и кога законите се носат по скратена постапка, нетранспарентно и без јавна расправа?

## Образложение и став на Судот

Судот истакна дека политичките партии и групата избирачи се различни правни субјекти во изборниот процес, тие не се наоѓаат во еднаква правна положба, поради што не може да се зборува за постоење дискриминација со тоа што на независните кандидати им се бараат определен број потписи за кандидирање на избори, што не е случај со политичките партии.
Драстичното зголемување на потребниот број на потписи за кандидирање на независните кандидати претставува вмешување во остварувањето на избирачкото право на граѓаните што е гарантирано со член 22 од Уставот кое нема објективно и разумно оправдување и е направено во интерес на поголемите политички партии со единствена цел да се намали бројот на независните кандидати на самиот почеток на изборната трка.
Политичкиот плурализам не се исцрпува само преку повеќепартизмот, туку е многу повеќе од тоа и подразбира непосредно учество на граѓаните во власта, плуралитет на политички ставови и опции кои не нужно секогаш се артикулираат единствено и исклучиво преку политичките партии, туку и преку политичкото делување и активизмот на граѓаните како поединци, неорганизирани во политички партии, кои се кандидирани и поддржани од групи на граѓани или од граѓански организации. Оттука, политичкиот плурализам како темелна вредност на уставниот поредок, создава повеќе позитивни обврски за државата како гарант на плурализмот да овозможи различните политички опции на граѓаните да можат ефективно да се изразат со учество, под еднак/-

ви и фер услови, на слободни и демократски избори не само на политичките партии туку и на независните кандидати, а изборното законодавство треба да го поттикнува, а не да го ограничува плурализмот на политичките ставови и мислења.

Судот смета за потребно да укаже дека оваа практика на предлагање закони до Собранието коишто не содржат образложение за значајни измени кои се предвидуваат, е недозволива за едно демократско општество засновано на принципот на владеењето на правото бидејќи ја нарушува правната сигурност и предвидливоста на правните норми што се составни елементи на овој принцип.

> *Ограничувањето на бројот на потенцијални изборни субјекти во изборниот процес ги одзема демократските атрибути на слободни и фер избори и директно го загрозува и слабее политичкиот плурализам.*
>
> *Без доволно аргументирано објективно образложение, оваа измена не може да се смета дека е оправдана заради остварување на некоја легитимна цел, ниту пак дека е неопходна и пропорционална.*

Според оценката на Судот, оспорените законски одредби не се во функција на остварување на целите на изборното законодавство бидејќи преку зголемувањето на бројот на потписите потребни за кандидирање на независните кандидати истите ги елиминираат од изборниот процес, им се оневозможува да го остварат правото на кандидирање како елемент на пасивното избирачко право, со што и на граѓаните кои нив ги поддржуваат им се ограничува избирачкото право и правото на политичко дејствување бидејќи нивниот избор се сведува само на партиски кандидати и на политичкото дејствување во рамки на политичките партии.

## 4. Поништување на започнатата постапка во услови кога истата не е окончана со правосилен правен акт

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.67/2023 |
| Датум на одлучување: | 19 ноември 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 5 од Законот за изменување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/2023). |

**Резиме на факти и наводи**

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на на член 5 ставови 1 и 2, како и член 5 во целина од Законот за изменување на Законот за ловството, како спротивни на владеењето на правото уредено во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Според наводите не постои оправдана причина зошто би се поништиле започнатите постапки за доделување на концесија на дивечот во ловиштата пред влегувањето во сила на овој закон. Имено, член 34 став 1 од Законот за ловството, при доделување на концесија упатува на примена на одредбите од тој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
Во иницијативата се укажува дека во оспорениот член 5 ставови 1 и 2 од Законот за изменување на Законот за ловството не е содржан ниту еден од основите за поништување на постапката, коишто на јасен и недвосмислен начин се пропишани со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, туку само со општо пропишување дека започнатите постапки за доделување концесија на дивечот во ловиштата пред влегувањето во сила на овој закон, се поништуваат со влегувањето во сила на овој закон.
Нејасна е оправданоста зошто доколку договорот за концесија истекол во текот на 2022 и 2023 година или истекува во 2023 година, би се продолжил во постапка со барање на начин пропишан со ставот 4 од членот 5 од Законот.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали оспореното законско решение е контрадикторно и нејасно, а со тоа спротивно на владеењето на правото?
- Дали може да се поништи една започната постапка кога истата не е окончана со правосилен правен акт?
- Дали е сторена повреда на начелото на легитимните очекувања на субјектите на правото, како составен дел на владеењето на правото?
- Дали може со анекс договор да се продолжи договор којшто престанал да важи и дали на ваков начин се повредува принципот на правна еднаквост на субјектите пред Уставот и законите?

## Образложение и став на Судот

Уредувањето во оспорената одредба дека започнатите постапки за доделување концесија на дивечот во ловиштата пред влегување во сила на овој закон се поништуваат со влегување во сила на овој закон без да се наведат основите за поништување на постапката е спротивно на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок. Имено, вака предвиденото законско решение е контрадикторно и не е јасно, бидејќи во оспорениот член не се предвидени условите и начинот на поништување на истите, со што се создава правна несигурност за субјектите на правото. Воедно, нејасно е и како може да се поништува една започната постапка во услови кога истата не е окончана со правосилен правен акт.

*Поништување на една започната постапка во услови кога истата не е окончана со правосилен правен акт доведува до правна несигурност на субјектите на правото.*

*Принципот на правна еднаквост на субјектите пред Уставот и законите се повредува со тоа што субјектите на кои им истекол договорот се во привилегирана*

Со оспорената одредба, е сторена повреда и на начелото на легитимните очекувања на субјектите на правото, како составен дел на владеењето на правото, бидејќи истите имаат сосема легитимно право да очекуваат започнатата постапка да се оконча со правен акт, а не да се поништува.
Судот нагласи дека во околности на нејасни и непрецизни законски одредби, односите што се во тек и коишто не се окончани треба по правило да бидат окончани согласно правилата по кои почнале, за да се заштити правната сигурност на субјектите во правото.
Судот укажа дека не може со анекс договор да се продолжи договор којшто престанал да важи бидејќи на таков начин се повредува принципот на правна еднаквост на субјектите пред Уставот и законите. Оспорената одредба е нејасна и создава правна несигурност, бидејќи без да се наведе ниту еден основ или услов, предвидува можност за враќање во правен поредок правно дело кое веќе престанало да важи.

## III.1.2. ВИД НА ПОСТАПКА:

### ОЦЕНУВАЊЕ УСТАВНОСТ И ЗАКОНИТОСТ НА ПРОПИСИ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ ИЛИ НИВНИ ОДРЕДБИ

## 5. Утврдување неуставност и незаконитост во време на важењето

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.116/2024 |
| Датум на одлучување: | 12 февруари 2025 година |
| Вид на одлука: | Утврдувачка |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА неуставност и незаконитост на табеларниот приказ во глава V. Висина на надоместоци за уредување на градежно земјиште од Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Богданци за 2024 година, донесена од Советот на Општина Богданци, во време на важењето. |

**Резиме на факти и наводи**

Градоначалникот на Општина Богданци поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Богданци за 2024 година, донесена од Советот на Општина Богданци. Се наведува дека истата е спротивна на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште и со Правилникот за степенот за уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоци за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, од причина што со дефинираните суми, Советот на Општината предвидел надоместок што не во согласност со овој правилник и одредил суми што се надвор од законските одредби.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали се повредува принципот на правна сигурност кога иако оспорениот акт престанал да важи по поведувањето на постапката во време на вршењето на плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште истиот бил во правниот поредок?
- Дали плаќањето на надоместоците за уредување на градежно земјиште утврдени согласно со Договорот за утврдување на висина на надоместок за уредување на градежно земјиште, склучен согласно со Програмата којашто важела во време на склучување на договорот има уставна и законска основа?
- Дали во целост е запазена постапката од страна на доносителот на оспорениот акт за донесување на Програмата?

## Образложение и став на Судот

Оспорените делови во V-а, V-б и V-в од Програмата, во време на вршењето на плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште биле во правниот поредок, со влијание коешто ја загрозува правната сигурност на граѓаните односно инвеститорите и ги платиле или ги плаќаат надоместоците за уредување на градежното земјиште утврдени согласно со Договорот за утврдување на висина на надоместок за уредување на градежно земјиште.

*Утврдувајќи ја неуставноста и незаконитоста во време на важењето, Судот ги зема предвид сите околности од значење за заштита на уставноста, тежината на повредата и нејзината природа и последиците за граѓаните во остварувањето на правата. Ефектот на заштита на уставноста и законитоста може да се постигне само со правно дејство на одлука со поништувачки ефект.*

Од причина што овој договор е склучен согласно со Програмата којашто важела во време на склучување на договорот, Судот укажува дека ваквото уредување нема уставна и законска основа, што е доволна основа за оценување на уставноста и законитоста во време на важењето.

Доносителот на оспорениот акт при донесување на оспорената програма ја немал предвид одредбата од Законот за градежно земјиште дека „Степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост го пропишува министерот" и се впуштил во утврдување на висина на трошоци за уредување на градежното земјиште надвор од пропишаните рамки, што значи дека не била во целост запазена постапката за донесување на оспорената програма.

## 6. Дополнителни услови за избор на член на надзорен орган предвидени со подзаконски акт кога за тоа не постои законски основ

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.194/2024 |
| Датум на одлучување: | 19 февруари 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА Правилникот за начинот и постапката на спроведување на избор и оценка на соодветноста на член на надзорен орган на друштво за осигурување и известување до Агенцијата за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/2024). |

### Резиме на факти и наводи

Во иницијативата поднесена од граѓани се наведува дека Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување има законско овластување да донесува подзаконски акти за спроведување на законите во нејзина надлежност, но нема надлежност да донесува подзаконски акти за прашања што се веќе уредени со закон и за кои не е предвидено дополнително уредување со подзаконски акти. Со донесениот правилник, според наводите, Советот на експерти ги пречекорил своите законски овластувања, навлегувајќи во уредување на материја за која во ниту една одредба од Законот за супервизија на осигурувањето не е предвидено дека треба дополнително да се уреди со подзаконски акт, а воедно законски основ за регулирање на оваа материја нема ни во одредбите од Законот за трговските друштва.
Воедно, со оспорениот акт се наметнува нова обврска за друштвата за осигурување при избор на членовите на надзорниот орган, односно се воспоставуваат нови дополнителни услови што треба да ги исполни едно лице за да биде именувано како член на надзорен орган и потребна е дополнителна документација надвор од тоа што е предвидено во наведените закони. Следствено на наведеното, со оспорениот правилник се наметнува дополнителна должност на друштвата за осигурување и се определува дополнителна надлежност на Агенцијата, што е спротивно на Законот.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето ги пречекорил своите законски овластувања со донесувањето на оспорениот акт?

- Дали Советот на експерти е овластен да донесе правилник за прашања што веќе се уредени со закон и за кои нема законско овластување за дополнително уредување со правилник?
- Дали со подзаконски акт може да се воспоставуваат нови дополнителни услови за избор на член на надзорен орган иако тоа не е предвидено со закон?
- Дали со ваквото уредување се повредуваат владеењето на правото и начелото на уставност и законитост?

## Образложение и став на Судот

Судот утврди дека Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, со донесувањето на оспорениот акт, ги пречекорил своите законски овластувања, навлегувајќи во уредување на материја за која во ниту една одредба од Законот за супервизија на осигурувањето не е предвидена потреба за дополнително уредување со подзаконски акт - правилник со кој ќе се уреди начинот, постапката и соодветноста на едно лице при неговиот избор за член на надзорниот орган на друштвото за осигурување.
Во Законот за супервизија на осигурувањето не е предвидена таква надлежност на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, туку е предвидена општа надлежност за донесување на подзаконски акти за спроведување на законите во нејзина надлежност и други акти во насока на пропишување на услови, начин и процедури за спроведување на супервизијата.

*Уредување материја со подзаконски акт што не е законски предвидено и воспоставување на дополнителни услови надвор од законски пропишаните претставува на владеењето на правото и начелото на уставност и законитост.*

Воедно, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето воспоставил нов дополнителен услов што едно лице треба да го исполни за да може да биде именувано како член на надзорен орган во друштво за осигурување, надвор од условите пропишани во Законот за трговските друштва, како *lex generalis* и Законот за супервизија на осигурувањето, како *lex specialis*.
Судот укажа дека на ваков начин се наметнува нова обврска за друштвата за осигурување при избор на членовите на надзорниот орган, односно потребно е предложеното лице за член на надзорен орган да исполнува дополнителен услов, што е спротивно на темелната вредност на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и на член 51 од Уставот.

# 7. Надлежност на Совет на Општина со одлука да определи кој подзаконски акт ќе се применува во постапките за спроведување на ДУП

## Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.183/2024

Датум на одлучување: 9 април 2025 година

| | |
|---|---|
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА Одлуката за применување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, во постапките за спроведување на детални урбанистички планови донесени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој повеќе не е во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров. |

## Резиме на факти и наводи

Поднесена е иницијатива од граѓанин за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука со наводи дека истата не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 10 и член 51 став 1 од Уставот и со одредби од Законот за локалната самоуправа, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Со донесувањето на оспорената одлука, биле изменети и дополнети постоечките детални урбанистички планови, без да се спроведе пропишаната постапка предвидена со Законот за урбанистичко планирање, а ова прашање на сличен начин било нормирано и во претходно важечкиот Закон за просторно и урбанистичко планирање, што важел во времето на донесување на Одлуката. Ниту со претходниот, ниту со постојниот закон, не било предвидено да се изменува детален урбанистички план со обична одлука, туку за тоа било потребно да се спроведе законски пропишана постапка во две главни фази и дваесетина потфази со вклучување на сите надлежни субјекти во определени фази од донесувањето, односно изменувањето и дополнувањето на планот.

Усогласување на претходно донесените детални урбанистички планови со новиот Правилник, морало да се спроведе во иста постапка предвидена за донесување детален урбанистички план, а не преку скратена и законски непостоечка форма, што доведува до правна несигурност.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Советот на Општината со своја одлука може да определи кој подзаконски акт ќе се применува во постапките за спроведување на деталните урбанистички планови и да предвиди исклучок тоа да не важи за претходно започнатите постапки?
- Дали Советот има надлежност да го задолжи градоначалникот со своја одлука и дали на таков начин се повредува владеењето на правото?
- Дали има повреда на владеење на правото кога органите со свои одлуки одлучуваат за нивното важење и примена?
- Дали правниот основ за донесување на оспорената одлука содржи овластување за нејзино донесување?
- Дали во однос на просторното важење, Советот на Општината има надлежност да ја утврдува важноста на одреден пропис на одредена територија?
- Дали е испочитувана уставната гаранција законите и другите прописи да се објавуваат пред да влезат во сила?

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека со оспорената одлука, Советот на Општината определил кој подзаконски акт ќе се применува во постапките за спроведување на деталните урбанистички планови, при што предвидел исклучок - тоа да не важи за претходно започнатите постапки и утврдил обврска за градоначалникот на Општината и Секторот за урбанизам да ја применуваат оваа одлука. Од овие причини, Судот согласно со член 26 од Актот на Судот ја испита уставноста и законитоста на оспорената одлука и од аспект на начинот на уредување на предметот којшто е од суштинско прашање, покрај наводите од иницијативата.

Судот укажа дека важењето на прописите на кои се однесува укинатата одлука и нивната примена, е прашање коешто го уредуваат исклучиво самите прописи во своите преодни и завршни одредби. Должност на органите е да ги спроведуваат и почитуваат, а не со свои одлуки да одлучуваат за нивното важење и примена, што е спротивно на темелната вредност на уставниот поредок - владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

*Спротивно е на владеењето на правото советите на општините со свој акт да определуваат кој подзаконски акт ќе се применува во постапки за спроведување детални урбанистички планови. Советот на Општината нема надлежност да утврдува на која територија ќе важи одреден пропис донесен од државната власт. Нормативната дејност на државната власт како облик на остварување на суверенитетот, единствено може да се реализира преку донесување општо-задолжителни акти кои важат за целата територија на државата и за секој кој се наоѓа на истата.*

Уредувањето на преодниот режим може единствено да биде предмет на уредување на самиот пропис, а не и на акт каква што е предметната одлука, што е во спротивност со владеењето на правото.

Како во однос на временското, така и во однос на просторното важење, Советот на Општината нема надлежност да утврдува дали одреден пропис донесен од државната власт е во важност на нејзината територија.

Задолжувањето на градоначалникот со конкретна одлука на Советот не е во согласност со Законот за локалната самоуправа, од причина што неговата обврска за извршување на прописите на општините произлегува од закон, при што Советот нема надлежност да го задолжува со свои прописи.

Исто така, Судот утврди дека во воведот на оспорената одлука во кој се наведени правните основи за нејзино донесување, ниту еден од нив не содржи овластување за донесување на ваков акт од страна на Советот на Општината.

Судот, воедно уставно го проблематизира начинот на кој е уредено влегувањето во сила на оспорената одлука, која што влегла во сила со денот на донесувањето, наместо најрано со денот на објавување или пак осмиот ден од денот на објавувањето. Меѓутоа, тоа не ја конвалидира самата норма која е уставно-проблематична и задача на Судот е да ја оценува онака каква што е донесена, додека чинот на објавување е фактичко дејствие на овластените субјекти.

## 8. Основање на верско приватно средно училиште

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.198/2024

Датум на одлучување: 30 април 2025 година

Вид на одлука: Укинувачка

Диспозитив: СЕ УКИНУВА Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Медресеја Иса Беу“ – с.Кондово, Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.71/2024), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 26 март 2024 година.

**Резиме на факти и наводи**

По иницијативата поднесена од граѓанин се наведува дека согласно со уставната и законска нормативна рамка во Републиката не е дозволено црква, верска заедница и религиозна група да биде основач на приватно средно училиште во кое се организира и остварува настава за средно гимназиско образование од општествено-хуманистичко подрачје, јазично-уметничко подрачје и природно-математичко подрачје. Се нагласува дека верските заедници можат да основаат училишта, но тие можат да бидат од верски карактер во согласност со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. Според тоа, Исламската верска заедница има уставно и законско право да основа средно верско училиште за школување на верски службеници и таа веќе има основано такво училиште „Медреса Иса Бег“ коешто постои од 1984 година. Меѓутоа, основањето на ново Приватно средно училиште „Медреса Иса Беу“, коешто треба да биде гимназија основана од верска заедница, за која Владата дала одобрение со оспорениот акт, е целосно спротивно на Уставот и законот бидејќи основачот нема право да основа вакво училиште. Уставот не дозволува основање на верски гимназии по чиешто завршување учениците ќе можат да бираат школувањето да го продолжат на факултетите кои се достапни за останатите јавни гимназии, од причина што учениците што завршуваат верско средно училиште можат своето високо образование да го продолжат исклучиво на факултет каде се изучува верата.
Понатаму се наведува дека основањето од страна на верските заедници на училишта со статус и карактер еднаков на јавните училишта е спротивно на секуларниот карактер на државата и поради тоа што доведува до полова сегрегација на учениците.
Во иницијативата се укажува и на незаконитоста на оспорената одлука како спротивна на Законот за средно образование којшто во член 7 забранува верско организирање и дејствување и истакнување на верски симболи во средните училишта.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали оспорениот акт претставува пропис којшто подлежи на уставно-судска оценка?
- Дали со оспорената одлука на Владата постојното исламско верско училиште „Медреса Иса Бег“ од с. Кондово, формирано од страна на Исламската верска заедница, се трансформира во приватна гимназија со статус на училиште во кое ќе се изведува исклучиво граѓанска настава, според програми одобрени од Министерството за образование, или пак, постојното верско училиште „Медреса Иса Бег“ останува и натаму верско училиште, но во кое покрај верската настава ќе се остварува и настава според програмите на гимназиското образование одобрени од МОН?
- Дали целата постапка за основање на „Медресеја Иса Беу“ е веќе завршена во смисла на тоа дали основачот донел основачки акт, дали министерството донело решение за верификација на средното училиште, дали истото е заведено во Централниот регистар и во Централниот регистар за средни училишта којшто го води Министерството и конечно, дали ова училиште на 1 септември 2024 година почнало со работа и според кои прописи работи?
- Дали оспорената одлука е во спротивност со Амандманот VII на Уставот и со Законот за средно образование и Законот за правната положба на црква, верска заедница или религиозна група односно дали истата е во спротивност со уставната одредба за одвоеност на државата од верските прашања?
- Дали е сторена повреда на забраната за секакво политичко и верско организирање и дејствување во училиштата и да се организира верско образование?

## Образложение и став на Судот

Судот, во однос на содржината на оспорената одлука од аспект на нејзината несогласност со Амандманот VII на Уставот укажа на тоа дека според овој амандман, верските заедници можат да основаат само верски училишта во кои се предава веронаука, односно се проповеда и изучува конкретна религија. Уставно прокламираната одвоеност на државата и верските заедници значи дека државата мора да ја почитува уставно прокламираната автономија во однос на образовните активности на верските заедници на начин што ќе им го препушти на верските заедници основањето и организирањето на верските училишта и нема да се меша во изборот и реализирањето на програмите и содржината на верското образование.

Судот утврди дека доносителот на оспорената одлука сторил повреда уставната одредба за одвоеност на државата од верските прашања на начин што Владата дала согласност на верска заедница – Исламската верска заедница да основа гимназија, иако според Амандманот VII од Уставот, верските заедници можат да основаат само верски училишта во кои се предава веронаука, односно се проповеда и изучува конкретна религија. Такво училиште за изучување на исламската вера веќе постои, тоа е Средното исламско училиште „Медреса Иса Бег“ во с. Кондово коешто претставува едукативно-образовна институција на Исламската верска заедница која е негов основач и се грижи за остварувањето на едукативниот и образовниот процес и за плановите и програмите за верската поука. Системот на верското образование што го организираат верските заедници како основачи на верските училишта е целосно одвоен од системот на граѓанското образование како дејност од јавен интерес во кој не се промовира ниту една вера посебно, така што обидот за нивното мешање претставува повреда на уставниот принцип за одвоеност на државата и верата од Амандман VII на Уставот и на секуларниот карактер на македонското општество.

*Верските заедници можат да основаат само верски училишта во кои се предава веронаука односно се проповеда и изучува конкретна религија.*

*Системот на верското образование што го организираат верските заедници како основачи на верските училишта е целосно одвоен од системот на граѓанското образование како дејност од јавен интерес во кој не се промовира ниту една вера посебно.*

*Нивното мешање претставува повреда на уставниот принцип за одвоеност на државата и верата и на секуларниот карактер на македонското општество.*

## 9. Услови и постапка за исклучување на потрошувачи од системот за пренос и дистрибуција на топлинска енергија

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.5/2024 |
| Датум на одлучување: | 20 мај 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 54-а став 1 точки 1, 2 и 4 од Правилата за изменување и дополнување на Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/2020). |

## Резиме на факти и наводи

Според наводите, со оспорените одредби на член 54-а им е ускратено правото на потрошувачите да можат да се откажат од услугите за снабдување со топлинска енергија доколку минималната измерена внатрешна температура биде помала од 20+1°С. Воедно се наведува дека истите се дискриминаторски бидејќи наложуваат на барателите кои сакаат да се исклучат од системот за централно греење да изготват проект за греење и нелегитимно е барањето за исклучување да се достави на одлучување до снабдувачот со топлинска енергија.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со оспорените одредби од Правилата се повредува принципот на правната сигурност, а со тоа и на владеењето на правото како негов составен дел?
- Дали може со подзаконски акт да бидат пропишани услови и постапка за исклучување на потрошувачи од системот за пренос и дистрибуција?
- Дали ваквото подзаконско уредување е во согласност со Законот за енергетика?

## Образложение и став на Судот

Судот оцени дека Регулаторната комисија за енергетика, согласно со Законот за енергетика, може со подзаконски акт (правила за снабдување), да пропише услови и постапка за исклучување на потрошувачи од системот за пренос и дистрибуција, но само во случај кога потрошувачот престанал да ги исполнува обврските утврдени со закон, друг пропис и/или договор, а не и во случај кога потрошувачот сам и доброволно, со барање ќе се обрати до снабдувачот и ќе побара исклучување од системот.

*Регулаторната комисија за енергетика може со правила за снабдување, да пропише услови и постапка за исклучување на потрошувачи од системот за пренос и дистрибуција, но само во случај кога потрошувачот престанал да ги исполнува обврските утврдени со закон, друг пропис и/или договор, а не и во случај кога потрошувачот сам и доброволно, со барање ќе се обрати до снабдувачот и ќе побара исклучување од системот.*

Судот укажа на тоа дека вака предвиденото исклучување на корисниците, би требало да претставува еден вид санкција на тие корисници кои престанале да ги исполнуваат обврските, а не да се однесува и за исклучување корисници кои ги исполнуваат своите обврски и кои доброволно сакаат да се исклучат од системот.

Судот ја имаше предвид и судската пракса на Европскиот суд за човекови права и го наведе неговиот став изразен во Пресудата Стрезовски и други против Република Северна Македонија (Апликации бр.14460/16 и 7 други), „И мешањето во мирното уживање на сопственоста и воздржувањето од дејствија мора да ја постигнат правичната рамнотежа помеѓу барањата на опш-

тиот интерес на заедницата и потребата од заштита на индивидуалните основни права“. Оттука, Судот оцени дека Регулаторната комисија, при утврдувањето на наведените обврски не го зела предвид фактот дека со истите се наметнува несразмерен и прекумерен товар врз корисниците на услугите, спротивно на меѓународните стандарди за човекови права и слободи и посочи дека утврдените обврски од страна на Регулаторната комисија за сопствениците на посебни делови од објектите што бараат да се исклучат од системот за централно греење, не се во согласност со ставот на ЕСЧП.
Оттука, оспорените одредби од Правилата не се во согласност со темелната вредност на уставниот поредок – владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

## 10. Мандатот на членовите на Советот на јавни обвинители избрани од страна на јавните обвинители е позитивно оценет јавнообвинителски стаж

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.244/2024 |
| Датум на одлучување: | 20 мај 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 4 став 7 од Деловникот за работа на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.118/2021). |

**Резиме на факти и наводи**

До Судот беше поднесена иницијатива од јавен обвинител за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4 став 7 од Деловникот за работа на Советот на јавни обвинители од аспект на негова согласност со Амандманот XXX на Уставот и со одредби од Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавното обвинителство.
Се наведува дека во Законот за јавно обвинителство е уредено дека се оценува работата на јавниот обвинител, а не работата што ја врши јавниот обвинител на кој му мирува функцијата. Членовите на Советот на јавни обвинители не вршат јавнообвинителска функција и не можат да бидат оценувани, односно во овој период не можат да реализираат „позитивно оценет јавнообвинителски стаж“, а услов за унапредување во рамки на обинителството е позитивна оцена за јавнообвинителската работа, а не оцена за работата на други тела, независно од тоа дали таму имаат одлични резултати или пак биле разрешени од овие тела.
Според наводите, со оспорената одредба од Деловникот, Советот на јавни обвинители излегол надвор од рамките на уставното и законското уредување и уредил прашања коишто не можат да бидат предмет на регулирање со Деловник, а директни корисници на овие поволности се токму членовите на Советот на јавни обвинители.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со подзаконски акт можат дополнително да се пропишат права коишто не се уредени со закон?
- Дали може со подзаконски акт да може да се преиначат или прошират правата на избраните и именуваните членови на Советот на јавните обвинители?
- Дали мандатот на членовите на Советот на јавните обвинители може да влезе во позитивно оценет јавнообвинителски стаж?
- Дали доносителот на оспорениот акт може да пропише прашања од областа на правата на носителите на јавни функции и дали на таков начин се меша во законодавната власт?
- Дали со ваквото уредување во Деловникот се повредуваат темелните вредности владеење на правото и поделбата на власта од член 8 став 1 алинеи 3 и 4 и Амандманот XXX на Уставот?

## Образложение и став на Судот

Судот оцени дека со оспорената одредба од Деловникот, Советот на јавни обвинители, надвор од законските рамки дополнително пропишал права што законодавецот не ги уредил. Воедно, според Судот, во Законот за Советот на јавни обвинители и Законот за јавни обвинители не постои законско уредување за тоа дека мандатот на членовите на Советот избрани од страна на јавните обвинители влегува во позитивно оценет јавно обвинителски стаж туку напротив и согласно со член 7 став 4 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители, додека им трае мандатот во Советот, им мирува функцијата јавен обвинител односно не извршуваат јавнообвинителска функција. Не постои можност за преиначување или проширување на правата на избраните и именуваните членови на Советот на јавните обвиинители со подзаконски акт во наведените закони.

*Советот на јавни обвинители излегол надвор од уставно и законски утврдената надлежност со уредувањето во Деловникот мандатот на членовите на Советот на јавните обвинители да влегува во позитивно јавно-обвинителски стаж.*

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија нема уставно и законско овластување во подзаконски акт да пропишува прашања од областа на правата на носителите на јавни функции, поради што во конкретниот случај Советот излегол од уставно и законски утврдената надлежност.

Според Судот, не може со акт на самостоен и независен орган, чија уставна функција е да обезбеди и гарантира самостојност на јавните обвинители во извршување на нивната функција, да се пропишуваат значајни прашања од областа на правата на носителите на јавни функции и со тоа да се менува неприкосновената положба на Собранието како носител на законодавната власт.

Судот утврди дека оспорената одредба од Деловникот нема уставна и законска основа и е спротивна на член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 32 став 5,

точка 1 ставови 3, 8 и 10 на Амандманот XXX на Уставот, како и на одредби од Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

## 11. Додаток на плата за јавнообвинителска служба утврден со Правилник за додаток на плата на јавните обвинители

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.98/2023

Датум на одлучување: 11 јуни 2025 година
Вид на одлука: Укинувачка

Диспозитив: СЕ УКИНУВААТ член 1 во делот „и јавнообвинителските службеници", член 4, член 5, член 6 став 1 во делот „и јавнообвинителските службеници од член 4 на овој Правилник", член 6 став 3 и член 7 став 2 од Правилникот за додаток на плата, негова висина и начинот на утврдување во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

**Резиме на факти и наводи**

Јавнообвинителски службеници од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција застапувани од адвокатско друштво, до Уставниот суд поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредби од Правилникот за додаток на плата, негова висина и начинот на утврдување во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како спротивни на темелните вредности од член 8 став 1 алинеи 1, 3, 6 и 8 и членовите 9, 30, 32, 34, 51 и 54 од Уставот.

Според наводите со донесениот правилник, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како работодавач, без законско овластување дополнително го регулирал прашањето за исклучителната компонента од плата-додатоци на плата и нивната висина на јавнообвинителските службеници, коешто е уредено со закон. Во овој случај донесување правилник како подзаконски акт е дозволено за платите и додатоците на плати на јавните обвинители, согласно со Законот за плати на јавните обвинители, но не и за јавнообвинителските службеници, за кои во Законот за јавнообвинителската служба е утврдено дека висината и исплатата на додатоците на плата се утврдуваат со решение, а не на месечно ниво врз основа на правилници, одлуки и други подзаконски акти на работодавачот.

Во иницијативата се наведува и дека во услови кога јавнообвинителските службеници се стекнале со право за исплата на додаток на плата за посебни услови за работа, додаток на плата за постоење на висок ризик и додаток на плата за доверливост, додатоците не биле пресметани и исплатени при исплатата на месечната плата од страна на работодавачот, од причина што Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, повикувајќи се на оспорениот правилник, донел Одлука за месец април

2023 година со која го ограничил односно исклучил законски утврденото право на додатоци на плата и нивната висина како исклучителна компонента од платата, којашто, исто така, се оспорува пред Судот.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали постои правен основ за донесување на Правилникот во делот за јавнообвинителските службеници?
- Дали може со правилник, работодавачот без законско овластување дополнително да го регулира прашањето за исклучителна компонента од плата - додатоци на плата и нивната висина на јавнообвинителските службеници, што е уредено со закон?
- Дали јавниот обвинител треба да носи Правилник за додаток на плата на за јавнообвинителската служба?
- Дали оспорената одлука за месец април 2023 година претставува акт подобен за уставно-судска оцена?

## Образложение и став на Судот

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како работодавач, без законско овластување дополнително го регулирал прашањето за исклучителната компонента од плата - додатоци на плата и нивната висина на јавнообвинителските службеници, што е уредено со закон. Во овој случај, донесувањето правилник како подзаконски акт, има правен основ за платите и додатоците на плати на јавните обвинители, согласно со Законот за плати на јавните обвинители, но не и за јавнообвинителските службеници за кои во Законот за јавнообвинителската служба е утврдено дека висината и исплатата на додатоците на плата се утврдуваат со решение, а не врз основа на подзаконски акти на работодавачот.

*Спротивно е на темелната вредност владеењето на правото и на уставното начело на уставност и законитост со правилник којшто нема законски правен основ за јавнообвинителските службеници да се утврдува висината и исплатата на додатоците на плата.*

Судот оцени дека со оспорените одредби од Правилникот се повредува темелната вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија – владеењето на правото и член 51 од Уставот, како и член 72 став 3 од Законот за јавнообвинителска служба.
Во однос на оспорената одлука за месец април 2023 година, Судот утврди дека истата има карактер на интерен акт со кој се уредуваат поединечно за секој месец додатоците на плата, нивната висина и начинот на нивното утврдување за јавните обвинители и јавнообвинителските службеници и истата не е пропис во смисла на означената уставна одредба, поради што Судот не е надлежен да одлучува за нејзината уставност и законитост.

## 12. Донесување подзаконски акт надвор од законските овластувања на доносителот на актот

### Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.172/2024

Датум на одлучување: 11 јуни 2025 година

Вид на одлука: Укинувачка

Диспозитив: СЕ УКИНУВА Правилникот за формата и содржината на Јавниот оглас, начин на поднесување на пријавата за вработување на давателите на услуги - здравствени работници и соработници, како и начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидатите за работното место за кое е објавен јавниот оглас, рангирање, тестирање и спроведување на интервју, донесен од Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола.

### Резиме на факти и наводи

До Судот беше поднесена иницијатива од граѓанин, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот акт како спротивен на член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и членовите 160 и 161 од Законот за здравствена заштита и член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Според наводите, Управниот одбор на ЈЗУ Клиничката болница, нема надлежност да донесува правилници како подзаконски акти од причинашто од законските одредби произлегува кои органи на управата имаат право да носат правилници за доработување на некои постапки и правни работи.

Воедно, се наведува дека согласно со одредбите од Законот за здравствена заштита не е предвидено носење правилник за регулирање бодови од интервју бидејќи тоа е уредено со Законот. Меѓутоа со одредбите од Правилникот интервјуто се бодува многу повеќе од успехот на медицинските студии и стручниот испит. Законот го предвидува интервјуто, само доколку врз основа на бодовите не може да се направи ранг-листа, односно ако има кандидати со ист број бодови, при што самото интервју не може да носи 80 бода, кога во Законот се пропишани вкупно 100 бода за целата постапка.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали постои законски правен основ за донесување на правилник од страна на Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола?

- Дали донесителот на актот излегол надвор од своите законски утврдени надлежности?
- Дали е повредена темелната вредност на владеењето на правото и уставниот принцип на уставност и законитост со носење на акт за кои не постои законски основ за негово донесување?

### Образложение и став на Судот

Судот укажа на тоа дека правилниците по својата правна природа се подзаконски акти што се носат во функција на операционализација на законските норми, за што мора да постои законско овластување за донесителот на ваквите акти, како што е пропишано со член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

*Донесувањето на подзаконски акти за кои нема законски основ е спротивно на владеењето на правото.*

Воедно, надлежностите на управниот одбор на јавните здравствени установи, утврдени во Законот за здравствената заштита, не опфаќаат регулирање на прашања коишто се предмет на уредување на оспорениот правилник.
Судот утврди дека донесителот на оспорениот правилник ги пречекорил своите овластувања, повредувајќи ја темелната вредност на уставниот поредок владеење на правото, член 51 од Уставот, според кој во правниот поредок не може да егзистираат прописи за кои не постои основ со закон за нивното донесување, како и член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита.

## 13. Автентично толкување на општи акти на совет на општина, без законски основ

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.23/2024 |
| Датум на одлучување: | 18 јуни 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 18 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кривогаштани |

### Резиме на факти и наводи

Уставниот суд согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2019, 256/2020 и 65/2021), оформи предмет по сопствена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од Деловникот на Советот на Општина Кривогаштани.

Причина за неуставноста и незаконитоста на актот е тоа што општините немаат надлежност да даваат автентично толкување на прописите што е спротивно на владеењето на правото и уставната обврска за усогласеност на прописите со Уставот и законите, определена во член 51 од Уставот, како и со одредбите од Законот за локалната самоуправа во кој се уредени овластувањата на единиците на локалната самопуправа.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Советот на Општината како орган на локалната самоуправа е надлежен да дава автентично толкување на прописите што ги донесува?
- Дали членовите на Советот на Општината имаат право на седниците на Советот да поднесат барање за давање автентично толкување на прописите?
- Дали Советот на Општината ги пречекорил своите законски овластувања со предвидување на институтот „автентично толкување“ во оспорената одредба од Деловникот?
- Дали ваквото уредување во Деловникот го повредува владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот?

## Образложение и став на Судот

Уредување на одредби за автентично толкување на општи акти во деловник или статут на општина, без законски основ, е неуставно и незаконито, следствено, уредување на право на член на совет на општина на седниците на советот да поднесува барање за давање на автентично толкување на прописите, е неуставно и незаконито.

Законот за локалната самоуправа, не содржи одредби од кои произлегува надлежност за совет на општина да може да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот дава овластување на општините да можат, во своите прописи (деловник или статут) да уредат одредби за давање автентично толкување на општи акти, па оттука, Советот на Општина Кривогаштани излегол надвор од своите законски надлежности уредувајќи во Деловникот на Советот на Општината, право на членовите на Советот на Општината да можат на седниците на Советот да поднесат барање за давање на автентично толкување на прописите.

> *За органите на локалната власт, со закон не е предвиден институтот автентично толкување на општите акти - што ги донесуваат.*

Оттука, Судот оцени дека одредбата не е во согласност со владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и уставната обврска за усогласеност на прописите со Уставот и законите, определена во член 51 од Уставот, како и со одредбите од Законот за локалната самоуправа во кој се уредени овластувањата на единиците на локалната самоуправа.

## 14. Автентично толкување на општи акти на совет на општина, без законски основ

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.65/2024 |
| Датум на одлучување: | 18 јуни 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА насловот на поглавјето 9 „Автентично толкување на општи акти” и членовите 100, 101 и 102 од Деловникот на Советот на Општина Ресен. |

### Резиме на факти и наводи

Уставниот суд согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202 /2019, 256/2020 и 65/2021), оформи предмет по сопствена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на насловот на поглавјето 9 „Автентично толкување на општи акти” и членовите 100, 101 и 102 од Деловникот на Советот на Општина Ресен.
Причина за неуставноста и незаконитоста е тоа што општините немаат надлежност да даваат автентично толкување на прописите што е спротивно на владеењето на правото и уставната обврска за усогласеност на прописите со Уставот и законите, определена во член 51 од Уставот, како и со одредбите од Законот за локалната самоуправа, во кој се уредени овластувањата на единиците на локалната самопуправа.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Советот на Општината како орган на локалната самоуправа е надлежен да дава автентично толкување на прописите што ги донесува?
- Дали Советот на Општината ги пречекорил своите законски овластувања со предвидување на институтот „автентично толкување“ во оспорениот деловник?
- Дали ваквото уредување во Деловникот го повредува владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот?

### Образложение и став на Судот

Судот укажа на тоа дека Законот за локалната самоуправа не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат поради што уредувањето на

одредби за автентично толкување на општи акти во деловник на општина, без законски основ, е неуставно и незаконито.
Судот утврди дека Советот на Општина Ресен излегол надвор од своите законски надлежности предвидувајќи во Деловникот на Советот на Општината поглавје што се однесува на институтот „автентично толкување“ и членовите 100, 101 и 102 што се содржани во ова поглавје.

*За органите на локалната власт, со закон не е предвиден институтот автентично толкување на општите акти - што ги донесуваат.*

Станува збор за прашање коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат.
Оттука, со оглед на тоа дека органите на локалната власт немаат законска основа за давање автентично толкување, не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот, поради што Судот оцени дека оспорените одредби од Деловникот на Општина Ресен не се во согласност со владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и уставната обврска за усогласеност на прописите со Уставот и законите, определена во член 51 од Уставот, како и со одредбите од Законот за локалната самоуправа во кој се уредени овластувањата на единиците на локалната самоуправа.

## 15. Предвидување различни коефициенти за пресметување авторски надоместок

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.197/2024 |
| Датум на одлучување: | 25 јуни 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВААТ членовите 47 и 48 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/2014 и 36/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/2023, 263/2023, 286/2023, 135/2024, 218/2024 и 275/2024). |

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива од граѓанин за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 46 став 7 и член 47 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци, како спротивни на член 9 од Уставот и на Законот за авторското право и сродните права.
Според наводите, уставното начело за еднаквост се однесува и на принципите според кои се третираат различните видови авторски дела и секое лице има право на еднаквост пред законот што треба да се применува и на правата и обврските кои произлегуваат од законите, правилниците и други нормативни акти.

Бидејќи со оспорените одредби се воведуваат различни коефициенти кои директно или индиректно фаворизираат одредени дела пред други, без да има за тоа разумен и оправдан основ, се прекршува начелото на еднаквост, бидејќи авторите на тие дела се ставаат во нееднаква положба.
Судот, согласно со член 26 од Актот на Судот, надвор од наводите на иницијативата и одредбите што се оспорени со истата, ја оценуваше уставноста и законитоста и на член 48 од истиот правилник. Ова од причина што не само што оваа одредба е во функција на понатамошна разработка на предвиденото со член 47 од Правилникот, туку и поради начинот на кој тоа е уредено, што според Судот, може уставно-правно да се проблематизира.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со член 47 од Правилникот е предвидено различно и пониско вреднување на авторските музички дела, а со тоа се предвидени и различни коефициенти за пресметување на авторски надоместок?
- Дали критериумите за раздвојување на авизо музиката и кулисната музика содржани во член 47 од Правилникот имаат основа во Законот?
- Дали со уредувањето во членот 47, авторите на музичките дела на кои се однесува оваа одредба се ставени во понеповолна положба од другите автори за кои важи општото правило за вреднување на користењето на нивните авторски дела?
- Дали е повреден принципот на правичност, како законски утврден принцип и правото на сопственост со уредувањето во членовите 47 и 48 од Правилникот?

## Образложение и став на Судот

Судот оцени дека постои законско овластување на доносителот на Правилникот за правно уредување на подзаконско ниво, но начинот на кој е уредено вреднувањето во овој дел, не е во согласност со одредбите од Законот за авторското право и сродните права, на што доносителот на овој акт е обврзан со член 144 став 1 од Законот.

*Има повреда на сопственоста и принципот на еднаквост со различните коефициенти за пресметување на авторски надоместок од причина што одредени автори на музички дела се во понеповолна положба од други автори.*

Во однос на применетите критериуми за раздвојување на авизо музиката и кулисната музика содржани во воведната реченица од член 47 од Правилникот, Судот утврди дека истите не се засновани во Законот. Имено, тие произлегуваат од формата преку која се изразуваат овие музички дела, а не од видот на делото како што предвидува Законот.
Со ограничувањето на вкупното ефективно траење на музичкото дело користено како авизо и кулисна музика во одредена класа на распределба за одреден пресметковен период се оневозможува овие авторски музички дела да бидат вреднувани во случаите кога ќе ги надминат предвидените прагови што е спротивно на тоа дека авторот има право на правичен надомест за секое користење на делото, при што и во овој

дел станува збор за повреда на уставните норми со кои се гарантира сопственоста и принципот на еднаквост.
Судот оцени дека со уредувањето во членовите 47 и 48 од Правилникот, авторите на музичките дела на кои се однесува оваа одредба, се ставаат во понеповолна положба, поради што не можат да ги остварат материјалните права од нивните дела во ист обем како другите автори за кои важи општото правило за вреднување што се смета за повреда на уставните норми со кои се гарантира сопственоста и принципот на еднаквост.

## 16. Законско овластување за дефинирање со подзаконски акт на резидентно и нерезидентно население при Попис на населението домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.251/2024 |
| Датум на одлучување: | 25 јуни 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВААТ дел II „Општ дел“ точка 5 потточка 1 во делот „,Вкупно резидентно население’ го сочинуваат следните лица - единици на Попис“ и потточка 2 во делот „,Вкупно нерезидентно население го сочинуваат следните лица - единици на Попис“ од Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/2021). |

**Резиме на факти и наводи**

До Судот беше поднесена иницијативата од граѓанин за оценување на уставноста и законитоста на делови од Методологијата, како спротивни на член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 став 1 точка 1 алинеја 1 и член 17 став 2 алинеја 1 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.
Според наводите, категориите „вкупно резидентно население“ и „вкупно нерезидентно население“, не се предвидени со член 6 став 1 алинеја 1 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, ниту директорот на Државниот завод за статистика, согласно одредбите од овој закон, има овластување да воведува посебни категории во Методологијата.
Со Методологијата, според наводите, треба да се дефинираат единиците коишто ќе се попишуваат и белезите за кои ќе се прибираат податоците, а не да се прави нивна категоризација со што е создадена правна несигурност,

бидејќи Државниот завод за статистика како надлежен орган за водење пописна политика, наместо да ги спроведува актите на Собранието како носител на законодавната власт, постапува спротивно на законското овластување и предвидува категории коишто не се предвидени во Законот, а директорот се става во улога на создавач на норма, односно законодавец, спротивно на член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот.
Со оспорените делови се повредува и еднаквоста на граѓаните гарантирана со член 9 од Уставот, бидејќи тие се еднакви во остварувањето на нивните права, без разлика дали се резиденти или нерезиденти.
Предвидената категоризација во Методологијата е основ за различен третман, бидејќи на одреден граѓанин единствено поради фактот што не се наоѓа во државата при спроведувањето на пописот, му се скратуваат одредени права, меѓу кои е правото на вработување со оглед дека државната политика за вработување во државната администрација се креира врз основа на бројките од пописот.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со Методологијата може да се прави категоризација на населението различно од она што е уредено со Законот?
- Дали оспорените делови од Методологијата го повредуваат владеењето на правото и уставното начело на уставност и законитост?

## Образложение и став на Судот

За Судот е неспорно постоењето на законско овластување за директорот на Државниот завод за статистика со подзаконски акт, да уреди прашања определени со закон. Овластувањето се состои во тоа, директорот со подзаконски акт утврден со закон (Методологија), да ги пропише дефинициите на единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци.

*Спротивно е на владеењето на правото и на начелото на уставност и законитост уредување со подзаконски акт којшто излегува надвор од законските рамки.*

Судот оцени дека со оспорените делови од Методологијата не се дефинираат единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци, како што е предвидено со Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, туку се прави категоризација за што директорот на Државниот завод нема овластување, поради што истите не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и член 17 став 2 алинеја 1 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година.

## 17. Повреда на уставниот рок за објавување на прописите во „Службен весник на Република Северна Македонија“

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.148/2023 |
| Датум на одлучување: | 17 септември 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија. |

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива од граѓанин за поведување постапка за оценување на уставноста на Правилникот од причина што истиот не е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во уставно предвидениот рок од седум дена од денот на неговото донесување, што е спротивно на член 52 од Уставот.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со објавувањето на оспорениот правилник во „Службен весник на Република Северна Македонија“ е пречекорен рокот предвиден во член 52 став 2 од Уставот?
- Дали со пропуштањето на рокот за објавување на оспорениот правилник се повредува владеењето на правото и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти?

### Образложение и став на Судот

Судот укажа на тоа дека имајќи го предвид карактерот и значењето на објавувањето на законите и другите прописи, Уставот на Република Северна Македонија утврдил обврска, но и рок тие да се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија”, како службено гласило на Републиката. Објавувањето на законите и другите прописи е во функција на обезбедување на владеење на правото и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти.

> *Пречекорувањето на уставно предвидениот рок за објавување на прописите во службеното гласило претставува повреда на владеењето на правото, член 51 и член 52 став 2 од Уставот.*

Оттука, Судот утврди дека во конкретниот случај е пречекорен уставно пропишаниот рок од седум дена за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, поради што оспорениот правилник не е во согласност со член 52 став 2 од Уставот, од аспект на наводите во иницијативата, како и со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот.

## 18. Повреда на еднаквоста и правото на сопственост со различното вреднување на авторските музички дела во однос на периодот на емитување

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.268/2024 |
| Датум на одлучување: | 22 октомври 2025 година |
| Вид на одлука: | Поништувачка |
| Диспозитив: | СЕ ПОНИШТУВА член 46 став 7 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија бр.141/2014 и 36/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/2023, 263/2023, 286/2023, 135/2024, 218/ 2024, 275/2024 и 215/2025). |

**Резиме на факти и наводи**

Во иницијативата поднесена од граѓани се наведува дека со измените и дополнувањата на Правилникот, доносителот на актот (ЗАМП) прави противуставно, противзаконско и произволно изедначување на сите радија и телевизии, без разлика дали се на локално, регионално или државно ниво и тоа во поглед на категориите, репартициските класи и паричните фондови на репартициските класи. На овој начин, според наводите, ЗАМП се поставил во улога на законодавец и го немал предвид Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како единствен материјален закон кој ја прави поделбата и категоризацијата на давателите на аудиовизуелните медиумски услуги, преку определување услови, критериуми, начин и постапка за издавање дозвола на државно, регионално и локално ниво за обезбедување телевизиско и радио емитување.
Во Правилникот за тарифата и претходно важечките одредби од Правилникот за распределба на авторските надоместоци, во однос на користењето авторски музички дела, испочитувана е законската рамка и пазарната логика за медиумите, како што е уредено во Законот за аудио и аудиовизуелни услуги, а со оспорените измени и дополнувања, целосно се отстапува од овој закон, со занемарување на сите суштински особености што го квалификуваат еден медиум како државен, регионален или локален, при што врз основа на Правилникот за тарифа се пресметуваат и наплатуваат надоместоци за користење на делата од секој медиум.
На овој начин, оспорените одредби го повредуваат член 51 од Уставот и член 8 од Уставот во однос на владеењето на правото и начелото на

легитимни очекувања, бидејќи создаваат општа и правна несигурност кај авторите во поглед на категоризацијата на медиумите, надоместоците што медиумите го плаќаат за користење авторски музички дела и би ги добиле авторите за емитување на нивните дела.
Се нагласува дека со оспорените одредби ЗАМП, произволно и без никаква правна, финансиска или каква била оправданост, одредува класи по своја волја и ги става сите медиуми во иста категорија (класа 100 за сите радија и класа 300 за сите телевизии). Таквото групирање претставува најгрубо кршење на правото на сопственост и обид за кражба на материјалните средства коишто ги остваруваат и припаѓаат на авторите по основ на користење на нивните авторски дела од страна на МРТ или телевизиите и радијата на државно ниво.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали со уредувањето во оспорениот правилник сите радиодифузери се изедначуваат и се повредуваат правилата на конкуренција, иако се разликуваат во поглед на достапноста и можноста за слушаност на нивната програма од страна на различен број на публика во зависност од територијата на која зрачат програма и за што соодветно плаќаат надоместоци на ЗАМП во различна висина?
- Дали постои основ и оправданост за различно (и неповолно) третирање на авторските дела во однос на периодот во кој биле користени во рамките на иста репартициска класа?
- Дали предвидувањето на периодот на користење или употреба на авторското музичко дело е разработка на основите предвидени со член 66 став 1 од Законот за авторското право?
- Дали е правно релевантен бројот на крајни корисници при утврдувањето на критериумите за распределба на авторските надоместоци за музичките дела кои биле користени?
- Дали има ограничување на начинот на уредување на правилата за распределба на авторските надоместоци со правично определување на временски рамки во кои авторските музички дела би биле емитувани?

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека оспорениот правилник се однесува на уредување на авторските и сродните права на музички дела, за кои Законот за авторското право и сродните права, не прави дистинкција дали станува збор за музичко дело кое се користи на национално, регионално или локално ниво, ниту пак таква поделба објективно е можна.
Правото на авторскиот надоместок произлегува од самиот факт на користење, каде се вреднува пред сè времето на негово користење, при што се зема предвид видот (начинот) на кој е користено и тоа во случајот е уредено со подзаконски акт.
Според Судот, фактот во кој период од денот едно музичко дело било користено, не може да биде критериум за вреднување на авторските музички дела. Согласно со законската рамка, авторот се стекнува со право на надоместок за своето музичко дело и истиот му се распределува само во случај кога

неговото дело е користено од страна на радијата и телевизиите на начин да е јавно соопштено како несценско музичко дело во формите предвидени со Законот. Притоа, користењето се вреднува според неговото времетраење што е општо правило коешто се однесува на сите авторски музички дела подеднакво и има свој основ во законското начело за право на авторот на правичен надомест за секој вид користење на неговото дело. Наспроти ова, предвидувањето на периодот на користење го дерогира ова правило и суштински му противвречи, каде самиот факт на користење на делото се минимизира, а се вреднува периодот кога е користено самото дело. Дополнително, не само што нема основ, ниту разумна оправданост за ваквото уредување, туку истото авторите чии дела се емитувани во тој период, ги става во нееднаква положба и не можат да ги остварат материјалните права од нивното авторско музичко дел во ист обем како другите автори чии дела се емитуваат во другиот период, што претставува повреда на уставните норми со кои се штити сопственоста.

*Се повредува владеењето на правото доколку со подзаконски акт со кој се разработуваат законски одредби, надвор од законот да се воведува нов основ за определување авторски надоместок.*

*Се повредува и принципот на еднаквост и правото на сопственост со тоа што различно се вреднуваат авторските музички дела во однос на периодот на емитување.*

## 19. Повреда на постапката за донесување на детален урбанистички план

**Основни податоци:**

Број на предмет: УЗ.бр.6/2025

Датум на одлучување: 22 октомври 2025 година

Вид на одлука: Укинувачка

Диспозитив: СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување на Предлог-деталниот урбанистички план за нас. „ДЕВЕАНА“ УЕ „Д“ блок „Д5“ – дел, со плански период 2018 - 2023(1ха) - Општина Кичево од 18.07.2023 година.

**Резиме на факти и наводи**

Граѓанин поднесе иницијатива до Уставниот суд, со наводи дека оспорената одлука не е во согласност со владеење на правото и член 51 од Уставот, како и со одредби од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
Се наведува дека Деталниот урбанистички план не е во согласност со Генералниот урбанистички план, и со тоа Одлуката е спротивна на член 51 од Уставот. Воедно, според наводите, со донесената одлука бил изменет претходниот урбанистички план на начин што КП 4368/1 која е во сопственост на Република Северна Македонија и која претставува улица, а подносителот на иницијативата ја користел за пристап до својата куќа и двор, со

измената еден дел од парцелата се припоила на градежната парцела 5.20 и била оставена можност корисникот на таа парцела да ја откупи и на тој начин да го попречи патот – пристапот до неговиот дом.
Според наводите, со нејзиното донесување не бил остварен јавниот интерес, ниту приватниот интерес, што доведува до правна несигурност на граѓаните.
Исто така, се наведува дека во постапката за донесување на оспорената предлог-одлука, спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање, надлежниот орган не објавил повик за јавна презентација и анкета со што сите заинтересирани лица би имале можност да дадат свои забелешки и предлози.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали надлежниот орган постапил согласно со законските норми односно дали писмено го известил секое лице што поднело анкетен лист со образложение за прифаќање или неприфаќање на неговите забелешки или предлози?
- Дали е објавена Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена на веб-страницата на Општината?
- Дали бил испочитуван принципот на транспарентност на процесот на изработка и донесување на урбанистичкиот план?

## Образложение и став на Судот

Од причина што пред Судот не беа презентирани докази за дадено известување за прифатени или неприфатени забелешки истакнати во анкетните листови, како и дека Одлуката за неспроведување на стратегиска оценка е објавена на веб-страницата на Општината, се утврди дека не е запазена постапката за донесување на деталниот урбанистички план предвидена со Законот за просторно и урбанистичко планирање и со Законот за животна средина, што е во спротивност со член 35 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, а со тоа и на член 8 став 1 алинеи 3, 9 и 10, член 24 и член 51 од Уставот. Судот укажа дека во постапката за изработување на урбанистичките планови треба да се овозможи директно и ефикасно учество на граѓаните и јавноста во уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата како темелна вредност на уставниот поредок.

*Непочитувањето на фазите на постапката за донесување на деталните урбанистички планови пропишани со закон, води кон повреда на темелните вредности утврдени во член 8 став 1 алинеи 3, 9 и 10 од Уставот.*

## 20. Необезбедено потребно мнозинство гласови за донесување детален урбанистички план

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.119/2024 |
| Датум на одлучување: | 24 декември 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување изменување и дополнување на Детален урбанистички план Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје, од 18 јули 2014 година, во делот на сегашната градска четврт Ј 05-локалитет Барутана кој го опфаќа само блок 9. |

### Резиме на факти и наводи

Граѓанин поднесе иницијатива со која се оспорува Одлуката за донесување изменување и дополнување на Детален урбанистички план Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје, како спротивна на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и одредби од Законот за локална самоуправа и Законот за просторно и урбанистичко планирање.
Се наведува дека оспорената одлука донесена на седница на Советот на Општина Центар, на која во моментот на гласање од вкупно 23 члена на Советот, биле присутни вкупно 12 члена на Советот, при што „за" гласале 11 члена, додека 1 член гласал „против". Со оглед на тоа дека не било обезбедено потребното мнозинство од 12 гласа „за", повреден е член 62 став 2 од Законот за локална самоуправа.
Воедно се наведува дека оспорената одлука не била усогласена со ГУП на Град Скопје, со што истата е во спротивност и со член 11 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали оспорената одлука е донесена со предвиденото законско мнозинство гласови од советниците на Општината?
- Дали начинот на донесувањето на оспорената одлука го повредува владеењето на правото и правната сигурност како нејзин составен дел, а со тоа и принципот на уставност и законитост од член 51 од Уставот?

### Образложение и став на Судот

Судот утврди дека во конкретниот случај при донесувањето на оспорената одлука биле присутни 12 члена од вкупно 23 члена, при што „за” гласале 11 члена, а еден член гласал „против”, од што произлегува дека при донесувањето на оспорената одлука, не било обезбедено потребното мнозинство гласови за нејзино законско и легитимно донесување во моментот на гласање, колку што според Законот за локална самоуправа е потребно за полноважно донесување на прописи, односно одлука за урбанистички план.

*Необезбеденото потребно мнозинство гласови согласно со закон при донесување на детален урбанистички план претставува повреда на владеење на правото и на закон.*

Оттука, Судот оцени дека оспорената одлука, само по однос на градска четврт Ј 05-локалитет Барутана кој го опфаќа само блок 9, не е во согласност со член 62 став 2 од Законот за локалната самоуправа, како и со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Воедно, Судот укажа и Одлуката У.бр.80/2021 од 25 јануари 2023 година, со која Судот ја укина Одлуката на Советот на Општина Центар-Скопје, бидејќи истата не била донесена со мнозинство гласови, идентично како и сега оспорената одлука при што Судот го променил својот став во однос на неговата надлежност по однос на оценка на оваа фаза од носењето на деталните урбанистички планови.

## 21. Пречекорување на законските надлежности Агенцијата за супервизија на осигурувањето

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.193/2024 |
| Датум на одлучување: | 24 декември 2025 година |
| Вид на одлука: | Укинувачка |
| Диспозитив: | СЕ УКИНУВА член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/2024). |

### Резиме на факти и наводи

Граѓани поднесоа иницијатива до Уставниот суд, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од измените и дополнувањата на Правилникот, со наводи дека не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 23, 24 и 66 од Законот за супервизија на осигурувањето.

Се наведува дека со оспорениот член од Правилникот се определува дополнителна обврска на надзорниот одбор за спроведување на постапка за оцена на условите за вршење на функцијата член на орган на управување на друштвото за осигурување, при што во Законот за супервизија на осигурувањето не е предвидена таква обврска, ниту пак е предвидена можност за донесување на дополнителен подзаконски акт за разработка на условите за избор на член на орган на управување.
Од одредбите на овој закон, според наводите, јасно произлегува дека постои неусогласеност помеѓу оспорениот правилник и Законот којшто не дозволува такво овластување и должност за надзорниот одбор.
Со измените и дополнувањето на оспорениот правилник се определуваат дополнителни надлежности на надзорниот одбор надвор од оние што се определени во важечките законски прописи на начин што се бара согласност од надзорниот одбор во поглед на изборот и именувањето на членовите на органот на управување на осигурителното друштво што е спротивно на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали е правно оправдано надзорните органи да носат интерни акти со кои се воведуваат нови постапки и нови дополнителни услови за избор на член на орган на управување, а коишто не се предвидени со закон?
- Дали со ваквото уредување во Правилникот, Агенцијата за супервизија на осигурувањето преку Советот на експерти се ставила во улога на законодавец воведувајќи нормативна регулација на материја којашто е предмет на законско уредување преку подзаконски акт?
- Дали Агенцијата на ваков начин ги пречекорила нејзините законски овластавување и следствено на тоа повредени се темелните вредности владеење на правото и поделбата на власта?

## Образложение и став на Судот

*Воведување нормативна регулација на материја што е предмет на законско уредување преку подзаконски акт и наметнување на обврски за донесување и спроведување интерни политики и постапки кај осигурителните друштва, претставува повреда на владеењето на првото и поделбата на власта како темелни вредности.*

Судот укажа дека во Законот за супервизија на осигурувањето, како *lex specialis*, и Законот за трговските друштва, како *lex generalis*, во делот на надлежностите на назорниот орган на друштвата, не е регулирана надлежност на надзорниот одбор да донесува политика за избор и оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на органот на управување и да спроведува постапка на оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на органот на управување, на начин како што Агенцијата за супервизија на осигурувањето го предвидела со измените и дополнувањето на Правилникот. Имено, според Судот, Агенцијата за супервизија на осигурувањето како регулаторно тело нема експлицитна законска надлежност да задолжува органи на осигурителните друштва да

донесуваат интерни политики и постапки, при што со ваквото уредување Агенцијата, преку Советот на експерти, се поставила над Собранието на Република Северна Македонија, воведувајќи нормативна регулација на материја што е предмет на законско уредување и претставува пречекорување на нејзините законски овластувања што е во спротивност со темелните вредности на уставниот поредок - владеење на правото и поделбата на власта.

## III.2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

### III.2.1. ОДБРАНИ ПРЕДМЕТИ ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЗАКОНИ ИЛИ НИВНИ ОДРЕДБИ

### 1. Урбанистички проект за градби од стратешки интерес

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.138/2023 |
| Датум на одлучување: | 5 февруари 2025 година |
| Диспозитив: | НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 111/2023). |

**Резиме на факти и наводи**

Во наводите на иницијативата поднесена од Хелсиншкиот комитет за човекови права од Скопје, се наведува дека и покрај постојната законска регулатива за планирање на просторот и точно утврдената постапка за одобрување и изработка на урбанистички проекти, со оваа измена на Законот се вметнува нова категорија – урбанистички проект за градби од стратешки интерес. За овој вид на урбанистички проект со оспорените одредби се предвидуваат нови правила за негова изработка и донесување, коишто се различни од постоечките, а со цел тие да се заобиколат така што ќе се прескокнат фазите во процесот на одобрување на урбанистичките проекти предвидени во член 62 од Законот за урбанистичко планирање.
Според наводите, во Законот нема утврдено јасни рамки за тоа какви сѐ видови градби може да се сметаат за градби од стратешки интерес и на ваков начин се воведуваат олеснети правила за овој вид градби и се елиминираат заштитните механизми во сферата на урбанистичкото планирање. Се наведува дека урбанистичките проекти за градби од стратешки интерес нема да се изработуваат за нивната законски утврдена цел (разработка и спроведување на урбанистичките планови), туку за градби од стратешки интерес со што се напуштаат правилата за хиерархијата на урбанистичките планови бидејќи урбанистичкиот проект се издигнува над урбанистичките планови кои се документи од повисоко хиерархиско ниво.

Исто така, според наводите, спорна е надлежноста на Владата за одобрување на проектите од стратешки интерес, бидејќи со тоа индиректно се одземаат ингеренциите на локалната самоуправа без соодветно утврдена постапка и потреба за тоа.

## Образложение и став на Судот

За Судот не е спорно дека државните патишта, железничките пруги, магистралните гасоводи и други градби претставуваат добра во општа употреба и јавен интерес и дека државата има право да одлучува за нивната изградба заради остварување на стратешката цел за сообраќајно поврзување на Република Северна Македонија на инфраструктурните коридори 8 и 10. Од тие причини законодавецот со овој закон го определил јавниот интерес за планирање и изградба на овие инфраструктурни објекти и со посебни одредби во одделните закони утврдил посебни процедури за урбанистичко планирање и градење на овие објекти коишто се карактеризираат со пократки рокови на постапување и скратување на определени фази од редовната постапка за урбанистичко планирање.

*Законодавецот има право да предвиди патните коридори да се планираат врз основа на урбанистички проект за градби од стратешки интерес со поедноставени фази и скратени рокови затоа што тоа се објекти од стратешки интерес утврден со посебен закон што го поминал тестот на уставноста.*

При градењето на правното мислење по овој предмет Судот го имаше предвид фактот што со Решението У.бр.85/ 2021 од 09.12.2021 година, Уставниот суд не поведе постапка за оценување на уставноста на предметниот закон со кој беше утврден јавниот интерес за изградбата на коридорите 8 и 10. Во ова решение Судот изрази став дека законодавецот има право со посебен закон да ги уреди деталите во врска со планирањето, проектирањето и употребата на дел од Коридорот 8 и Коридорот 10 имајќи ја предвид спецификата на материјата која се уредува и притоа да ја исклучи примената на други закони во целост или делумно во врска со сите прашања уредени со овој закон, односно од уставноправен аспект го оправда донесувањето на овој посебен закон со повикување на принципот *lex specialis derogat legi generali*.

Оттука, Судот утврди дека оспорените измени и дополнувања на Законот за урбанистичко планирање се донесени заради имплементација на проекти од стратешки интерес утврден со посебен закон којшто го поминал тестот на уставноста, поради што не го постави прашањето за неговата согласност со уставните одредби од член 8 алинеи 3 и 10, член 43, член 50 и член 51 од Уставот.

## 2. Финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство со утврдување надоместок за авиопревозниците

### Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.89/2024

Датум на одлучување: 5 февруари 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на член 21 став 1 алинеја 5 и ставовите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Законот за воздухопловство.

### Резиме на факти и наводи

Во иницијативата поднесена од граѓанин, се наведува дека со оспорените одредби од Законот, Републиката не обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, односно воздушниот сообраќај не е супериорен над другите начини за превоз па за него да се издвојуваат посебни надоместоци од секој патник во заминување од аеродромите на Република Северна Македонија, за потребите на Агенцијата за цивилно воздухопловство и за унапредување на воздухопловството што е спротивно на член 55 од Уставот. Исто така, потенцира дека овие законски одредби претставуваат уцена кон авиопревозникот кој доколку не ѝ плати на Агенцијата се соочува со повлекување на одобрението за летање или пак нема да му издаде одобрение за летање.

### Образложение и став на Судот

Судот укажа на тоа дека право е на законодавецот со закон да утврдува одредена политика и соодветно да ги димензионира правата и обврските на субјектите во одредена област, како што е тоа уредено и во конкретниот случај во сферата на воздухопловството.

*Право на законодавната власт е со закон да ги утврди јавните давачки за обврзници коишто вршат иста дејност (авиопревозници). Еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот, не обврзува да бидат во иста положба сите обврзници на јавни давачки, туку обврзниците на еден ист вид јавна давачка, како што е во конкретниот случај со финансирањето на Агенцијата.*

Уставно право на законодавецот е со закон да ги утврди јавните давачки, коешто право не е ограничено ниту во однос на предметот, ниту во однос на субјектите на јавната давачка и во рамките на остварувањето на ова право со закон може да се воведе за одредени обврзници одделен вид обврска за јавна давачка, да се одреди нејзиниот горен праг и да се утврдат другите неопходни елементи.

Судот оцени дека не се основани наводите дека преку овој модел на финансирање на Агенцијата за цивилно возду-

хопловство, Републиката обезбедува нееднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, односно во однос на останатите начини на патнички превоз, ваков надоместок законски не бил предвиден.
Обврзниците на плаќање на различни давачки со оглед на природата на јавните давачки, се наоѓаат во различна положба, меѓутоа уставното начело на еднаквост не обврзува во иста положба да се наоѓаат сите обврзници на јавни давачки, туку обврзниците на еден ист вид јавна давачка, како што е во конкретниот случај со надоместокот од секој патник во заминување од аеродромите на Република Северна Македонија за потребите на Агенцијата за цивилно воздухопловство како регулаторно тело со јавни овластувања.
Оттука, начинот на обезбедување на средства за финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство како независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со закон, се однесува на сите авиопревозници коишто како правни субјекти основани во согласност со закон за вршење на таква дејност имаат еднаква правна положба во пазарот, а во тие рамки е и сега воведената обврска, да учествуваат во финансирањето на Агенцијата на начин како што е определено во оспорените одредби од Законот. Поради тоа, пред Судот не се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби со член 55 од Уставот.

## 3. Мерки за обезбедување и спречување на штета од дивеч

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.168/2024 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Диспозитив: | НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на уставноста на член 73 став 2 и став 3 алинеи 1, 2 и 3 и член 76 став 3 од Законот за дивечот и ловството. |

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд поднесена е иницијатива од адвокат за оценување на уставноста на одредбите од Законот за дивечот и ловството со наводи дека со истите се ограничува правото на сопственост на граѓаните на начин што за сопствениците се наметнуваат обврски во вид на преземање мерки за обезбедување и спречување на штета од дивеч, а согласно со содржината на оспорените одредби секое непочитување на вака предвидените мерки за заштита на имотот и сопственоста, ќе ја амнестира државата од обврската да ја надомести штетата што дивите животни ја причинуваат на граѓаните и нивните имоти.
Се наведува дека ваквото ограничување на сопственоста на граѓаните врз нивните недвижни имоти е во целосна спротивност со член 1 од Протоколот бр. 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и праксата на Европскиот суд за човекови права, којшто има воспоставено строги правила кога државата може да го ограничи правото на сопственост на граѓаните.
Воедно, според наводите, мешањето на државата во мирното уживање на сопственоста и воздржување од дејствија мора да ја постигнат правичната

рамнотежа помеѓу барањата од општиот интерес на заедницата и потребата од заштита на индивидуалните основни права.
Оспорените одредби, според наводите, не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 6, член 30 ставови 1, 2 и 3, член 51 став 1 и член 56 од Уставот на Република Северна Македонија, како и со член 1 од Протоколот бр.1 на Европската конвенција за заштита на човековите права.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека законодавецот во конкретниот случај ја операционализирал уставната норма дека животинскиот свет е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита и во таа смисла со регулирање на ловството, меѓу другото, се регулираат и мерките за превенција без притоа да се ограничи неприкосновеното право на сопственост на физичките и правните лица, туку со поблиско правно регулирање се определуваат начинот и условите на надомест на штета на лицата кои претрпеле штета од дивеч.
Со овие законски одредби се применува начелото на постапување со внимание на добар домаќин и добар стопанственик, со што не се ограничува правото на сопственост, како што се наведува во иницијативата.

*Нема повреда на правото на сопственост на физичките и правните лица со законско утврдените мерки за превенција во однос на начинот и условите за надомест на штета на лицата кои претрпеле штета од дивеч.*

Според Судот, во конкретниот случај не се врши експропријација на недвижниот имот, не се воспоставува право на службеност врз недвижностите, ниту пак се воспоставуваат товари или ограничувања, туку напротив се регулираат мерките коишто сопствениците на земјоделски култури, води, добиток, шуми, дивеч и пчелни семејства се должни да ги преземат за нивната сопственост да биде заштитена од дивечот и можните штети што може да ги нанесат овие животни. Овие мерки за обезбедување и заштита не се од задолжителен односно облигаторен карактер, туку претставуваат услов за лицата кои претрпеле штета да добијат соодветен надоместок од државниот буџет по пат на спогодба со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Во однос на наводот дека ваквото ограничување на сопственоста е во целосна спротивност со член 1 од Протоколот бр.1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и праксата на Европскиот суд за човекови права, Судот оцени дека истиот е неоснован од причина што правото на мирно уживање на сопственоста со овие законски одредби не е нарушено, односно сопственикот не е оневозможен во вршење на сопственичкото право над својот имот, па од тие причини посочената судска пракса на ЕСЧП, (Пресудата Стрезовски и други против Северна Македонија - апликација бр.14460/16) е несоодветна наспроти оспорените одредби од Законот за дивечот и ловството.

## 4. Преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.91/2024

Датум на одлучување: 9 април 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

**Резиме на факти и наводи**

Државната комисија за спречување на корупција, до Уставниот суд поднесе иницијатива за оценување на уставноста на Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, како спротивен на член 8 став 1 алинеи 1 и 3, член 9, член 32 ставови 1 и 2, член 51 и член 54 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Републкика Северна Македонија.
Како причина за оспорување се наведува дека во овој закон, вработените во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, преку програмата К-5 за правична и соодветна застапеност, се лица со статус на административни службеници. Вработените кои ги опфаќа оспорениот закон, се еднакви, како и останатите административни службеници вработени во јавниот сектор и не се разликуваат од нив, освен по тоа што тие се вработувале по К-5 програма за правична и соодветна застапеност во ова министерството. Според наводите, административните службеници вработени преку програмата К-5 за правична и соодветна застапеност, не се предвидени како посебна категорија на административни службеници, односно законодавецот не ги предвидел како исклучок од примена на Законот за административни службеници. Овие вработени, не се дефинирани како посебна категорија на административни службеници и како такви ги имаат истите права и обврски како и сите други административни службеници. Со оспорениот закон, според подносителот, законодавецот ги ставил овие лица во повластена/нееднаква положба над другите граѓани/административни службеници со што биле повредени наведените уставни одредби.

**Образложение и став на Судот**

Судот оцени дека законски пропишаната можност за преземање на вработениот со негова согласност во друга институција, во случај кога има трансформирање или намалување на надлежноста на институцијата во која е вработен, на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за системати-

зација на другата институција, не може да се прифати како повреда на правото на слободен избор на вработување и како ограничување на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Според Судот, ваквото преземање е пропишано како можност за продолжување на работниот однос на вработениот, на соодветно работно место во јавниот сектор за кое ги исполнува општите и посебните услови. Согласноста на вработениот е услов за преземањето на вработениот во друга институција што е во согласност со принципот на слободен избор на вработување гарантиран со член 32 од Уставот и со меѓународните конвенции од областа на работните односи и важи не само при вработување односно засновање на работниот однос, туку и во текот на неговото траење при секоја негова трансформација.

*Испочитуван е приниципот на афирмативна акција со уредувањето во овој закон коешто има легитимна цел – припадниците на сите заедници да бидат соодветно и правично застапени во органите на државната власт.*

Судот, оцени дека не може да се постави прашањето за уставноста на одредбите од оспорениот закон од причина што истите се во насока на остварување на темелната вредност на уставниот поредок - соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Во оваа смисла, законодавецот се одлучил да го примени принципот на афирмативна акција со цел остварување на оваа темелна вредност, што има своја легитимна цел – припадниците на сите заедници да бидат соодветно и правично застапени во органите на државната власт, при што ваквото решение е од времен карактер и се однесува на веќе вработени административни службеници кои се преземаат во други државни органи и институции.

## 5. Комора на вештачи како форма на здружување

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.9/2024 |
| Датум на одлучување: | 11 јуни 2025 година |
| Диспозитив: | НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на член 65 ставови 1 и 2 од Законот за вештачење. |

**Резиме на факти и наводи**

Во иницијативата поднесена од граѓанин се наведува дека содржината на оспорените одредби од Законот се непрецизни и нејасни и дека е нарушена функционално-логичката целина на Законот за вештачење и дека се отвора можност за недоследно или различно применување на тие законски одредби во практиката со оглед дека, од една страна, пропишуваат дека членовите на Комората за вештаци ги остваруваат своите интереси во Комората непосредно, преку професионалните одделенија и посредно, преку избрани претставници во Собранието на Комората, како и преку други облици на организи-

рање во согласност со Статутот на Комората. Додека начинот на основање, организација, работење и одлучување на професионалните одделенија во Комората, се уредува со акт на Комората, а од друга страна, за истите се вели дека Министерството за правда во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги основа првите професионални одделенија на Комората, ќе ги избере раководителите и замениците-раководители на професионалните одделенија и ќе се избере по еден член од секое професионално одделение како претставник во Основачкото собрание на Комората, па со тоа се повредува основното јуриспруденцијално начело на правната сигурност.
Според наводите, член 65 став 2 од Законот е противуставен, затоа што на министерот за правда му дава овластување да го организира коморското здружување и нивната внатрешна организација, со што се овозможува мешање на извршната власт во функционирање на здруженијата на граѓаните.

## Образложение и став на Судот

Според Судот, оспорените одредби не се спротивни на слободата на здружување, од причина што во Комората на вештаци членуваат сите вештаци запишани во Регистарот на вештаци и истите се должни да плаќаат членарина со што на секој вештак му е со закон загарантирано правото и слободата на здружување, учеството и делувањето во Комората на вештаци.
Судот укажа дека намерата на законодавецот со оспорените одредби од Законот за вештачење, е по одржување на Основачкото собрание вештаците сами да ги формираат органите на управување во Комората. Оттука, оспорените одредби се клучни за воспоставување на новата структура на Комората на вештаци, којашто ќе биде одговорна за регулирање на професионалните стандарди и дисциплината на вештаците. Овие одредби имаат за цел да обезбедат транспарентност и ажурност во податоците за вештаците, ефикасна организација на вештаците преку нивно групирање во професионални одделенија и свикување на Основачко собрание заради формирање на нова Комора на вештаци, којашто ќе биде одговорна за управување со професионалните активности на вештаците. Комората на вештаци е форма на здружување на граѓаните специјализирана и регулирана од државата заради остварување на јавен интерес и заради одржување на стандардите во вештачењето, што ја прави различна од општите форми на здружување на граѓаните.

> *Комората на вештаци како форма на здружување е специјализирана и регулирана од државата заради остварување на јавен интерес, како и заради одржување на стандардите во вештачењето, што ја прави различна од општите форми на здружување на граѓаните*

Оттука, пред Судот не се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби од Законот за вештачење со член 8 став 1 алинеи 1 и 3, член 9 и со член 20 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

## 6. Автентично толкување на одредби од Законот за надворешни работи

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.2/2025

Датум на одлучување: 2 јули 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став 3 и член 45 став 4 од Законот за надворешни работи.

**Резиме на факти и наводи**

Пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поднесе иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став 5 и член 45 став 4 од Законот за надворешни работи со наводи дека оспорените автентични толкувања се во спротивност со член 8 став 1 алинеи 3 и 4 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот.
Се наведува дека со истите се создаваат нови правни норми наместо да ја појаснат постоечката законска одредба, ретроактивно менуваат значење на законските одредби и навлегуваат во надлежностите на извршната власт во делот на именување и отповикување амбасадори, а со тоа се нарушува и балансот помеѓу законодавната и извршната власт.
Се укажува и на мислењата на Венецијанската комисија според кои автентичното толкување не смее да се користи како замена за законодавниот процес и измените во суштината на законите мора да се вршат по редовна законодавна постапка.
Во конкретниот случај автентичното толкување на член 39 став 3 од Законот воведува нов услов за именување амбасадори, го менува факултативниот карактер на презентација пред собраниската комисија во императивен и создава нова правна последица којашто не произлегува од текстот на Законот, а автентичното толкување на член 45 став 4 од Законот, создава паралелен механизам за отповикување амбасадори, воведува нови основи за отповикување надвор од таксативно наведените во став 1 од истиот член и ја менува суштината на одредбата без измена на Законот.
Во иницијативата се наведува дека доколку законодавецот сака да воведе дополнителни услови за именување амбасадори или нови основи за нивно отповикување, тоа треба да го направи преку соодветна законска процедура - со измени и дополнувања на Законот. Користењето на автентичното толкување за ваква цел, според наводите може да ја загрози правната сигурност во Републиката.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека автентичното толкување е составен дел на објавениот закон, а не негово дополнување или нов закон. Тоа се применува од моментот на влегување во сила на законот што се толкува, на случаи кои не се решени. Ова толкување стапува на местото на одредбата на која се однесува и на тој начин станува дел од законот од самиот почеток од неговото влегување во сила. Со автентичното толкување не се воспоставува нова норма, како што се наведува во иницијативата, туку се појаснува и прецизира постоечкиот член од Законот во насока на соодветно водење на постапката за именување на амбасадори.

Имено, презентирањето на кандидатот за амбасадор на своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународните организации пред работното тело на Собранието на Република Северна Македонија надлежно за надворешна политика претставува еден од конститутивните елементи од постапката за именување амбасадори којашто треба да се исполни пред потпишување и објавување на указот од страна на претседателот на Републиката од причина што на таков начин се утврдува постапувањето на Собранието како претставнички орган на граѓаните и неговите надлежности определени во член 6 од Законот за надворешни работи и воспоставување на контролните механизми што се однесуваат на проверка и следење на работата на извршната власт како и штитење на интересите на граѓаните.

> *Со автентично толкување на одредба од закон, не се воспоставува нова норма, туку се појаснува и прецизира одредбата на којашто се однесува. Автентичното толкување стапува на местото на одредбата на која се однесува и на тој начин станува дел од законот од самиот почеток од неговото влегување во сила.*

Пред Судот не се доведе под сомнение дека автентичното толкување не е во согласност со член 52 став 4 од Уставот, од причини што истото ја утврдува содржината и вистинската смисла на веќе донесена законска норма, која норма во примената покажала нејасност или двосмисленост, а сè со цел да се воспостави единствен правен режим кој ќе важи подеднакво за сите или во конкретната ситуација постапката за именување амбасадори да биде применета за сите кандидати за амбасадори.

Во однос на оспорувањето на автентичното толкување на став 4 од член 45 со кој е утврдено дека иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата, по барање на министерот, Судот укажа дека автентичното толкување на овој став, појаснува дека можноста за покренување иницијатива за отповикување на амбасадорот и од страна на Владата, по барање на министерот, претставува одвоена постапка, односно е посебен, дополнителен услов имајќи предвид дека Уредбата не го опфаќа оценувањето на амбасадорите и правните последици од оценките на амбасадорите кои ги пропишува Законот, односно нивното отповикување по основ на оценка „не задоволува".

Судот, оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на автентичните толкувања на одредбите од Законот со владеењето на правото, правната сигурност и поделба на државната власт на законодавна и извршна, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

## 7. Автентично толкување на одредби од Законот за игрите на среќа и за забавните игри

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.273/2024 и У.бр.274/2024

Датум на одлучување: 15 октомври 2025 година

Диспозитив: 1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на: член 7 став 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и Автентичното толкување на член 7 ставови 2, 3 и 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.
2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 7 став 3 од Законот.

**Резиме на факти и наводи**

➢ Адвокатско друштво поднесе иницијатива до Уставниот суд за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 ставови 3 и 4 од Законот, по која беше оформен предметот У.бр.273/2024.
Според наводите во оваа иницијатива, Собранието на Република Северна Македонија со давањето на Автентичното толкување постапило спротивно на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, бидејќи со истото била изменета толкуваната одредба и воведени нови елементи на начин што ја обликувал нормата на сосема поинаков начин од Законот, со што пак е внесена конфузија и нејаснотија во примената на одредбата. Во оваа смисла, автентичното толкување и Законот имаат контрадикторна содржина и даваат спротивни одговори на прашањето кој може да ги приредува електронските и интернет игрите на среќа.
Според наводите, сторена е повреда и на член 75 од Уставот поради непочитување на постапката на прогласување на законите со указ од причина што Законот за игрите на среќа и забавните игри е донесен во редовна законодавна собраниска постапка, а Автентичното толкување е донесена во пократка постапка.
Со измената на Законот преку Автентичното толкување, подносителот смета дека е повреден и член 52 став 1 од Уставот, од причина што со Автентичното толкување се изменува и дополнува Законот за игри на среќа и забавните игри и се смета дека Автентичното толкување се применува од денот на влегување во сила на законската одредба. Со оглед на тоа дека Автентичното толкување е составен дел на Законот, истото стапува на местото на одредбата на која се однесува и на тој начин станува дел од Законот од самиот почеток на неговото влегување во сила на Законот што се менува, со што е повреден член 52 став 4 од Уставот, односно забраната за ретроактивно дејство на законите.
Воедно, повредена е слободата на пазарот и претприемништвото од причина што со измените на Законот преку автентичното толкување, Владата на Република Северна Македонија, презела конкретни правни дејствија во

насока на ограничување на пазарот во овој дел од стопанството, а со одлучувањето на Владата за престанок на сите друштва за приредување игри на среќа, освен акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, на државната лотарија директно ѝ се овозможува монополска положба и монополско однесување со што се повредува и член 55 од Уставот.

- Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија - МОЗЗАРТ ДОО Скопје, исто така, поднесе иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на член 7 став 3 од Законот за игрите на среќа и забавните игри и Автентичното толкување на член 7 ставови 2, 3 и 4 од Законот за игрите на среќа и забавните игри и врз основа на истата е оформен предметот У.бр.274/2024.

Се наведува дека со автентичното толкување се менуваат одредби од Законот и воведува нови правни правила и станува обврзувачки самостоен акт којшто е противуставен поради тоа што ја заобиколил законската постапка за донесување нови општи акти. Оспорената норма го повредува и уставниот принцип за забрана на ретроактивно дејство на законите од причина што овој принцип наметнува обврска новата норма да е донесена во форма на закон за изменување и дополнување на постоечкиот закон која би важела само во иднина. За подносителот со Автентичното толкување се врши замена на содржината на законската норма со содржината на Автентичното толкување, поради што истото добива карактер на законска норма со ретроактивно дејство, што е спротивно на член 52 од Уставот.

Врз основа на донесеното Автентично толкување, Владата и Државната лотарија донеле акти со кои се наложуваат дејствија за престанок на друштвата коишто се основани и коишто вршат дејност уредена со член 7 од Законот за игрите на среќа и забавните игри, па според тоа сите друштва што постоеле до моментот на носењето на автентичното толкување би требало да престанат да постојат.

Според Автентичното толкување на член 7 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Државната лотарија на Република Северна Македонија е единствен приредувач на електронски и интернет игри на среќа со што Републиката воспоставила монопол на електронски и интернет игри на среќа. Со оспорените одредби се исклучува слободната конкуренција, а без неа невозможно е функционирањето на слободниот пазар. Со ваквите измени на Законот е повреден и член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, а воедно се нарушува слободата на пазарот и претприемништвото, се намалуваат даночните приходи на Републиката, се намалуваат работните места и сето тоа влијае на општата економска состојба во Република Северна Македонија.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, како право на Република Северна Македонија, може да се пренесе на трговски друштва коишто ги исполнуваат условите утврдени во овој закон, само за приредување на игрите на среќа дефинирани во член 7 став 4 и тоа преку издавање на лиценца, односно дозвола. Законодавецот определил дека правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, припаѓа на државата, којашто ова право ќе го

остварува преку основање на трговско друштво коешто овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Република Северна Македонија.
Судот ги оцени како неосновани наводите дека Автентичното толкување претставува целосна измена на одредбите од Законот од причина што истото претставува појаснување на одредбите од член 7 од Законот и со истот не се креираат нови норми поради што нема повреда на владеењето на правото.

*Со автентично толкување на одредба од закон, не се воспоставува нова норма, туку се појаснува и прецизира одредбата на којашто се однесува.*

*Нема повреда на слободата на пазарот и претприемништвото со уредувањето во Законот дека правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, ѝ припаѓа на државата, којашто ова право ќе го остварува преку основање на трговско друштво што овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Републиката.*

Воедно, Судот оцени дека оспорените одреби не се во спротивност со членовите 51, 52 и 75 од Уставот, од причина што Автентичното толкување како составен дел на Законот, само ги појаснува одредбите на кои тоа се однесува и истото не претставува нова норма туку произлегува од уставната надлежност на Собранието да дава автентично толкување.
Монополската положба на која се повикува во иницијативите, не се однесува на правата во игрите на среќа кои за себе ги има задржано Републиката, од причина што основна цел на приредувањето на игрите на среќа за државата не е стекнување приход, туку обезбедување гаранција, заштита и спречување на негативните влијанија кај учесниците во игрите на среќа, како и постоење јавен интерес и присуство на социјалната димензија на игрите на среќа во општеството. Од овие причини Републиката го задржува правото за приредување на игрите на среќа за себе, но истовремено пропишала услови коишто треба да ги исполнат правните лица за да може одредена игра на среќа да им биде пренесена тие самостојно да ја приредуваат.
Според Судот, начинот на уредување на пазарот на игрите на среќа во нашата земја како и во други со функционална пазарна економија, е прашање на законодавната политика на државата без да се доведе во прашање слободниот пазар, слободата на претприемништвото, еднаквоста на субјектите на пазарот, правната заштита на сопственоста, а притоа имајќи предвид дека ставува збор за дејност од јавен интерес за кој државата води грижа и има одговорност за контрола и заштита на начин и под услови пропишани со закон.
Во однос на оспорениот член 7 став 3 од Законот, Судот со решенијата У.бр.156/2019 и У.бр.202/2020 веќе одлучувал за истата работа и во конкретниот случај нема основ за поинакво одлучување, поради што ја отфрли иницијативата во овој дел, согласно со член 38 став 2 од Актот на Судот.

## 8. Право на судска заштита уредено со Законот за управните спорови

### Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.247/2024

Датум на одлучување: 19 ноември 2025 година

Диспозитив: 1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 4 став 1 алинеја 2 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на“, член 15 став 2 во делот „против кои е дозволена жалба“, член 23 став 1 во делот „поништувањето, укинувањето или изменувањето на“ и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон“ од Законот за управните спорови.
2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 69 став 4 од Законот.

### Резиме на факти и наводи

До Судот беше поднесена иницијатива од граѓанин за поведување постапка за оценување на уставноста на деловите од одредбите од Законот за управните спорови, како спротивни на член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 7 и членовите 9, 16, 51, 54, 55 и 58 од Уставот на Република Северна Македонија, член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и член 1 од Протокол бр. 12 на ЕКЧП.
Според наводите, со истите се условува, ограничува и загрозува статусот на заинтересираните лица признат со наведените одредби на Уставот и ЕКЧП и следствено на ова се повредуваат правата, слободите и правните интереси на граѓаните и правните субјекти како тужители и тужени во управно-судската постапка. Имено, на сите заинтересирани лица треба да им биде признат статусот на странка во управно-судската постапка, со цел остварување или заштита на своите права, слободи и правни интереси.
Исто така, се наведува дека оспорениот член 69 став 4 и член 71 став 1 во делот „доколку не е поинаку определено со закон“ се спротивни на Амандманот XXI на Уставот, член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11, член 9, член 50 став 2 и член 51 од Уставот и на членовите 6, 13, 14, 17 и 18 од ЕКЧП и на член 10 од Законот за судовите, бидејќи со истите се повредува правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, принципот на правична судска постапка, правото на судење во разумен рок, правото на судска заштита во однос на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања, правото на правна заштита на сопственоста и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите.

## Образложение и став на Судот

Судот оцени дека со оспорените делови од одредбите од Законот не се создава нееднаквост во однос на субјектите на правото од причина што за да стане збор за повреда на принципот на еднаквост потребно е субјектите на правото коишто се наоѓаат во еднаква или слична правна положба, во конкретниот случај субјектите чиишто права или интереси се засегнати со поништување, укинување или изменување на управен акт или дејствие, да бидат третирани на различен начин, што не е случај со оспорените одредби бидејќи се однесуваат подеднакво во однос на сите заинтересирани лица.

Покрај ова, Судот оцени дека оспорените делови од овие одредби се во согласност и со член 50 од Уставот, бидејќи со истите не се забранува односно не се ограничува правото на граѓаните на судска заштита бидејќи сите физички или правни лица на кои поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејство им нанесува штета на некое право или правен интерес, како заинтересирани лица, може да побараат судска заштита.

*Нема ограничување на правото на граѓаните на судска заштита од причина што сите заинтересирани лица можат да побараат судска заштита доколку поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејство им нанесува штета на некое право или правен интерес.*

Неоснован е наводот дека оспорениот дел „против кои е дозволена жалба“ од член 15 став 2 од Законот е спротивен на Амандманот XXI на Уставот, член 13 од ЕКЧП и член 10 од Законот за судовите од причина што оваа одредба се однесува на надлежноста на Вишиот управен суд да одлучува по жалби против пресудите на Управниот суд и решенијата на Управниот суд против кои е дозволена жалба, а во прв степен и за судир на надлежностите, додека наведениот амандман од Уставот се однесува на правото на жалба како дел од правото на правна заштита.

Со оспорениот дел „доколку не е поинаку определено со закон“ од член 71 став 1 од Законот не се суспендира правото на реална жалба односно правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, начелото на двостепеност и законитост и легитимност, правото на судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите од причина што предвиденото законско решение во оспорениот дел е во согласност со начелото на економичност во судските постапки и се оневозможува пролонгирањето на управно-судски постапки поради несодржински причини во однос на предметот на управниот спор.

Во однос на член 69 став 4 од Законот, Судот претходно ја оценуваше неговата уставност и со Решение У.бр.4/2021 од 05.05.2023 година, не поведе постапка за оценување на неговата уставност, поради што во конкретниот случај не постојат основи за поинакво одлучување и иницијативата ја отфрли во овој дел.

## 9. Продолжување на работен однос на избрани и именувани лица

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.27/2025, У.бр.50/2025 и У.бр.132/2025

Датум на одлучување: 26 ноември 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за работните односи

### Резиме на факти и наводи

Граѓани и адвокат, поднесоа иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за работните односи со наводи дека истиот е спротивен на член 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 32 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите, повредата на член 9 од Уставот се состои во тоа дека лице кое остварува права од работен однос врз основа на одлука за избор и именување од надлежен орган, согласно со тој закон се утврдуваат неговите права и обврски коишто произлегуваат од вршење на функцијата, а со вметнување на ваквата одредба во Законот за работните односи се воспоставува нееднаква положба со останатите граѓани вработени согласно Законот за работни односи, воедно се нарушува принципот на владеење на правото, принципот на еднаквост на граѓаните независно од нивната општествена положба и начелото на достапност на секое работно место под еднакви услови.

Воедно, се наведува дека оспорената измена на Законот за работните односи е спротивна на предметот на уредување на Законот за работните односи којшто го уредува работниот однос помеѓу работникот и работодавачот со склучување на договор за вработување врз основа на кој произлегуваат правата и обврските за истиот. Наспроти ваквото уредување, согласно измените на овој закон, обврските на избраните и именуваните функционери произлегуваат врз основа на мандатот којшто го добиле од органот кој го избрал или именувал. Според наводите, правата и обврските на избраните и именуваните функционери вклучувајќи ги и одредбите за престанок на функцијата се уредени со посебните закони.

### Образложение и став на Судот

Судот укажа дека во конкретниот случај, станува збор за избрани и именувани функционери кои засноваат траен работен однос, односно работниот однос не е определен врз основа на мандат. Правата и обврските на избраните и именуваните функционери се уредени со закони кои се *lex specialis* (Законот за судовите, Законот за јавното обвинителство) односно, во согласност со законот којшто ги утврдува нивните права и обврски што произлегуваат од вршењето на функцијата. Законодавецот со оспорената измена во Законот за работните односи, уредил исклучок од член 104 од

Законот за работните односи каде регулирал дека лице кое остварува права од работен однос врз основа на одлука за избор или именување од надлежен орган, што во согласност со Законот што ги утврдува неговите права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, има право да побара да продолжи со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст, со писмена изјава до органот којшто го именувал или избрал.

Според Судот, не претставува пречка законодавецот во рамки на уставната надлежност од член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот да доуреди одредени прашања од оваа област доколку тоа не е сторено со специјалниот закон. Од друга страна, носителите на јавните функции немаат ист статус и иста положба како и вработените што засноваат работен однос во стопанството и нестопанството и оттука различниот третман помеѓу овие категории лица не претставува дискриминација, бидејќи еднаквоста како принцип, подразбира дека со еднаквите се постапува еднакво, а со нееднаквите нееднакво.

*Правото на избраните и именуванители лица предвидено како исклучок за продолжување со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст е право и проценка на законодавецот.*
*Различниот третман помеѓу избраните и именуваните лица со вработените што засноваат работен однос во стопанството и нестопанство не претставува дискриминациjа.*

Оценувајќи ја како целисходна потребата од донесување на ова законско решение во однос на прецизното определување на условите односно правото како исклучок за продолжување со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст е право и проценка на законодавецот, а од уставноправен аспект суштинско е дека истото има уставна основа.

Според Судот, не претставува пречка законодавецот како општествен регулатор да доуреди одредени прашања од оваа област, и тоа само по себе не претставува повреда на уставниот принцип на еднаквост (член 9 став 2 од Уставот) и на темелната вредност владеење на правото, уредена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Исто така, Судот оцени дека оспорената одредба не може да биде доведена под сомнеж во однос на нејзината согласност со член 32 став 5 од Уставот, бидејќи одредбата не се однесува на правото на работа, слободниот избор на вработување, заштита при работа или достапност на работното место, видејќи тоа се одредби коишто се однесуваат на остварување на правото на вработување, но не и на престанокот на истото.

## 10. Поседување наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба

**Основни податоци:**

Број на предмет: У.бр.243/2024

Датум на одлучување: 24 декември 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 215 став 6 од Кривичниот законик.

## Резиме на факти и наводи

Во иницијативата поднесена од граѓанин, се наведува дека член 215 став 6 од Кривичниот законик не е во согласност со владеењето на правото, од причина што конкретното кривично дело се појавува во два облици и тоа во истиот член во ставот 1 се предвидува дејствие на извршување со неовластено произведување и преработување на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори. Се наведува дека целта поради која е предвидено ова кривично дело е да нема појави на неконтролирано дистрибуирање дрога во промет, а не и заради задоволување на сопствени потреби.
Се наведува дека вториот облик на делото е самото продавање или нудење на продажба или поради продажба и купување, држење или пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори и самото дејствие на пренесување на наркотични супстанци претставува извршување на делото.

## Образложение и став на Судот

Според Судот, примената на одредбите од Кривичниот законик во конкретни случаи од посебно значење се законските елементи на кривичното дело за кое се товари обвинетиот од што ќе зависи и неговата кривична одговорност, односно не е кривично дело она дело коешто иако содржи обележја на кривично дело, кога претставува дело од мало значење поради отсуството или незначителноста на штетните последици и нискиот степен на кривична одговорност на сторителот.
Од уставен аспект за примената на одредбата, значајно е дали таа јасно и прецизно ги содржи сите елементи врз основа на кои може да се утврди казненоправната одговорност на сторителот за неговото противправно поведение. Ова особено се однесува на дејствието на извршувањето кое, согласно со начелото на законитост, мора да биде утврдено во законскиот опис како што е предвидено во останатите ставови на оспорениот член 215 од Законикот. Изборот на законодавно-правната техника при утврдување на описот на дејствието на извршување, како и целисходноста на законската норма, пак, е прашање за што одлучува законодавецот, а не Уставниот суд. Оттука, Судот оцени дека во оспорениот став од Кривичниот законик несомнено не се содржани основните елементи на кривичното дело неовластено пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци заради продажба или произведување како што се предвидени во членовите 215 и 216 од Законикот, поради фактот што ги поседува само за лична употреба, а не да наведува друг да ужива наркотични дроги, поради што не го постави прашањето за неговата согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

*Не е кривично дело она дело коешто иако содржи обележја на кривично дело, претставува дело од мало значење поради отсуството или незначителноста на штетните последици и нискиот степен на кривична одговорност на сторителот.*

## III.2.2. ОДБРАНИ ПРЕДМЕТИ ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ПРОПИСИ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ ИЛИ НИВНИ ОДРЕДБИ

## 11. Лична карта со биометриски карактеристики на граѓаните

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.100/2024 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Диспозитив: | НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти. |

**Резиме на факти и наводи**

Здружението „Светски македонски конгрес“ од Скопје, до Уставниот суд поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот, со наводи дека со истиот се повредуваат правата и слободите на граѓаните односно уставниот поредок на државата, домашното и меѓународното право од страна на власта, односно дека се наметнува присилна обврска на граѓаните, државјани на Републиката, спротивно на нивната волја, со закани за суспензија на правото на слободно движење во земјата и во странство. Бидејќи законодавецот не донел Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со кој ќе го пропише образецот на личната карта на поинаков начин од она што веќе е уредено во Законот, при што за тоа би уредил ново овластување за операционализација на такви поинакви законски решенија, министерот не можел да се повика на овластувањето од член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/2007). Со отсуството на поинакви законски решенија и овластување за нивна операционализација, министерот за внатрешни работи со новиот оспорен правилник, се впуштил во изворно уредување на материја којашто е предмет на законско уредување.
Со овој правилник, според наводите, се наметнува повратно дејство кое е понеповолно за граѓаните, во смисла на член 52 став 4 од Уставот, бидејќи во спротивност со одлуките на референдумите од 8 септември 1991 година и 30 септември 2018 година, Владата и Собранието го промениле името на државата, наметнувајќи им рок за промена на личните исправи, кои самите ги плаќаат, иако нивните лични исправи според важноста, издадени од надлежен орган, сè уште биле во важност.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека новината во овој правилник донесен во 2021 година од министерот за внатрешни работи е само во поглед на промена на содржината, но не и формата на обрасците во делот на уставното име од „Република Македонија" во „Република Северна Македонија" и воведување на дополнителни обрасци за лична карта кои содржат податоци на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните и нивното писмо, а е различен од македонскиот јазик и на англиски јазик.

Овластувањето на министерот за внатрешни работи за донесување на подзаконски пропис за обрасците за издавање и замена на лична карта, како и за начинот на водење на евиденција е децидно пропишано во член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2007). Со овие измени и дополнувања во Законот за личната карта беа воведени лични карти со биометриски карактеристики на граѓаните, како и воведување на форма и содржина на лични карти според ICAO стандардот.

*Со промената на уставното име на државата не се губи еднаш стекнатото право на лична карта туку се определува нова правна состојба во поглед на содржинита на личната карта со новото уставно име, со што испочитувана е уставната забрана за повратно дејство.*

Судот оцени дека оспорениот правилник нема повратно дејство коешто е понеповолно за граѓаните, во смисла на член 52 став 4 од Уставот, од причина што со воспоставената нова правна состојба со која државата го променила уставното име од Република Македонија во Република Северна Македонија не се губи веќе еднаш стекнатото право на лична карта туку се определува нова правна состојба во поглед на содржината на личната карта со новото уставно име. Во оспорениот правилник не се наведени рокови во кои граѓанинот е должен да ја замени личната карта со новото уставно име на државата, ниту пак се воведени прекршочни одредби.

Судот, исто така, укажа дека со оспорениот правилник се исполнуваат меѓународните обврски на државата и се имплементира Амандман XXXIII на Уставот. Во однос на оценувањето на согласноста на Правилникот со овој амандман и одредбите од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI, Судот, оцени дека истиот е во целосна согласност и е во функција на исполнување на обврската утврдена во Спогодбата, преточена во Амандманот XXXIII на Уставот. Оттука, пред Судот не се постави прашањето на согласноста на Правилникот со одредбите од Уставот и со Законот за личната карта, од аспект на наводите во иницијативата.

## 12. Број на потребни потписи во изборните процеси

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | УЗ.бр.57/2025 и УЗ.бр.58/2025 |
| Датум на одлучување: | 17 февруари 2025 година |
| Диспозитив: | НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на точка 4 од Правилникот за регулирање на постапката за собирање на потписи за поддршка на кандидатските листи поднесени од група избирачи и начинот на определување на нотарите, за локалните избори 2025 година, донесен од Државната изборна комисија. |

**Резиме на факти и наводи**

Здружението „Светски македонски конгрес" и граѓанин, поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената точка 4 од Правилникот, како спротивна на член 8 став 1 алинеи 3 и 5, членовите 22, 23, 51, 54, 61 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и на Изборниот законик.
Во иницијативата поднесена од Здружението „Светски македонски конгрес" се наведува Одлуката на Уставниот суд У.бр.186/2024 година од 20 мај 2025 година и се укажува дека Државната изборна комисија, злоупотребувајќи ја својата положба, функција и овластување, ја суспендирала истата со донесувањето на Правилникот. Според наводите, иако изборните рокови се во тек, Државната изборна комисија надвор од своите овластувања со подзаконски акт пропишала услови за остварување на избирачко право и право на граѓаните да учествуваат во вршење на јавни функции, спротивно на Уставот, Изборниот законик и Одлуката на Уставниот суд, иако тоа претставува законска материја.
Според наводите во иницијативата поднесена од граѓанин, се наведува дека со уредувањето во точка 4 од Правилникот, Државната изборна комисија излегла надвор од своите законски рамки и се ставила во улога на законодавец, со што е сторена повреда на владеењето на правото и повреда на членовите 51, 61 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Образложение и став на Судот**

Судот укажа дека во Одлуката У.бр.186/2024, Судот изразил став дека барањето потребен број потписи за кандидирање на независните кандидати не ги става истите во понеповолна и дискриминаторска положба во однос на политичките партии со оглед на тоа што станува збор за различни субјекти во политичкиот процес, меѓу кои не може да се стави знак на равенство.
Меѓутоа, Судот констатираше дека повеќекратното зголемување на бројот на потребните потписи за кандидирање на независни кандидати, што беше извршено со измените на Изборниот законик во 2024 година, во скратена и

нетранспарентна постапка, без јавна расправа и без претходно направена анализа на евентуалните реперкусии на предвидениот услов за потребни потписи од 1% од избирачите запишани во избирачкиот список, претставува вмешување во остварувањето на избирачкото право на граѓаните што е гарантирано со член 22 од Уставот бидејќи со оспорената измена беа отежнати условите под кои граѓаните ќе можат да предлагаат независни кандидати и дека направената измена не беше оправдана, ниту неопходна ниту пропорционална.

Според Судот, Државната изборна комисија со уредувањето во оспорената точка од Правилникот, не ги пречекорила своите овластувања бидејќи во важечкиот Изборен законик не постои норма што го определува бројот на потребните потписи, но и понатаму се на сила одредбите според кои потписите на избирачите во постапката за кандидирање се собираат на начин и во постапка што ја уредува Државната изборна комисија со свој правилник.

*Определувањето на минимален и симболичен број од два потписи потребни за поддршка на кандидатска листа предложена од група граѓани има легитимна цел во услови на правна празнина.*

Судот утврди дека определувањето на минимален и симболичен број од два потписи потребни за поддршка на кандидатската листа предложена од група граѓани е поврзано со легитимната цел, во услови на правна празнина и неактивност на законодавецот за пополнување на истата, сепак да се уреди постапката и начинот на собирање на потписите за поддршка на независните кандидатски листи со што би се создале услови тие и граѓаните што нив ги поддржуваат да можат да го остварат избирачкото право, загарантирано со член 22 од Уставот и со Изборниот законик.

Со оспорената одредба на Правилникот на Државната изборна комисија е овозможено реално остварување на избирачкото право на граѓаните и на назависните кандидати, кое без вакво уредување и операционализација, во ситуација на правна празнина би било сведено само на декларативно признато право, без можности за негова практична реализација.

Оттука, пред Судот, не се постави прашањето за согласноста на оспорената точка 4 од Правилникот донесен од Државната изборна комисија, со член 8 став 1 алинеи 3 и 5 и членовите 22, 23, 51, 54, 61 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

## 13. Бројот на членови на совети на општини

**Основни податоци:**

Број на предмет: УЗ.бр.47/2025, УЗ.бр.48/2025 и УЗ.бр.59/2025

Датум на одлучување: 24 септември 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на бројот на членовите на советите на општините во Република Северна Македонија, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

## Резиме на факти и наводи

Во иницијативата поднесена од пратеници на пратенички групи на Собранието, се наведува дека оспорената одлука предвидува различен начин на определување на бројот на членовите на советите на општините од начинот предвиден во член 34 од Законот за локалната самоуправа што е во спротивност со член 51 од Уставот. Од материјален аспект оспорената одлука, е спротивна на член 34 од Законот за локалната самоуправа со наводи дека не содржи податоци врз основа на кои е определен бројот на членовите на советите на општините со што истата е нејасна, а со тоа и спротивна на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Оспорената одлука е спротивна на член 9 од Уставот којшто гарантира еднаквост на граѓаните, како и со член 77 став 2 од Уставот (Амандманот XI од Уставот) што го образложуваат со наводи дека оспорената одлука покажувала постоење на системски дискриминаторски образец којшто диспропорционално ги погодува општините со значително присуство на етничките заедници, а дискриминаторскиот ефект се манифестирал преку значително намалување на бројот на советници токму во тие општини каде што живеат граѓани припадници на етничките заедници.

Наведуваат дека соодветната застапеност на сите заедници претставува основен предуслов за стабилност и легитимност на демократските институции, а со намалувањето на бројот на советници, коешто е без валидна правна основа и со тоа што Владата применила правно спорни критериуми за определување на бројот на советници, директно се нарушува демократската легитимност на локалната самоуправа и се нарушува способноста на локалните органи да функционираат ефективно и репрезентативно што е во спротивност со Европската повелба за локална самоуправа.

## Образложение и став на Судот

Судот не утврди какво било отстапување од законски утврдените критериуми или каква било произволност во операционализацијата на законската одредба што би довело до ставање на граѓаните во нееднаква положба пред Уставот и законите. Критериумите за утврдување на бројот на членовите на советите на општините, се утврдени со одредбите од член 34 од Законот за локалната самоуправа, и тие подеднакво се однесуваат за утврдување на бројот на членовите на советите на сите општини во Република Северна Македонија. Законот, јасно го дефинира поимот жители на општината, а податоците за жителите по општините се јавно објавени, и на еднаква основа, независно од етничката или која било друга припадност на жителите на општините, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одлука со член 9 од Уставот.

Според Судот, сосема неприфатливи се наводите дека намалувањето на бројот на членовите на советите на општините се должи на постоење системски дискриминаторски образец којшто диспропорционално ги погодува општините со значително присуство на етничките заедници, а дискриминаторскиот ефект се манифестира преку значително намалување на бројот на советници токму во тие општини каде што живеат граѓани припадници на етничките заедници, како што се конкретно посочените, односно Општина Гостивар каде бројот е намален за 8 советници, Општина Кичево за 4 советници, како и општините Врапчиште, Желино и Теарце, исто така, за 4

советници. Имено, во иницијативите не се наведуваат и останатите општини во кои, исто така, е намален бројот на членови на советите на општините, што се должи на намалениот број на жители во општините, а ниту општините во кои се зголемува бројот на советниците, што исто така се должи на зголемениот број на жители во општините.

Критериумите за бројот на членовите на советите на општините преку кои граѓаните учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, се уредени со Законот за локалната самоуправа и истите подеднакво и доследно се применети од страна на Владата при утврдувањето на бројот на членовите на советите на сите општини опфатени со оспорената одлука, поради што неосновани се наводите дека со така утврдениот број на членови на советите на општините, се нарушува способноста на локалните органи да функционираат ефективно и репрезентативно како што се залага Европската повелба за локална самоуправа. Воедно, по однос на наводите во кои се наведува дека поради укинатите делови од Методологијата Владата требало да се раководи, не само од податоците за бројот на граѓаните кои се жители во општините, туку од вкупно опфатенот број на лица со пописот, Судот укажа дека Законот за локалната самоуправа во член 6, децидно уредува кои граѓани се сметаат за жители на општина, одредбата е јасна и прецизна и не остава простор за каква и да било поинаква интерпретација од она што Законот го предвидува, а тоа е дека за жители на општина се сметаат граѓаните на Република Северна Македонија кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на општината. Оттука, Судот оцени дека оспорената одлука не може да подведе под сомнеж со одредбите од Уставот и законите од аспект на наводите во иницијативите.

*Критериумите за утврдување на бројот на членовите на советите на општините подеднакво се однесуваат за утврдување на бројот на членовите на советите на сите општини во Републиката.*

## 14. Потребни потписи за кандидирање на независни кандидати за градоначалници и членови на општинските совети

**Основни податоци:**

Број на предмет: УЗ.бр.56/2025

Датум на одлучување: 24 септември 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на член 11 во делот „и притоа за поддршка на истата на пропишан образец да бидат потпишани најмалку два избирачи“, член 12, член 20 став 1 алинеја 1 и член 22 став 9 од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локални избори 2025.

## Резиме на факти и наводи

Здружението „Светски македонски конгрес“ до Уставниот суд поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби од Упатството, како спротивни на член 8 став 1 алинеи 3 и 5, членовите 22, 23 и 51 и член 54 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите, Државната изборна комисија не е законодавец и не може да пропишува услови за остварување на избирачкото право и правото на граѓаните да вршат јавни функции, што е спротивно на Изборниот законик.

Одлуката У.бр.186/2024 на Уставниот суд од 20.05.2025 година, со која се укинати членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/2024) останува на сила бидејќи во месец август оваа година, не беа донесени измените и дополнувањата на Изборниот законик со кои требаше да се уреди прашањето за бројот на потребни потписи за кандидирање на независни кандидати за градоначалници и членови на општинските совети.

*Упатството е подзаконски акт со кој се разработува примената на одредби од повисоки правни акти. Пропишаниот начин за примена на одредбата за број на потписи е предмет на Правилник како повисок правен акт од оспореното упатство.*

Се наведува дека во период кога изборните рокови се во тек, Државната изборна комисија со подзаконски акт пропишува услови спротивно на Уставот и Изборниот законик, со предвидување потребен број потписи на избирачите кои имаат право да предлагаат кандидати за градоначалници и кандидатски листи за советници во советите на општините и Градот Скопје.

Спротивно на Уставот, Изборниот законик и Одлуката на Уставниот суд, Државната изборна комисија, со ова упатство ја регулира постапката за собирање потписи, откако претходно со нејзин заклучок е ставен вон сила Правилникот за регулирање на постапката за собирање потписи и начинот на определување на нотарите бр.08-563/1 од 20.02.2024 година.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека како последица од Одлуката У.бр.186/2024 на Уставниот суд, во моментот не постои законска одредба која утврдува потребен број потписи коишто треба да се соберат кога подносител на листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи. Имено, постои законски услов за поднесување листа со потребен број потписи, но на ова ниво не е уредено прашањето кој број на потписи треба да се собере за поднесување листа од страна на група избирачи.

При ваква ситуација, Државната изборна комисија, врз основа на овластување утврдено со Изборниот законик (член 63 став 2) донела подзаконски акт - Правилник со кој се разработуваат законските одредби кои се однесуваат на постапката за собирање потписи за поддршка на кандидатските листи поднесени од група избирачи и начинот на определување на нотарите, за локалните избори 2025 година.

Судот оцени дека се работи за акт со кој се разработува начинот на конкретната примена на законски и подзаконски одредби коишто се однесуваат на

овие прашања во рамки на спроведувањето на локалните избори што треба да се одржат во месец октомври 2025 година, за што Државната изборна комисија, неспорно има законско овластување за донесување ваков акт.
Во однос на наводите во иницијативата дека Државната изборна комисија не е законодавец за да може да пропишува услови за остварување на избирачкото право и правото на граѓаните да вршат јавни функции, Судот укажа дека од правната природа на правилниците и упатствата и хиерархијата на општите правни акти, произлегува дека Упатството е акт со кој се разработува примената на одредби од повисоки правни акти, вклучувајќи го и правилото за минимум потписи коешто претходно е предвидено исто така со повисок акт - со Правилникот.
Судот укажа дека оспорувањето на уставноста и законитоста на предвидувањето број на потписи може да биде само преку оспорување на Правилникот кој го утврдил тоа и за што Судот претходно во предметите УЗ.бр. 57/2025 и УЗ.бр.58/2025 утврди дека не постои основ за сомнеж во уставноста и законитоста во овој дел.
Оттука, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за несогласноста на член 11 во делот „и притоа за поддршка на истата на прошишан образец да бидат потпишани најмалку два избирачи“, член 12, член 20 став 1 алинеја 1 и член 22 став 9 од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локални избори 2025, со член 8 став 1 алинеи 3 и 5, членовите 22, 23 и 51 и член 54 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и одредбите од Изборниот законик.

## 15. Пресметка на потрошена електрична енергија по блокови

**Основни податоци:**

Број на предмет: УЗ.бр.15/2025

Датум на одлучување: 24 декември 2025 година

Диспозитив: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста член 7 став 2, член 8 став 3 точка 1 алинеи 1 и 2 и точка 2 алинеи 1 и 2 од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај од 17.11. 2023 година и Прилогот 1 на тарифниот систем каде се определени коефициентите за определување на цените по пресметковни елементи.

**Резиме на факти и наводи**

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива од граѓанин за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, како спротивни на член 9 став 2 од Уставот.

Во иницијативата се наведува дека со оспорените одредби, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, потрошувачите ги дели во 4 блока при што со ваквата поделба и и разлика во цената спрема потрошувачката се прави разлика од 400% во цената на киловат час електрична енергија меѓу првиот и четвртиот блок. На ваков начин, според наводите, Регулаторната комисија ги става потрошувачите во нерамноправна положба односно некои се повластени, а други дискриминирани, што е не е во согласност со член 9 став 2 од Уставот.

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека со донесување на овој тарифен систем не се воведува за прв пат пресметка на потрошена електрична енергија по блокови во периоди на високи дневни оптоварувања, туку ваквиот начин на е пресметка за прв пат е воведен со претходно важечкиот Тарифен систем.

Според Судот, со оспорените одредби од актот не се врши дискриминација на потрошувачите од категорија домаќинства ниту пак станува збор за поделба на потрошувачите во блокови, бидејќи за сите домаќинства коишто се снабдуваат со електрична енергија од универзалниот снабдувач се применуваат исти цени за потрошена електрична енергија во висока тарифа по блокови. Блоковите на електрична енергија овозможуваат ограничените ресурси за домашно производство на електрична енергија да се искористат поефикасно и да се стимулира рационална потрошувачка на електрична енергија во нашата држава. Со воведувањето на блоковите се овозможува контрола на потрошувачката на електрична енергија од страна на потрошувачите преку мотивот нивната потрошувачка да не преминува во повисоките блокови. Ваквиот начин обезбедува транспарентност и предвидливост на трошоците за електрична енергија, поради што Тарифниот систем е донесен врз основа на законски предвидените надлежности на Регулаторната комисија за енергетика и оттука е во согласност со член 9 став 2 од Уставот.

*Нема дискриминација на потрошувачите од категорија домаќинства бидејќи за сите домаќинства што се снабдуваат со електрична енергија од универзалниот снабдувач се применуваат исти цени за потрошена енергија во висока тарифа по блокови.*

# 1. Допуштеност на барање за заштита на слободата на здружување и дејствување и забрана на дискриминација по основ на социјална припадност и општествена положба - преуранетост

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.140/2024 |
| Датум на одлучување: | 5 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуда на Врховниот суд |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Слободан Трендафилов од Велес и други со кое се бара заштита на слободата на здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните, по основ на социјална припадност и општествена положба, сторени со Пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија. |

**Резиме на факти и наводи**

Постапката е поведена по барање на повеќе физички лица – членови на синдикални организации, членки на Сојузот на синдикатите на Македонија. Тие бараат заштита на слободата на здружување и забраната на дискриминација, тврдејќи дека овие права им се повредени со пресуда на Врховниот суд (РЕВ1-77/22 од 09.11.2023 година).

Спорот произлегува од долгогодишна судска постапка (околу 20 години) за сопственоста на објект (Работнички дом), во која првично судовите одлучувале во корист на синдикатот. Меѓутоа, Врховниот суд со ревизиската пресуда ја преиначил претходната судска пракса и утврдил дека имотот е во сопственост на државата, со аргумент дека синдикатите, како општествено-политички организации во поранешниот систем, не можат да стекнуваат сопственост.

Подносителите тврдат дека со ваквата одлука им се повредува слободата на здружување (член 20 од Уставот), бидејќи им се одзема правото да располагаат со синдикалниот имот, како и начелото на недискриминација (член 9), бидејќи синдикалните организации биле третирани понеповолно во однос на други облици на здружување. Дополнително, тие се повикуваат и на меѓународни стандарди, особено конвенциите на Меѓународната организација на трудот (МОТ).

По донесувањето на оспорената пресуда на Врховниот суд, подносителите поднеле предлог за повторување на постапката согаласно со Законот за парничната постапка.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали се исполнети процесните претпоставки за постапување по барање за заштита на слободи и права, односно дали постои конечен или правосилен поединечен акт со кој е сторена наводната повреда?
- Дали е Уставниот суд е надлежен да одлучува по барање за заштита на слободи и права во ситуација кога редовната судска постапка е сè уште во тек (преуранетост)?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд најпрво утврди дека формално се исполнети условите во однос на рокот и содржината на барањето согласно со Деловникот. Сепак, суштинскиот услов за постапување е постоењето на конечен или правосилен поединечен акт што во случајов не е исполнет.
Имено, во текот на постапката Судот утврди дека по донесувањето на оспорената пресуда на Врховниот суд, тужениот (Сојузот на синдикатите на Македонија) поднел предлог за повторување на постапката. Основниот граѓански суд Скопје го усвоил овој предлог и со Решение од 09.08.2024 година ги укинал сите претходни пресуди, вклучително и Пресудата на Врховниот суд, и предметот го вратил на повторно одлучување.
Оттука, Уставниот суд утврди дека оспорениот акт веќе не постои во правниот поредок, односно не претставува важечки конечен акт којшто може да биде предмет на уставно-судска заштита. Согласно со член 28 алинеја 3 од Деловникот, ова претставува процесна пречка за одлучување и оттаму барањето е отфрлено поради преуранетост.
Судот не навлезе во мериторна оценка на наводите за повреда на слободата на здружување и забраната на дискриминација, ниту пак ги разгледа аргументите поврзани со правото на сопственост или меѓународните стандарди (вклучително и конвенциите на МОТ), поради отсуството на процесни услови.
Судот нагласи, согласно со праксата, дека заштитата на слободите и правата може да се бара само против важечки и конечни акти, а не против акти коишто се укинати или се предмет на повторна судска постапка.

# 2. Забрана за дискриминација по основ на пол и политичка припадност при разрешување и именување директор на Агенцијата за разузнавање

## Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.206/2024 |
| Датум на одлучување: | 5 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Одлука за разрешување директор на Агенцијата за разузнавање и Одлука за именување директор на Агенцијата за разузнавање |

Диспозитив: СЕ ОДБИВА барањето од Еролд Муслиу од Скопје за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на пол и политичка припадност, за кои смета дека му се повредени со Одлуката за разрешување директор на Агенцијата за разузнавање и Одлуката за именување директор на Агенцијата за разузнавање, двете донесени од претседателот на Република Северна Македонија.

## Резиме на факти и наводи

Подносител на барањето е физико лице - поранешен директор на Агенцијата за разузнавање, кој бара заштита на слободите и правата согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот, тврдејќи дека бил дискриминиран по основ на пол и политичка припадност. Наводната дискриминација произлегува од двете одлуки на претседателот на Републиката: одлука за негово разрешување од функцијата директор на Агенцијата за разузнавање и одлука за именување нов директор (жена).

Подносителот тврди дека разрешувањето било незаконито и произволно, без конкретно образложение за „нестручно и несовесно вршење на функцијата“. Дополнително, укажува на наводни политички мотиви зад одлуката, поткрепени со медиумски притисоци и јавни изјави во предизборен контекст. Во однос на дискриминацијата по основ на пол, се повикува на јавни изјави на претседателот за потребата од поголема застапеност на жените на високи функции, тврдејќи дека токму тоа било причина за неговото разрешување и заменување со жена.

Претседателот на Републиката, во одговорот, ги оспорува сите наводи, истакнувајќи дека одлуките се законити и дека не постојат докази за дискриминација. Се нагласува дека подносителот не обезбедил релевантни факти за дискриминаторски третман, како и дека јавните изјави не претставуваат правно релевантни акти. Дополнително, се укажува дека постапка за истите наводи е водена пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, која утврдила дека нема дискриминација.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали разрешувањето од јавна функција и именувањето ново лице претставуваат дискриминација по основ на пол или политичка припадност?
- Дали подносителот го сторил веродостојно постоењето на релевантна споредлива ситуација (компаратор) и нееднаков третман?
- Дали е наведено конкретно право коешто не може да се оствари поради наводната дискриминација?
- Каква е природата на правото на недискриминација во однос на други уставно загарантирани права?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд го оценуваше барањето од аспект на член 9 од Уставот (еднаквост на граѓаните) и релевантните одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и член 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Судот нагласи дека дискриминацијата подразбира недозволено разликување во остварување на конкретно право, при што мора да постои споредлива ситуација и нееднаков третман врз основа на заштитена карактеристика.

Судот утврди дека: подносителот не навел релевантна споредлива ситуација, особено во однос на политичката припадност; во однос на дискриминација по пол, споредбата со новоименуваното лице не е релевантна, бидејќи станува збор за различни правни ситуации (разрешување наспроти именување); не е идентификувано конкретно уставно право коешто подносителот не може да го оствари поради наводната дискриминација. Судот дополнително истакна дека правото на учество во вршење јавни функции (член 23 од Уставот) не подразбира право на неразрешување од јавна функција, или гаранција против разрешување. Законитоста на разрешувањето се штити преку судска контрола (управен спор), што подносителот веќе го иницирал.

> *Уставниот суд утврди дека не се исполнети клучните елементи за постоење дискриминација (споредлива ситуација, нееднаков третман и повреда на конкретно право).*

Во однос на наводите за политичка дискриминација, Судот оцени дека тие се непоткрепени со докази и аргументи, а самото повикување на политички мотиви не е доволно за утврдување дискриминација. За наводите за полова дискриминација, Судот утврди дека изјавите за поголема застапеност на жените се во согласност со меѓународните стандарди и не можат да се доведат во директна причинско-последична врска со разрешувањето на подносителот.

## 3. Заштита на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на политичко дејствување преку заштита на правото на пратеничко прашање

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.239/2024 |
| Датум на одлучување: | 5 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Дејствие – несторување од страна на претседателот на Собранието |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА повреда на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на политичко дејствување на Сали Мурати, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија. |

## Резиме на факти и наводи

Постапката е поведена по барање на физичко лице, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот. Подносителот тврди дека претседателот на Собранието со дејствие – несторување (непроследување) – ги повредил неговите уставни слободи, односно слободата на јавно изразување на мислата и слободата на политичко дејствување.
Конкретно, на 5 август 2024 година, подносителот поднел две пратенички прашања до надлежни органи (Министерството за култура и туризам и министерот за внатрешни работи), но претседателот на Собранието не ги проследил, повикувајќи се на „востановена собраниска пракса“ според која прашања се поставуваат по истекот на 100 дена од изборот на Владата. Подносителот за ова бил известен на 02.09.2024 година.
Се наведува дека ваквата пракса нема правен основ и е спротивна на Уставот, законите и Деловникот на Собранието, го нарушува принципот на поделба на власта и ја ограничува контролната функција на парламентот. Дополнително, се повредува и правото на граѓаните на информирање и се создава нееднаков третман меѓу пратениците.
Во текот на постапката е утврдено дека подносителот подоцна повторно ги поднел истите прашања (2 октомври 2024 година), по што тие биле проследени и на нив било одговорено.

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следните правни прашања:

- Дали поставувањето пратеничко прашање претставува остварување на слободата на јавно изразување на мислата и политичкото дејствување?
- Дали непроследувањето на пратеничките прашања претставува „дејствие“ во смисла на уставно-судска заштита?
- Дали постои правен основ за ограничување на правото на поставување пратенички прашања во првите 100 дена од изборот на Владата?
- Дали ваквото постапување било нужност во демократско општество (вклучително и според ЕКЧП)?

## Образложение и став на Судот

Судот утврди дека поставувањето пратеничко прашање е суштински инструмент на политичко дејствување и изразување на мислење, заштитен со членовите 16, 20 и 72 од Уставот. Овој инструмент е клучен за парламентарниот надзор над извршната власт и за функционирањето на демократијата. Непроследувањето на прашањата претставува „дејствие – несторување“, бидејќи претседателот на Собранието имал јасна деловничка обврска да ги достави прашањата до адресатите. Оттука, се работи за повреда која е предмет на уставно-судска заштита.
Судот утврди дека не постои ниту уставна, ниту законска, ниту деловничка норма што предвидува ограничување на правото на пратеничко прашање во првите 100 дена од мандатот на Владата. Повикот на „собраниска пракса“ не

може да претставува правен основ за ограничување на уставно загарантирани слободи.

*Уставниот суд утврди повреда на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на политичко дејствување на подносителот, поради непроследување на пратеничките прашања. Судот оцени дека ваквата пракса е неуставна и дека самото утврдување на повредата е доволно за спречување на идни повреди.*

Применувајќи го тестот на „нужност во демократско општество“ од праксата на Европскиот суд за човекови права, Судот утврди дека:

- постои вмешување во слободите со недоставувањето;
- вмешувањето не е „предвидено со закон“;
- не служи на легитимна цел;
- не е нужно во демократско општество.

Дополнително, Судот нагласи дека ваквата пракса на Собранието е спротивна на принципот на поделба на власта и ја поткопува контролната функција на парламентот.

## 4. Јурисдикциона недопуштеност на уставно-судска заштита за наводна дискриминација сторена од здружение без јавни овластувања (*ratione personae*)

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.233/2024 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Дејствие на одговорно лице на Автомобилистичка федерација |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Филип Џуклески од Скопје, за заштита на слободите и правата коишто се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на национална и социјална припадност. |

**Резиме на факти и наводи**

Постапката е поведена по барање на физичко лице - автомобилист за заштита на слободите и правата гарантирани со Уставот, конкретно забраната на дискриминација по основ на национална и социјална припадност (член 110 алинеја 3 од Уставот). Подносителот тврди дека неговите права биле повредени преку дејствија на одговорно лице во Автомобилистичката федерација на Северна Македонија (АФСМ).

Според наводите, подносителот побарал потврда од АФСМ дека не е евидентиран како член или натпреварувач, со цел да може да пристапи кон спортски федерации во Србија. Иако првично добил потврда дека неговите податоци не се водат во евиденцијата, подоцна АФСМ испратила електронска порака до српските федерации во која било наведено дека тој бил „доживотно казнет и избркан“ поради нарушување на угледот на федерацијата.

Подносителот смета дека оваа информација е невистинита и му нанела штета на угледот, достоинството и професионалниот статус, како и дека му било оневозможено членство во други федерации.
Дополнително, се повикува и на допис од 2024 година со кој АФСМ побарала да не се дозволи учество на македонски возачи на меѓународен натпревар, што според него претставува поттикнување дискриминација по национална основа.
Подносителот предлага Судот да утврди повреда, да наложи извинување и да констатира фактичка состојба во негова корист, како и да донесе привремена мерка за запирање на извршување на акт на Министерството за спорт.

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали АФСМ има својство на субјект што врши јавни овластувања, што е услов за надлежност на Уставниот суд и дали се исполнети процесните претпоставки за мериторно одлучување по барањето за дискриминација?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд поаѓајќи од својата уставна надлежност утврдена во член 110 алинеја 3, обезбедува заштита на слободите и правата кога тие се повредени со поединечен акт или дејствие на државен орган, орган на локална самоуправа или субјект со јавни овластувања.
Судот утврди дека Автомобилистичката федерација на Северна Македонија е здружение на граѓани, коешто функционира како независен и самостоен спортски субјект. Според релевантните закони (Законот за спорт и Законот за здруженија и фондации), на ова здружение не му се доверени јавни овластувања.
Оттука, Судот утврди дека дејствијата на АФСМ не претставуваат дејствија на субјект со јавни овластувања, што е клучна процесна претпоставка за активирање на уставно-судската заштита. Во отсуство на таков статус, Судот не може да се впушти во оценка на наводите за дискриминација.
Поради неисполнетост на процесните услови, Судот го отфрли барањето врз основа на член 28 алинеја 3 од Деловникот.
По однос на барањето Судот да донесе решение за запирање на извршувањето на решението за дејност спорт, издадено од Министерството за спорт, со оглед на тоа дека Судот не се впушти мериторно да одлучува за суштината на барањето, не постојат услови за одлучување по истото.

## 5. Јурисдикциона недопуштеност на уставно-судска заштита за правото на информирана согласност во контекст на задолжителна вакцинација (*ratione materiae*)

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.237/2024 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Решение на Основен суд Битола |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Влатко Стојанов од Битола, за заштита на слободите и правата коишто се однесуваат на слободата на одлучување односно на правото на информирана согласност. |

### Резиме на факти и наводи

Постапката е поведена по барање на физичко лице-родител за заштита на слободата на одлучување, односно правото на информирана согласност. Подносителот го оспорува правосилното судско решение со кое му е изречена прекршочна санкција (глоба) поради тоа што не дозволил вакцинација на своето дете согласно задолжителниот календар за имунизација утврден во Законот за заштита на населението од заразни болести.
Подносителот тврди дека постапил како одговорен родител, одбивајќи вакцинација поради недоволна информираност за можните ризици. Според него, правото на информирана согласност подразбира автономно право на пациентот (или родителот во име на детето) да прифати или одбие медицински третман. Во таа насока, се повикува на повеќе домашни и меѓународни извори, вклучително и Европската конвенција за човекови права и практика на Европскиот суд за човекови права.
Дополнително, подносителот смета дека примената на член 33 став 2 од Законот е спротивна на принципот на владеење на правото и правната сигурност, бидејќи неговото однесување не претставува прекршок. По одбивањето на жалбата од страна на Апелациониот суд Битола, тој побарал уставно-судска заштита.

### Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали правото на информирана согласност и слободата на одлучување спаѓаат во корпусот на слободи и права што ги штити Уставниот суд согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот, односно допуштеност врз основна на критериум *ratione materiae*?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд согласно со надлежностите утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот, обезбедува заштита само на строго определени категории права: слобода на уверување, совест, мисла и јавно изразување, политичко здружување и дејствување, како и забрана на дискриминација.
Правото на информирана согласност и слободата на одлучување, иако значајни од аспект на човековите права и медицинското право, не се дел од уставно заштитените права за кои Судот има директна надлежност да обезбеди индивидуална заштита.
Оттука, без да навлезе во суштинска оценка на наводите (вклучително и усогласеноста со домашното или меѓународното право), Судот утврди дека не е надлежен да одлучува по конкретното барање.
Оттука, Судот го отфрли барањето како недопуштено поради ненадлежност согласно со член 28 алинеја 1 од Деловникот.

# 6. Јурисдикциона и супстантивна недопуштеност на уставносудска заштита за правото на правично судење и правото на еднаков третман на сопственоста (*ratione materiae* и четврта инстанца)

## Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.263/2024 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуда на Апелациониот суд во Гостивар |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Живко Петрушевски, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, повредени со Пресуда на Апелациониот суд во Гостивар. |

## Резиме на факти и наводи

Подносителот е физичко лице, кој со барањето за заштита на слободите и правата, ја оспорува пресудата на Апелациониот суд Гостивар (ГЖ бр. 3/2024 од 15.05.2024 година). Наведува дека со оваа пресуда му биле повредени правото на правично судење и правото на еднаков третман на сопственоста.
Предметот произлегува од долгогодишен имотно-правен спор со соседка во врска со граници на парцели и стекнување право на сопственост по основ на одржувачка. Подносителот наведува неправилности во постапката, вклучително и наводно незаконито оценување на докази, прифаќање на „лажни“ вештачења и искази, како и процесни пропусти. Иако првостепениот суд

двапати пресудил во негова корист, Апелациониот суд со конечната пресуда го усвоил тужбеното барање на спротивната страна.
Подносителот предлага Уставниот суд да ја преиспита законитоста и уставноста на оваа пресуда и да обезбеди заштита на неговите права.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Уставниот суд е надлежен да ја оценува законитоста на одлуки донесени од редовните судови?
- Дали наводите за повреда на правото на правично судење и сопственост спаѓаат во корпусот на права кои ги штити Уставниот суд согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд утврди дека барањето е навремено, но не ги исполнува условите за мериторно разгледување. Судот нагласи дека неговата надлежност е строго ограничена и не вклучува инстанциона контрола над одлуките на редовните судови. Судот не може да ја оценува примената на законите, ниту правилноста на утврдената фактичка состојба или оценката на доказите.
Дополнително, Судот оцени дека наводите на подносителот во суштина претставуваат барање за преиспитување на судска одлука, а не заштита на слободи и права во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот, притоа правото на правично судење и правото на сопственост, не спаѓаат во ограничениот круг права за кои Уставниот суд обезбедува директна заштита преку оваа постапка.
Оттука, Судот оцени дека не е надлежен да постапува по барањето и го отфрли согласно со член 28 алинеја 1 од Деловникот.

# 7. Заштита на правото на политичко дејствување преку заштита на правото на поднесување граѓанска иницијатива за референдум и забрана на дискриминација по основ на политичка припадност

## Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.133/2022 |
| Датум на одлучување: | 26 февруари 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Дејствие на г. Талат Џафери во време која ја вршел функцијата претеседател на Собранието |
| Јавна расправа: | Одржана на 3 октомври 2024 година |

Диспозитив: СЕ ОДБИВА барањето на проф. д-р Димитар Апасиев од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.

## Резиме на факти и наводи

Постапката е поведена по барање за заштита на слободи и права поднесено од физичко лице - пратеник во Собранието, кој тврди дека му биле повредени правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност. Повредата, според него, произлегува од постапувањето на тогашниот претседател на Собранието, Талат Џафери, во врска со поднесен предлог за покренување граѓанска иницијатива на државно ниво за распишување на референдум.
Подносителот, во својство на овластен предлагач, на 7 октомври 2022 година го поднел овој предлог поврзан со продолжување на преговорите со ЕУ. Наместо предлогот за покренување граѓанска иницијатива да биде проследен до надлежните комисии, претседателот на Собранието со известување побарал негово усогласување со Деловникот во рок од 15 дена, повикувајќи се на одредби што се однесуваат на предлог-закони.
Подносителот смета дека ваквото постапување е незаконито и *ultra vires*, бидејќи се применети нерелевантни деловнички одредби, со што му било оневозможено да го реализира правото на политичко дејствување преку предлогот за покренување граѓанска иницијатива. Дополнително, тврди дека бил дискриминиран поради неговата политичка припадност како опозициски пратеник, наведувајќи дека во други случаи ваквите предлози биле проследувани до надлежните тела. Во прилог достави и мислење од Комисијата за заштита од дискриминација која утврдила дискриминација.
Од друга страна, претседателот на Собранието во својот одговор истакна дека постапувал согласно со Деловникот, со цел да се обезбеди уредност на поднесокот, без намера за нееднаков третман.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали непроследувањето на предлогот за покренување на граѓанската иницијатива на државно ниво за распишување референдум претставува повреда на правото на политичко дејствување?
- Дали постапувањето на претседателот на Собранието претставува дискриминација по основ на политичка припадност?
- Дали претседателот на Собранието ги пречекорил своите овластувања при оценка на уредноста на иницијативата?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд ја нагласи важноста на правото на политичко дејствување како темелна вредност на уставниот поредок, поврзана со принципите на демократија, владеење на правото и суверенитет на граѓаните. Судот се

повика на релевантни уставни одредби (членови 2, 8, 9, 16, 20, 24, 50 и 110), како и на меѓународни стандарди, особено на член 25 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.
Сепак, Судот утврди дека правото на политичко дејствување не е апсолутно и неговото остварување е условено со почитување на законски и деловнички процедури. Во таа насока, Судот оцени дека претседателот на Собранието има надлежност да ја испитува уредноста на предлозите за покренување на граѓанска иницијатива на државно ниво за распишување на референдум, согласно со Деловникот на Собранието.
Судот го прифати аргументот дека во конкретниот случај претседателот на Собранието побарал усогласување на предлогот и дека подносителот не го испочитувал рокот за тоа. Оттука, постапувањето со кое предлогот за покренување граѓанска иницијатива се смета за неподнесен не претставува пречекорување на овластувањата, туку примена на деловничките правила.

*Не постои повреда на правото на политичко дејствување ниту дискриминација по основ на политичка припадност. Постапувањето на претседателот на Собранието е во рамките на неговите деловнички овластувања и засновано на објективни критериуми.*

Во однос на наводите за дискриминација, Судот примени стандарди развиени во практиката на Европскиот суд за човекови права, според кои дискриминација постои само ако има различен третман во споредливи ситуации без објективно и разумно оправдување. Судот утврди дека во сличен случај (иницијатива на друга политичка партија) претседателот постапил идентично, што исклучува постоење на различен третман заснован на политичка припадност.
Судот, дополнително укажа дека подносителот, како пратеник, имал и други механизми за политичко дејствување (на пр. предлагање на декларации, резолуции, одлуки, препораки и други општи акти пред Собранието), што значи дека не бил лишен од можноста за учество во политичкиот процес.
Во однос на мислењето на Комисијата за заштита од дискриминација, Судот не го смета за обврзувачко, туку го оцени во контекст на сите докази и утврдената фактичка состојба.

## 8. Процесни предуслови за уставносудска заштита од дискриминација (исцрпување на правни средства)

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.3/2025 |
| Датум на одлучување: | 11 јуни 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Решение на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Соња Вељаноска од Скопје за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија што се однесуваат |

на забраната на дискриминација по основ на социјална припадност.

## Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд е поднесено барање од физичко лице, за заштита на правото на еднаквост и забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, повикувајќи се на член 110 алинеја 3 од Уставот.
Подносителката тврди дека со решение на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување ѝ е утврдена старосна пензија во износ повисок од законскиот максимум, но фактички ѝ се исплатува ограничен (максимален) износ, кој според неа не бил правилно усогласен согласно со член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.
Подносителката смета дека ваквата примена на законските одредби довела до нееднаков третман и дискриминација. Таа поднела жалба до второстепената Државна комисија, но до моментот на поднесување на барањето до Уставниот суд не добила одлука. Од Судот бара утврдување на повреда и наложување на органот да изврши правилна пресметка и ретроактивна исплата.

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали се исполнети процесните предуслови за заштита на слободите и правата, односно дали се исцрпени сите редовни и вонредни правни средства пред обраќањето до Уставниот суд?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд нагласи дека согласно со член 53 став 3 од Актот на Уставниот суд, барање за заштита на слободи и права може да се поднесе само по исцрпување на сите правни средства.
Во конкретниот случај, Судот утврди дека подносителката поднела жалба против првостепеното решение, но постапката пред второстепениот орган сè уште не е завршена, ниту е донесена конечна одлука.
Оттука, Судот оцени дека не е исполнет суштинскиот процесен услов за мериторно одлучување. Неисцрпувањето на правните средства претставува процесна пречка согласно со член 38 алинеја 3 од Актот на Уставниот суд.
Судот не навлезе во основаноста на наводите за дискриминација, ниту во примената на материјалното право, туку својата оцена ја ограничи на процесната допуштеност на барањето.

# 9. Надлежноста на Уставниот суд во однос на заштита на слободата на движење *(ratione materiae)*

## Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.106/2024

Датум на одлучување: 18 јуни 2025 година

| | |
|---|---|
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Решение на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Војо Ѓуроски од Скопје за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, кое се однесува на заштита на правото на слобода на движење. |

## Резиме на факти и наводи

Подносителот на барањето е физичко лице кој бара заштита на правото на слобода на движење, тврдејќи дека истото му е повредено со примената на измените на Законот за патните исправи. Тој поседувал патна исправа издадена во 2020 година со назив „Република Македонија“, со важност до 2030 година.
Со член 3 од измените на Законот е утврден краен рок (12.02.2024) до кој овие исправи важат, по што треба да се заменат. Подносителот смета дека ова законско решение фактички му го оневозможува користењето на важечката патна исправа и претставува ограничување на слободата на движење гарантирана со Уставот.

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали Уставниот суд е надлежен да одлучува за повреда на правото на слобода на движење во постапка за заштита на слободи и права од член 110 алинеја 3 од Уставот?

## Образложение и став на Судот

Судот укажа дека е надлежен да одлучува за три групи на слободи и права на човекот и граѓанинот и тоа: слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување, како и забраната на дискриминација по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.
Слободата на движење не спаѓа во корпусот на слободи и права кои ги штити Уставниот суд на Република Северна Македонија, поради што барањето се отфрли согласно со член 38 алинеја 1 од Актот на Судот.
Дополнително, Судот укажа дека законската обврска за поседување важечка патна исправа не претставува ограничување на правото на движење, туку легитимна законска регулација. Рокот за замена на старите патни исправи претставува административна мерка, а не уставно недозволено ограничување.

## 10. Заштита на правото на политичко дејствување и забрана на дискриминација по основ на политичка припадност при распределбата на медиумско рекламирање во изборна кампања

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.165/2024 |
| Датум на одлучување: | 15 јуни 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Дејствие на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 |
| Диспозитив: | СЕ ОДБИВА барањето на Биљана Ванковска-Цветковска од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност. |

**Резиме на факти и наводи**

Подносителката, физичко лице во својство на потврден независен кандидат за претседател на Република Северна Македонија на изборите во 2024 година, поднесе барање за заштита на слободите и правата до Уставниот суд, повикувајќи се на член 110 алинеја 3 од Уставот. Таа тврди дека ѝ се повредени правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.

Наводната повреда произлегува од Упатството за радиодифузерите за претседателските и парламентарните избори 2024 година, донесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), особено точката 3 којашто ја уредува распределбата на времето за платено политичко рекламирање. Според наводите, ова упатство неосновано ги фаворизира кандидатите поддржани од поголеми политички партии, со што таа била ставена во понеповолна положба.

Подносителката аргументира дека Изборниот законик неправилно бил применет, бидејќи нормите што се однесуваат на политички партии биле неприменливо проширени и на претседателски кандидати, особено на независни кандидати. Таа истакнува дека претседателските избори се разликуваат од парламентарните и бараат примена на принципот на еднаквост, а не пропорционалност. Дополнително, смета дека ваквата распределба претставува директна дискриминација по основ на политичка припадност.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали Упатството на АВМУ е поединечен акт и доведува до повреда на правото на политичко дејствување?
- Дали распределбата на времето за платено политичко рекламирање претставува дискриминација по основ на политичка припадност?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд утврди дека Упатството е донесено од надлежен орган, во рамки на законските овластувања утврдени во Изборниот законик. Судот се повика на член 75-а став 3 од Законикот, според кој принципите на еднаквост и пропорционалност не се применуваат на платеното политичко рекламирање. Оттука, законодавецот предвидел посебен режим за оваа област.
Судот оцени дека Упатството има општ карактер и се применува подеднакво на сите учесници во изборниот процес, без да создава различен третман заснован на политичка припадност. Фактот што распределбата се базира на критериуми поврзани со политичката застапеност во Собранието, според Судот не претставува дискриминација, туку е одраз на законски утврден модел.

*Барањето се одбива како неосновано кога нема правно релевантни докази за повреда на уставно загарантираните права на подносителот на барањето.*

Дополнително, Судот нагласи дека не е надлежен да ја преиспитува правилната примена на материјалното право во смисла на законитост или целисходност, туку само да утврди дали постои повреда на уставно загарантирани права. Во конкретниот случај, не се утврдени факти коишто укажуваат на повреда на правото на политичко дејствување или на дискриминација.
Судот се повика и на темелните вредности на уставниот поредок – владеењето на правото, политичкиот плурализам и демократските избори и оцени дека тие не се повредени со донесувањето на оспореното упатство.

# 11. Забрана на дискриминација по основ на социјална припадност поради невреднување на меѓународно искуство при оценување на судија

## Основни податоци:

Број на предмет: У.бр.276/2024

Датум на одлучување: 2 јули 2025 година

Акт/Дејствие со кој е сторена повредата: Решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| Диспозитив: | СЕ ОДБИВА барањето на Андреј Димовски од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на социјална припадност. |

## Резиме на факти и наводи

Подносителот на барањето, физичко лице, судија на Основниот граѓански суд во Скопје поднесе барање за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на социјална припадност.

Случајот произлегува од постапка за оценување на судија спроведена од Судскиот совет на Република Северна Македонија за периодот 2019–2022 година. Подносителот бил упатен на едногодишна обука во Европскиот суд за човекови права во Стразбур во 2019 година, при што за тој период не му биле доделени бодови при оценувањето, бидејќи Методологијата не предвидувала параметри за таков вид ангажман. Како резултат на тоа бил оценет врз основа на три години (2020–2022), со вкупно 170 бода.

Подносителот поднел приговор на решението за оценување со наводи дека ваквиот пристап е незаконит и дискриминаторски, бидејќи другите судии биле оценети за четири години, што го ставило во понеповолна положба при конкурирање за унапредување, конкретно за избор во Апелациониот суд Скопје. Дополнително, се повика на случај во кој искуството во Европскиот суд за човекови права било позитивно наведено како карактеристика на друг кандидат. По исцрпување на правните средства пред Судскиот совет, Советот за жалби при Врховниот суд и Управниот суд, подносителот поднесе барање до Уставниот суд. Судскиот совет во својот одговор негира постоење дискриминација, нагласувајќи дека подносителот не вршел судиска функција во Стразбур и дека оценувањето било спроведено согласно со важечката Методологија.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали невреднувањето на периодот поминат во Европскиот суд за човекови права при оценувањето на судија претставува дискриминација?
- Дали подносителот бил ставен во понеповолна положба во однос на други судии во споредлива ситуација? Дали се исполнети елементите за утврдување дискриминација односно дали постои релевантен компаратор и повреда на конкретно право?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд утврди дека барањето ги исполнува процесните услови за мериторно одлучување, но дека по суштина е неосновано.

Имајќи го предвид уставното начело на еднаквост од член 9 и концептот на дискриминација како недозволено разликување, разработен и во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Судот нагласи дека за да постои дискриминација потребно е да се утврди: постоење на заштитен основ,

споредлива ситуација (компаратор), различен третман и отсуство на објективно и разумно оправдување.

Во конкретниот случај недостасува клучниот елемент – релевантен компаратор. Имено, Судот утврди дека Судскиот совет само еднаш одлучувал за упатување судија на обука во Европскиот суд за човекови права, токму во случајот на подносителот. Оттука, не постојат други судии во иста или слична ситуација со кои може да се направи споредба.

Дополнително, Судот утврди дека подносителот не вршел судиска функција во Европскиот суд за човекови права, туку бил на обука, што претставува различна фактичка и правна ситуација од онаа на судиите кои биле оценувани врз основа на нивната работа во домашните судови.

*Барањето се одбива како неосновано кога не се исполнети условите за утврдување дискриминација, поради отсуство на релевантен компаратор и непостоење на докажан нееднаков третман во споредлива ситуација.*

Во однос на наводите дека искуството во Европскиот суд било вреднувано кај друг кандидат, Судот оцени дека станува збор за описна карактеристика, а не за формален критериум којшто носи бодови, па оттука не може да се извлече заклучок за нееднаков третман.

Судот се повика и на праксата на Европскиот суд за човекови права (Thlimmenos v. Greece 2000, Carson and Others v. the United Kingdom, 2010; Bączkowski v. Poland, 2007; Eweida and Others v. the United Kingdom, 2013) и истакна дека дискриминацијата подразбира различен третман во споредливи ситуации. Во отсуство на таква ситуација, не може да се утврди повреда.

Воедно, Судот истакна дека прашањето за законитоста на оценувањето е предмет на судска заштита пред редовните судови, што подносителот веќе го искористил, а не на уставно-судска заштита преку дискриминација.

Сепак, Судот укажа дека постои потреба од уредување на прашањето за вреднување на меѓународното искуство на судиите, со цел да се обезбеди правичен и транспарентен систем на напредување.

## 12. Супстантивна недопуштеност на уставно-судска заштита од дискриминација по основ на социјална припадност во редовна судска постапка поради непоткрепеност на наводи

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.1/2025 |
| Датум на одлучување: | 9 јули 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуди на Основниот граѓански суд Скопје и на Апелациониот суд Скопје |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Ангелчо Бузлиев од Скопје, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесу- |

ваат на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност.

## Резиме на факти и наводи

Подносителот - физичко лице, поднесе барање за заштита на слободите и правата, тврдејќи дека е дискриминиран по основ на социјална припадност со пресуди на Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје. Во граѓанската постапка, неговото тужбено барање за поништување или раскинување на договор за пренос на удел во трговско друштво било одбиено, а пресудата била потврдена во жалбена постапка.
Подносителот смета дека судовите неправилно ги ценеле доказите и ги прифатиле аргументите на тужениот – странски холдинг, при што бил ставен во понеповолна положба поради неговата послаба имотна состојба. Според него, ваквиот пристап претставува дискриминација и довел до губење на сопственоста и финансиска штета.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали наводите за неправилна оцена на доказите можат да се квалификуваат како дискриминација?
- Дали подносителот доставил доволно факти и докази за постоење дискриминација по основ на социјална припадност? Дали се исполнети условите за мериторно одлучување за заштита на права од член 110 алинеја 3 од Уставот?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд утврди дека барањето е навремено и дека се исцрпени правните средства, но оцени дека не се исполнети суштинските услови за мериторно одлучување. Судот нагласи дека за утврдување дискриминација е неопходно подносителот да наведе конкретни факти и докази за нееднаков третман во споредба со лице во слична ситуација (компаратор), како и да ја поврзе повредата со заштитен основ.
Во конкретниот случај, Судот утврди дека подносителот не обезбедил релевантни факти кои укажуваат на дискриминација, туку неговите наводи се сведуваат на незадоволство од судските одлуки и начинот на оценување на доказите. Таквите наводи, според Судот, не спаѓаат во рамките на уставно-судската заштита, туку претставуваат обид Уставниот суд да постапува како повисока инстанца.
Судот се повика на сопствената практика и на стандардите на Европскиот суд за човекови права, нагласувајќи дека потребно е постоење *prima facie* докази за дискриминација за да се пристапи кон понатамошна анализа.

## 13. Јурисдикциона ненадлежност за оценка на повреда на правото на правично судење во кривична постапка и барање за повторно судење (*ratione materiae*)

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.6/2025 |
| Датум на одлучување: | 9 јули 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуди на Основниот суд Тетово и на Апелациониот суд Гостивар |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Оливер Милошевски, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, повредени со Пресуда донесена од Основниот суд во Тетово, и пресуди донесени од Апелациониот суд во Гостивар. |

**Резиме на факти и наводи**

Подносителот - физичко лице, поднесе барање за заштита на слободи и права пред Уставниот суд, тврдејќи повреда на правото на правично судење во кривична постапка во која бил осуден на казна затвор од 6 месеци за кривично дело „обид за силување“.
Барањето се однесува на пресудата на Основниот суд Тетово (23.01.2023 година) и две пресуди на Апелациониот суд Гостивар (29.02.2024 и 17.09. 2024 година). Се наведува дека судовите неправилно ја оцениле фактичката состојба, доказите и исказите на сведоци, што довело до негово неправедно осудување.
Во текот на постапката пред редовните судови, жалбата била одбиена, а првостепената пресуда потврдена. По интервенција на Врховниот суд поради процесни повреди (неучество на обвинетиот на седница), предметот бил вратен на повторно одлучување, по што Апелациониот суд повторно ја потврдил осудата. Барањата за повторување на постапката и заштита на законитоста биле одбиени.
Подносителот во барањето се повикува на членовите 6 и 13 од ЕКЧП и уставни одредби за правично судење, право на одбрана и доказна постапка, барајќи укинување или повторување на постапката.

**Правни прашања**

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали Уставниот суд е надлежен да одлучува за повреда на правото на правично судење во кривична постапка?

### Образложение и став на Судот

Судот утврди дека барањето формално е поднесено навремено и дека се исцрпени редовните и вонредните правни лекови.
Меѓутоа, Судот нагласи дека неговата надлежност според член 110 алинеја 3 од Уставот е ограничена исклучиво на заштита од дискриминација и одредени слободи (совест, уверување, политичко дејствување). Правото на правично судење не спаѓа во овој уставен каталог на права заштитени преку овој механизам.
Судот дополнително оцени дека наводите на подносителот суштински претставуваат барање за преиспитување на фактички и доказни прашања и на законитоста на судските одлуки, што е надвор од уставната надлежност и претставува обид за четврта судска инстанца.
Се нагласува и дека оценката на докази, водењето на кривична постапка и процесните одлуки на редовните судови не можат да бидат предмет на уставно-судска контрола во рамки на оваа постапка.

## 14. Недопуштеност на колективна уставно-судска заштита од дискриминација на етничка заедница

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.7/2025 |
| Датум на одлучување: | 9 јули 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Системска дискриминација на граѓаните од турската етничка заедница |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Народниот правобранител за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, коишто се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на национална припадност. |

### Резиме на факти и наводи

Народниот правобранител до Уставниот суд поднесе барање за заштита на слободите и правата на граѓаните од турската етничка заедница, со наводи дека постои системска дискриминација во пристапот до високи позиции во извршната власт.
Барањето се темели на иницијатива од пратеник, при што се наведува дека турската заедница, иако претставува околу 3,8% од населението, е целосно исклучена од највисоките функции во извршната власт, за разлика од помалите заедници кои имаат значајна застапеност.
Подносителот укажува дека ваквата состојба претставува повреда на начелото на еднаквост и правична застапеност утврдени во Уставот и Амандман VI на Уставот, како и на меѓународните стандарди за недискриминација. Предложено е Судот да утврди системска дискриминација и да

наложи мерки како воведување квоти, механизми за следење и задолжителни консултации при именувања.

### Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали Уставниот суд може да обезбеди заштита од дискриминација за колективитет (етничка заедница) преку постапката од член 110 алинеја 3 од Уставот (статус на жртва)?

### Образложение и став на Судот

Судот утврди дека заштитата на слободите и правата според член 110 алинеја 3 од Уставот има исклучиво индивидуален карактер и се однесува на конкретни повреди на права на физички или правни лица.
Во конкретниот случај, барањето е поднесено од Народниот правобранител во име на цела етничка заедница, односно како колективитет, без идентификување на конкретни индивидуални повреди, факти и докази за поединечен нееднаков третман. Судот нагласи дека уставно-судската заштита не опфаќа „*actio popularis*“ или колективни барања за заштита на права, туку бара конкретен поединец да тврди и докаже повреда на право произлезена од поединечен акт или дејствие на јавна власт.
Оттука, отсуството на индивидуализирана повреда и на процесна легитимација претставува процесна пречка за мериторно одлучување.

## 15. Позитивни обврски на државата за заштита на новинари и слободата на изразување во насилни околности

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.8/2025 |
| Датум на одлучување: | 24 септември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуди на Основниот граѓански суд Скопје и на Апелациониот суд Скопје |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА повреда на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, коишто се однесуваат слободата на јавно изразување на мислата на Наташа Стојановска од Скопје, сторена со Пресуда на Основниот граѓански суд Скопје и Пресуда на Апелациониот суд Скопје. |

### Резиме на факти и наводи

Подносителката, како акредитиран новинар вработена во „Телевизија 24 Вести ДООЕЛ Штип“, била присутна во Собранието на Република Северна

Македонија на 27 април 2017 година, со задача да известува за изборот на нов претседател на Собранието, прашање од висок јавен интерес.
Во барањето се наведува дека поради насилните настани што се случиле истиот ден и пропустот на државните органи да преземат соодветни мерки, не била обезбедена нејзината безбедност, ниту биле создадени услови за непречено вршење на новинарската дејност. Според подносителката, државата не ја исполнила својата позитивна обврска да го заштити нејзиниот физички и психички интегритет, како и слободата на изразување.
Поради тоа, подносителката поднела тужба пред Основниот граѓански суд Скопје против Република Северна Македонија, барајќи надомест на нематеријална штета за претрпен страв и за повреда на слободата на изразување. Во тужбата се повикала на член 10 од Европската конвенција за човекови права, нагласувајќи дека слободата на изразување не подразбира само отсуство на државно мешање, туку и позитивна обврска на државата да обезбеди безбедни услови за работа на новинарите.
Основниот граѓански суд Скопје го одбил тужбеното барање во целост, вклучително и делот кој се однесува на повреда на слободата на изразување. Подносителката поднела жалба до Апелациониот суд Скопје, но истиот ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда.
Подносителката во барањето до Уставниот суд наведува дека со образложенијата на двата суда е повредена нејзината уставно гарантирана слобода на изразување, како и член 10 од Европската конвенција, особено од аспект на безбедноста на новинарите. Таа укажува дека судовите не ја ценеле фактичката состојба во нејзина целина, односно дека не станувало збор за известување во нормални и мирни услови, туку во ситуација на сериозна опасност и насилство.
Дополнително, се нагласува дека Собранието, како највисок претставнички орган, треба да обезбеди безбедна средина за вршење на слободата на изразување и за пратениците и за новинарите. Во конкретниот случај, државата не ја исполнила оваа обврска, при што подносителката не само што не можела слободно да известува, туку била и директно изложена на напади.
Во барањето се истакнува и дека од доказите (вклучително и видеоснимки) произлегува дека државата не презела навремени и ефективни мерки за спречување на насилството, а преземените активности биле задоцнети и недоволни.
Подносителката дополнително укажува на т.н. „одвраќачко дејство“ (*chilling effect*) на судските пресуди, со образложение дека тие создаваат опасен преседан во судската пракса – дека државата нема обврска да ја заштити слободата на изразување во вакви ситуации, ниту да преземе превентивни и навремени мерки за заштита на новинарите.
Со барањето се предлага Уставниот суд да утврди повреда на слободата на јавното изразување на мислата, гарантирана со член 16 од Уставот и член 10 од Европската конвенција, и да определи мерки за отстранување на утврдената повреда.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали државата има позитивна обврска да обезбеди услови за непречено вршење на новинарската дејност и дали пропустот на државата

да ја исполни таа обврска претставува повреда на слободата на изразување?

- Дали редовните судови правилно ја примениле уставната и конвенциската заштита на слободата на изразување и дали начинот на кој правото било применето врз или влијаеле врз подносителот на барањето, довело до повреда на Уставот и Конвенцијата?

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд поаѓајќи од уставната гаранција на слободата на мислата и јавното изразување на мислата (член 16 од Уставот), како и од член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, нагласи дека слободата на медиумите е суштински елемент на демократското општество.
Според Судот оваа слобода не подразбира само негативна обврска на државата (да не се меша), туку и позитивна обврска – активно да обезбеди услови за нејзино ефективно уживање. Ова особено се однесува на ситуации кога новинарите известуваат за прашања од јавен интерес.
Во конкретниот случај, Судот утврди дека подносителката била спречена да известува слободно и без страв, не поради директна забрана од државата, туку поради пропуст на државните органи да ја заштитат од насилството. Недостатокот на соодветна полициска реакција, отсуството на навремена заштита и неорганизираната евакуација создале услови во кои новинарската дејност станала невозможна.

*Сторена е повреда на слободата на јавното изразување на мислата кога во услови на насилни околности државата пропуштила да обезбеди услови за нејзина заштита, односно не ја исполнила својата позитивна овврска.*

Судот не го прифати ставот на редовните судови дека државата има обврска само да го штити физичкиот интегритет, а не и новинарското право. Напротив, Судот нагласи дека заштитата на новинарите е предуслов за остварување на слободата на информирање на јавноста. Дополнително, Судот оцени дека редовните судови не ја согледале пошироката димензија на правото на изразување, ниту ја примениле релевантната уставна и конвенциска рамка. Со тоа, тие пропуштиле да утврдат повреда на правото.
Одлуката претставува основа подносителката да ги оствари своите права пред надлежните судови, согласно со член 57 став 2 од Актот на Уставниот суд.

# 16. Супстантивна недопуштеност на уставно-судска заштита од дискриминација по основ на социјална припадност поради непоткрепеност на наводи

## Основни податоци:

Број на предмет: БЗСП.бр.5/2025

Датум на одлучување: 15 октомври 2025 година

| | |
|---|---|
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Решенија на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителска функција, на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Пресуди на Управниот суд и Вишиот управен суд. |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Лејла Кадриу од Тетово, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност. |

## Резиме на факти и наводи

Подносителката физичко лице - јавен обвинител од Тетово, преку полномошник поднесе барање за заштита на слободите и правата, тврдејќи дека е дискриминирана по основ на социјална припадност (професионален статус). Барањето се однесува на повеќе акти: решенија на дисциплински органи (Комисија и Совет на јавни обвинители) со кои ѝ е утврдена дисциплинска одговорност и изречена мерка разрешување, како и пресуди на Управниот и Вишиот управен суд со кои тие одлуки се потврдени.
Подносителката наведува дека дисциплинската постапка била поведена по истек на роковите за застареност и дека во споредливи случаи против виши јавни обвинители не биле поведени постапки. Оттука, смета дека постои нееднаков третман и дискриминација. Се повикува и на пракса на Европскиот суд за човекови права во однос на забрана на дискриминација (член 14 од ЕКЧП).

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали барањето на подносителката е поткрепено со аргументи, факти и докази за постоење дискриминација по основ на социјална припадност и дали се исполнети условите за мериторно одлучување за заштита на права од член 110 алинеја 3 од Уставот?

## Образложение и став на Судот

Судот утврди дека, иако формално се исцрпени правните средства, барањето не содржи доволно аргумнети, факти и докази за дискриминација. Клучен елемент е постоење на споредлива ситуација и различен третман без објективно оправдување. Подносителката не приложи релевантни докази за споредливи случаи, ниту докажа дека се работи за исти или слични фактички и правни околности. Судот нагласи дека незадоволството од исходот на судските и управните постапки не претставува само по себе дискриминација, ниту Уставниот суд е инстанционо надлежен да ја преиспитува законитоста на тие одлуки. Дополнително, правото „да не се поведе дисциплинска постапка“ не е уставно загарантирано право. Оттука, Судот оцени дека не се исполнети условите од член 53 од Актот на Судот за мериторно одлучување и го отфрли барањето.

## 17. Забрана за сегрегација во основно образование при доминантна етничка структура на ученици

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.258/2024 |
| Датум на одлучување: | 22 октомври 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Дејствие преземено од администрацијата на основното општинско училиште „Добре Јовановски“ - Прилеп |
| Диспозитив: | СЕ ОДБИВА барањето на Неџипоски и други од Прилеп, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на раса и национална припадност. |

**Резиме на факти и наводи**

Барањето е поднесено од 17 ученици од ромска национална припадност од Прилеп, преку полномошник, со наводи дека во ООУ „Добре Јовановски“ – Прилеп постои дискриминација и сегрегација врз основа на раса и национална припадност во рамки на основното образование. Според подносителите, училишната администрација при формирањето на паралелките систематски ги распоредувала учениците Роми во т.н. „етнички чисти паралелки“, што довело до нивно физичко одвојување и ставање во понеповолна положба во однос на учениците од македонска националност.
Подносителите се повикуваат на домашното законодавство, особено на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за основното образование, како и на меѓународни стандарди, вклучително и Европската конвенција за човекови права и практиката на Европскиот суд за човекови права, истакнувајќи дека сегрегацијата претставува потежок облик на дискриминација. Во прилог на своите наводи се повикуваат и на мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со кое било утврдено постоење на индиректна дискриминација што доведува до сегрегација, како и на фактот дека препораките на Комисијата не биле спроведени.
Од друга страна, училиштето и надлежните институции наведуваат дека распределбата на учениците е резултат на демографската структура на населението во реонот, каде доминантно население се Роми, како и на законската обврска за запишување на учениците според реонизација. Според нив, при формирањето на паралелките се водело сметка за балансирано распределување, колку што дозволуваат реалните услови, и биле преземени мерки за поттикнување на мултикултурализам и интеграција.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали постоењето на паралелки составени исклучиво од ученици од една етничка припадност претставува дискриминација и сегрегација?
- Дали статистичките податоци за етнички состав се доволни за утврдување дискриминација?
- Дали постапувањето на училишната администрација претставува неоправдано различен третман врз основа на заштитена карактеристика?
- Дали евентуалното различно постапување е објективно оправдано, пропорционално и насочено кон легитимна цел?

## Образложение и став на Судот

Судот го оценуваше поднесеното барање од аспект на уставните начела на еднаквост и забрана на дискриминација (член 9), како и од правото на образование (член 44), во корелација со релевантните законски одредби и меѓународни стандарди, вклучително и член 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и член 2 од Протоколот бр.1 на оваа конвенција.

За да се утврди дискриминација потребно е да постои различен и понеповолен третман во однос на споредливи лица, заснован на заштитена основа, без објективно и разумно оправдување. Во тој контекст, Судот оцени дека самото постоење на „етнички чисти" паралелки не е доволно за утврдување сегрегација, доколку тоа произлегува од објективни околности.

*Не постои нееднаков, различен или понеповолен третман на ученици од една етничка припадност коишто од објективни и демографски околности се во поголем број од учениците од друга етничка припадност во услови кога училишната администрација постапува согласно со законски ограничувања.*

Од изнесената фактичката состојба, Судот утврди дека од вкупно 1.206 ученици, 1.032 се Роми, а 174 Македонци, при што од 54 паралелки, 30 се составени исклучиво од ученици Роми.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека доминантната застапеност на ученици Роми (над 85%) е резултат на демографската структура на населението во реонот, а не на намерно дискриминаторско постапување. Дополнително, Судот констатира дека училиштето формирало и мешани паралелки во секоја генерација, што укажува дека не постои целосно етничко раздвојување.

Судот посвети внимание и на законската рамка, особено на обврската за реонизација и за балансирано распределување на учениците, и оцени дека училишната администрација постапувала во рамките на законските ограничувања (број на ученици по паралелка, структура на запишани ученици). При тоа, Судот ја нагласи потребата да се избегне и интерсекциска дискриминација кон учениците кои се во помал број.

Дополнително, Судот ги зема предвид преземените мерки од страна на училиштето и институциите (ревизија на распределба, соработка со институ-

ции, активности за мултикултурализам), како и фактот дека наставата се одвива согласно националните образовни стандарди.
Оттука, Судот утврди дека не постои нееднаков, различен или понеповолен третман на подносителите во однос на други ученици, ниту пак дека постои дискриминација или сегрегација. Постапувањето на училиштето е оценето како објективно оправдано, пропорционално и насочено кон легитимна цел.

## 18. Процесна недопуштеност на уставно-судска заштита на слободата на изразување, правото на мирно собирање и изразување на јавен протест кај професионални војници во контекст на договорни ограничувања

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.4/2025 |
| Датум на одлучување: | 22 октомври 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Договорот за продолжување на Договорот за работа на определено време на професионалниот војник на служба во Армијата |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Александар Насковски од Скопје, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на работен статус, заштита на правото на слободно изразување, правото на мирно собирање и изразување на јавен протест. |

### Резиме на факти и наводи

Подносителот физичко лице - професионален војник на служба во Армијата, поднесе барање за заштита на слободите и правата, тврдејќи повреда на забраната на дискриминација по основ на работен статус, како и на правото на слободно изразување и мирно собирање. Оспорена е одредба од договор за работа на определено време склучен со Министерството за одбрана, која предвидува дека јавно изразување незадоволство или протест што го нарушува угледот на Армијата претставува основ за раскинување на договорот. Подносителот смета дека оваа клаузула е дискриминаторска и ограничува уставно загарантирани права, барајќи нејзино укинување и измена на договорната практика.

### Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали договорна одредба во работен однос може да биде предмет на уставно-судска заштита на слободи и права, односно дали ваквиот

договор претставува „поединечен акт“ во смисла на член 53 став 1 од Актот на Судот?

### Образложение и став на Судот

Судот утврди дека договорот на кој се повикува барателот не е поединечен акт во смисла на член 53 став 1 од Актот на Уставниот суд. Имено, станува збор за акт – правно дело договор од областа на работните односи, во кој доаѓа до израз согласноста и слободната волја на две рамноправни страни (граѓанин и Министерство), во кој Министерството настапува во својство на договорен субјект.
Во конкретниот случај, Договорот склучен помеѓу Министерството за одбрана и подносителот не создава правен однос меѓу два правни субјекти во кој едниот е во надредена положба како јавна власт, туку е договорен однос во кој страните се еднакви и рамноправни, па оттука не постои акт на јавната власт со кој може да биде сторена повреда на правото, што е неопходен услов за активирање на уставно–судска заштита, поради што Судот оцени дека не се исполнети процесните услови за мериторно одлучување по барањето и го отфрли барањето согласно со член 38 алинеја 3 од Актот на Судот.

## 19. Ненадлежност на Уставниот суд за заштита на правото на жалба

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.11/2025 |
| Датум на одлучување: | 12 ноември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Акти на Медицинскиот факултет |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Александар Илиевски од Скопје за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесува на заштита на правото на жалба. |

### Резиме на факти и наводи

Подносителот, физичко лице, вработен како асистент на факултет, поднесе барање за заштита на слободи и права, тврдејќи повреда на правото на жалба во постапка пред Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Тој наведува дека не му била доставена одлуката за престанок на звањето асистент и работниот однос, со што бил оневозможен да поднесе ефективен приговор. Иако поднел приговор, истиот не бил разгледан на соодветен начин. Подносителот се повикува на Законот за високо образование, како и на уставни гаранции и стандарди за правна заштита, барајќи укинување на актите и до донесување на конечна одлука,

Судот да донесе решение за запирање на извршувањето на Одлуката за прекин на звањето асистент и отказното решение.

### Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали правото на жалба, односно правото на правна заштита против поединечни акти, спаѓа во корпусот на слободи и права кои се заштитуваат пред Уставниот суд согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот?

### Образложение и став на Судот

Судот оцени дека правото на жалба не спаѓа во корпусот на слободи и права коишто согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот, се штитат пред Уставниот суд, поради што Судот го отфрли барањето согласно со член 38 алинеја 1 од Актот на Судот.

## 20. Забрана на дискриминација по основ на социјална припадност и заштита на право од работен однос

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.11/2025 |
| Датум на одлучување: | 12 ноември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Мислење од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација |
| Диспозитив: | СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА по поднесеното барање од Александар Насковски од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија. |

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд на 11.07.2025 година е поднесено барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, и за заштита на право од работен однос, односно остварување на право како вработен, согласно со член 46 став 3 од Законот за работните односи.
Со поднесок од 12.08.2025 година, поднсителот го известува Уставниот суд дека го повлекува поднесеното барање за заштита на слободите и правата од 11.07.2025 година.
Во поднесокот подносителот наведува дека барањето за заштита на слободи и права го поднел до Уставниот суд поради поминат долг временски период на донесување на мислење од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пред која доставил претставка за утврдување дискримина-

ција врз професионалните војници, меѓутоа на 16.07.2025 година, од страна на Комисијата им било доставено Мислење за утврдена индиректна дискриминација од страна на Министерството за одбрана кон професионалните војници во служба на Армијата на Република Северна Македонија врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи. Воедно, подносителот го известува Уставниот суд дека со Мислењето, покрај утврдената индиректна дискриминација, Комисијата дала насоки и препораки за отстранување на повредата, со што е задоволена страната на подносителот на претставката од одговорот на Комисијата, од кои причини бара Уставниот суд да не постапува и да не отвора постапка врз основа на истото.

### Образложение и став на Судот

Поднесеното барање за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност и за заштита на право од работен однос, е повлечено од страна на подносителот, поради што Судот утврди дека се исполнети условите од член 59 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд за запирање на постапката.

## 21. Позитивни обврски на државата за заштита на новинари и слободата на изразување во насилни околности

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.9/2025 |
| Датум на одлучување: | 12 ноември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуди на Основниот граѓански суд Скопје и на Апелациониот суд Скопје |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА повреда на слободата на мислата и јавното изразување на мислата на Билјана Николовска Тодорова од Скопје, Игор Јанковски од Скопје и Томе Ангеловски од с.Мешеишта, Дебрца, сторена со Пресуда од Основниот граѓански суд Скопје и Пресуда на Апелациониот суд Скопје. |

### Резиме на факти и наводи

Подносителите на барањето, како вработени во ТВ „Телма" во својство на новинар, снимател и организатор на новинарска екипа биле присутни во Собранието на Република Северна Македонија на 27 април 2017 година, со задача да известуваат за изборот на нов претседател на Собранието, прашање од висок јавен интерес. Во барањето се наведува дека поради насилните настани што се случиле истиот ден и пропустот на државните органи да преземат соодветни мерки, не била обезбедена нивната безбедност, ниту биле создадени услови за непречено вршење на новинарската дејност. Според подносителите, државата не ја исполнила својата позитивна обврска да го заштити нејзиниот физички и психички интегритет, како и слободата на изразување.

Подносителите поднеле тужба до Основниот граѓански суд Скопје против Република Северна Македонија за надомест на материјална штета поради претрпен страв и надомест на нематеријална штета за повреда на слободата на изразување, поради непреземање дејствија од страна на државата да го заштити физичкиот и психичкиот интегритет, како и да преземе соодветни дејствија за заштита на слободата на изразување.
Во тужбата се повикале на член 10 од Европската конвенција за човекови права, нагласувајќи дека слободата на изразување не подразбира само отсуство на државно мешање, туку и позитивна обврска на државата да обезбеди безбедни услови за работа на новинарите.
Основниот граѓански суд Скопје го одбил тужбеното барање во целост, вклучително и делот кој се однесува на повреда на слободата на изразување. Подносителката поднела жалба, но Апелациониот суд Скопје ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда.
Во барањето до Уставниот суд се наведува дека со образложенијата на двата суда е повредена нивната уставно гарантирана слобода на изразување, како и член 10 од Европската конвенција, особено од аспект на безбедноста на новинарите. Се укажува дека судовите не ја ценеле фактичката состојба во целина, односно дека не станувало збор за известување во нормални и мирни услови, туку во ситуација на сериозна опасност и насилство.
Дополнително, се нагласува дека Собранието, како највисок претставнички орган, треба да обезбеди безбедна средина за вршење на слободата на изразување и за пратениците и за новинарите. Во конкретниот случај, државата не ја исполнила оваа обврска, при што подносителите не само што не можеле слободно да известуваат, туку биле и директно изложени на напади.
Во барањето се истакнува и дека од доказите (вклучително и видеоснимки) произлегува дека државата не презела навремени и ефективни мерки за спречување на насилството, а преземените активности биле задоцнети и недоволни. Дополнително се укажува на т.н. „одвраќачко дејство“ (*chilling effect*) на судските пресуди, со образложение дека тие создаваат опасен преседан во судската пракса – дека државата нема обврска да ја заштити слободата на изразување во вакви ситуации, ниту да преземе превентивни и навремени мерки за заштита на новинарите.
Со барањето се предлага Уставниот суд да утврди повреда на слободата на јавното изразување на мислата, гарантирана со член 16 од Уставот и член 10 од Европската конвенција, и да определи мерки за отстранување на утврдената повреда.

## Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали државата има позитивна обврска да обезбеди услови за непречено вршење на новинарската дејност и дали пропустот на државата да ја исполни таа обврска претставува повреда на слободата на изразување?
- Дали редовните судови правилно ја примениле уставната и конвенциската заштита на слободата на изразување? Односно, дали начинот на кој правото било применето врз или влијаеле врз подносителот на барањето довело до повреда на Уставот и Конвенцијата.

## Образложение и став на Судот

Уставниот суд поаѓајќи од уставната гаранција на слободата на мислата и јавното изразување на мислата (член 16 од Уставот), како и од член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, нагласи дека слободата на медиумите е суштински елемент на демократското општество.
Според Судот, оваа слобода не подразбира само негативна обврска на државата (да не се меша), туку и позитивна обврска – активно да обезбеди услови за нејзино ефективно уживање. Ова особено се однесува на ситуации кога новинарите известуваат за прашања од јавен интерес.

*Сторена е повреда на слободата на јавното изразување на мислата кога во услови на насилни околности државата пропуштила да обезбеди услови за нејзина заштита, односно не ја исполнила својата позитивна овврска.*

Во конкретниот случај, Судот утврди дека подносителите биле спречени да известуваат слободно и без страв, не поради директна забрана од државата, туку поради пропуст на државните органи да ги заштитат од насилството. Недостатокот на соодветна полициска реакција, отсуството на навремена заштита и неорганизираната евакуација создале услови во кои новинарската дејност станала невозможна.
Судот не го прифати ставот на редовните судови дека државата има обврска само да го штити физичкиот интегритет, а не и новинарското право. Напротив, Судот нагласи дека заштитата на новинарите е предуслов за остварување на слободата на информирање на јавноста.
Дополнително, Судот оцени дека редовните судови не ја согледале пошироката димензија на правото на изразување, ниту ја примениле релевантната уставна и конвенциска рамка. Со тоа, тие пропуштиле да утврдат повреда на правото. Одлуката претставува основа подносителите да ги остварат своите права пред надлежните судови, согласно со член 57 став 2 од Актот на Уставниот суд.

# 22. Супсидијарност на уставната и судската заштита и процесни пречки поврзани со искористувањето на правни лекови при заштита од дискриминација

## Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.13/2025 |
| Датум на одлучување: | 19 ноември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Пресуда на Основниот суд Охрид |
| Диспозитив: | СЕ ОТФРЛА барањето на Иванчо Тасески и ДОО ДОРИН од Охрид, поднесено преку адвокатот Стојан Вељановски од Охрид, за заштита на сло- |

бодите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот коишто се однесуваат на забраната на дискриминација во остварување на правото на одбрана пред суд.

### Резиме на факти и наводи

До Уставниот суд е поднесено барање за заштита на слободите и правата од физичко и правно лице со наводи дека во прекршочна постапка пред Основниот суд во Охрид им било ускратено правото на одбрана и еднаквост на оружјата, што според нив претставува дискриминација. Судот ги одбил нивните доказни предлози и ги огласил за виновни, изрекувајќи парични глоби. Жалбата била одбиена од Апелациониот суд Битола. Подносителите барале поништување на пресудите и запирање на нивното извршување, повикувајќи се на повреда на уставно загарантирани права.

### Правни прашања

Пред Судот како спорни се поставија следните правни прашања:

- Дали се исполнети процесните претпоставки во однос на условот за исцрпување на правни средства?
- Дали наводите за повреда на правото на фер судење спаѓа во надлежноста на Уставниот суд согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот?

### Образложение и став на Судот

Судот истакна дека заштитата пред него има супсидијарен карактер и се активира само по исцрпување на сите правни средства, што во конкретниот случај не е докажано, особено во однос на можноста за заштита од дискриминација пред редовните судови. Дополнително, Судот оцени дека наводите за повреда на правото на одбрана се дел од правото на фер судење согласно со член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права, коешто не е во корпусот на права што ги штити Уставниот суд по оваа постапка. Оттука, барањето е отфрлено поради ненадлежност и процесни пречки,.

## 23. Супсидијарност на уставно-судската заштита при наводи за дискриминација по политичка припадност во остварување право на плата по престанок на функција

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | БЗСП.бр.14/2025 |
| Датум на одлучување: | 3 декември 2025 година |
| Акт/Дејствие со кој е: сторена повредата | Одговор на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Решение на Владата |

Диспозитив: СЕ ОТФРЛА барањето на Александар Наумовски од Скопје, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 110 алинеја 3 на Уставот на Република Северна Македонија коишто се однесуваат на забраната на дискриминација по однос на политичка припадност.

## Резиме на факти и наводи

Подносителот - физичко лице, поднесе барање за заштита на слободи и права, тврдејќи дека му е сторена дискриминација по основ на политичка припадност во постапка за остварување право на плата по престанок на функција. Тој бил разрешен од функцијата претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, по што Владата го одбила неговото барање за надомест, повикувајќи се на укинување на релевантна законска одредба. Подносителот наведува дека во идентични случаи други лица го оствариле правото, што според него, укажува на нееднакво постапување. Дополнително, се повикува на уставните принципи на еднаквост (член 9) и социјална сигурност, како и на пракса на Европскиот суд за човекови права.

## Правни прашања

Пред Судот како спорно се постави следното правно прашање:

- Дали се исполнети процесните услови за уставно-судска заштита, во однос на исцрпување на правни средства?

## Образложение и став на Судот

Судот утврди дека барањето е поднесено без претходно исцрпување на сите редовни и вонредни правни средства, иако Уставот во член 50 став 2 гарантира судска заштита против поединечни акти. Фактот што актите се конечни не ја исклучува обврската за поведување соодветен судски спор. Оттука, неисполнувањето на условот за супсидијарност претставува процесна пречка. Дополнително, Судот оцени дека правото на материјална обезбеденост не е во корпусот на права заштитени со член 110 алинеја 3 од Уставот. Поради овие причини, без впуштање во мериторна оцена на наводите за дискриминација, барањето е отфрлено.

# III.4. ВИД НА ПОСТАПКА:

# ПРЕДЛОЗИ ЗА РЕШАВАЊЕ СУДИР НА НАДЛЕЖНОСТИ

## 1. Судир на надлежност во однос на остварување на право на плата по престанок на функција

**Основни податоци:**

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.228/2024 |
| Датум на одлучување: | 5 март 2025 година |
| Органи меѓу кои се јавува судирот на надлежност: | Собрание на Република Северна Македонија и Претседателот на Републиката |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА дека Комисијата за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Северна Македонија е стварно надлежна да постапува по Барањето за остварување на правото на плата по престанок на функцијата од 28.05.2024 година, поднесено од страна на Билјана Радева од Штип. |

**Резиме на факти и наводи**

Во предлогот за решавање судир на надлежност помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и претседателот на Република Северна Македонија, се наведува дека подносителката по завршувањето на функцијата заменик генерален секретар на претседателот на Републиката поднела Барање за остварување на плата по престанок на функцијата до Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата ѝ доставила одговор во кој било наведено дека не е надлежна да одлучува по барањето, по што се обратила и до Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија од каде била известена дека надлежно тело на Собранието на Републиката го утврдува правото на плата по престанување на функцијата, согласно со одредбите на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката.

Со оглед на тоа што наведените органи се огласиле за ненадлежни за постапување по барањето за остварување на плата по престанување на функцијата заменик генерален секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, подносителката со Предлог за решавање на судир на надлежности се обрати до Судот и му предлага да утврди законска надлежност на Собранието на Република Северна Македонија за постапување по барањето.

### Образложение и став на Судот

Судот утврди дека основ за постапување по предлогот во конкретниот случај претставува постоењето на еден конечен и еден правосилен акт со кои два органи, едниот на законодавната, а другиот на извршната власт, се огласиле за ненадлежни, односно постои негативен судир на надлежности со што е нарушено законски утврденото право на подносителката.
Од анализата на актите и од утврдената фактичка состојба, Судот оцени дека Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Северна Македонија е надлежен орган за постапување по конкретното барање за остварување на право на плата по престанок на функцијата.
Оттука, Судот утврди дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија преку Комисијата за прашања на избори и именувања да ја изврши својата надлежност, согласно со членовите 19 и 20 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

## 2. Судир на надлежност во однос на остварување на право на плата по престанок на функција

### Основни податоци:

| | |
|---|---|
| Број на предмет: | У.бр.229/2024 |
| Датум на одлучување: | 5 март 2025 година |
| Органи меѓу кои се јавува судирот на надлежност: | Собрание на Република Северна Македонија и Претседателот на Републиката |
| Диспозитив: | СЕ УТВРДУВА дека Комисијата за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Северна Македонија е стварно надлежна да постапува по Барањето за остварување на правото на плата по престанок на функцијата од 28.05.2024 година, поднесено од страна на Миле Бошњаковски. |

### Резиме на факти и наводи

Во предлогот за решавање судир на надлежност помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и претседателот на Република Северна Македонија, се наведува дека подносителот во по престанокот на функцијата генерален секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија се обратил до надлежното постојано работно тело на Собранието, Комисијата за прашања на изборите и именувањата со Барање за остварување на плата по престанување на функцијата. Комисијата му доставила Одговор со кој го известува дека не е надлежна да одлучува по барањето, по што подносителот поднесува барање до претседателот на

Републиката да одлучи во однос на неговото право на остварување на плата по престанување на функцијата.
Кабинетот на претседателот на Републиката, со Известување се произнел дека во член 25 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица јасно е пропишано дека одредбите од член 19 до член 24 се применуваат и на претседателот на Републиката, на функционер и на раководен работник што го именува или назначува претседателот на Републиката или телото што тој ќе го овласти, па оттука јасно е определена надлежноста на органот односно телото кое го утврдува правото на плата по престанување на функцијата.
Имајќи предвид дека во Одговорот од претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е дадено образложение зошто Комисијата не е надлежна да одлучува по неговото барање и Известувањето од Кабинетот на претседателот на Републиката, подносителот на барањето со нов поднесок насловен како приговор повторно писмено се обраќа до Собранието на Република Северна Македонија и согласно позитивните законски прописи бара надлежното тело, односно Комисијата да одлучува по неговото барање и да донесе Решение со кое ќе му утврди право на плата по престанување на функцијата во кабинетот на претседателот на Републиката согласно со Законот.
Со предлогот за решавање судир на надлежности се бара Судот да донесе одлука за решавање на судирот на надлежност со која ќе одлучи по однос на стварната надлежност за постапување по Барањето, согласно со член 110 став 1 алинеја 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

## Образложение и став на Судот

Судот утврди дека основ за постапување по предлогот во конкретниот случај претставува постоењето на еден конечен и еден правосилен акт со кои два органи, едниот на законодавната, а другиот на извршната власт, се огласиле за ненадлежни, односно постои негативен судир на надлежности со што е нарушено законски утврденото право на подносителот.
Од анализата на актите и од утврдената фактичка состојба, Судот оцени дека Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Северна Македонија е надлежен орган за постапување по конкретното Барање за остварување на право на плата по престанок на функцијата.
Оттука, Судот утврди дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија преку Комисијата за прашања на избори и именувања да ја изврши својата надлежност, согласно со членовите 19, 20 и 25 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

# IV. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2025 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно со член 34 став 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024), беа издвоени и писмено образложени **21 издвоени мислења** на судии, по **18** предмети:

- ✓ **У.бр.138/2023** – издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева

*Решение со кое не се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/2023).*

- ✓ **У.бр.239/2024** – заедничко издвоено мислење од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и судијата д-р Осман Кадриу

*Одлука со која се утврди повреда на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на политичко дејствување на Сали Мурати, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.*

- ✓ **У.бр.162/2023 и У.бр.163/2023** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/2023).*

- ✓ **У.бр.198/2024** – заедничко издвоено мислење од судиите м-р Фатмир Скендер и Насер Ајдари

*Решение со кое се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Медресеја Иса Беу“ – с. Кондово, Скопје, донесена од Владата на Република Северна Македонија.*

- ✓ **У.бр.91/2024** – издвоено мислење од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски

*Решение со кое не се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.*

- ✓ **У.бр.133/2022** – издвоено мислење од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева и издвоено мислење од судијата д-р Ана Павловска – Данева

*Одлука со која се одби барањето на проф. д-р Димитар Апасиев од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.*

- ✓ **У.бр.9/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое не се поведе постапка за оценување на уставноста на член 65 ставови 1 и 2 од Законот за вештачење.*

- ✓ **У.бр.231/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ - Бозаџиева

*Решение со кое се отфрла иницијативата за оценување на уставноста на член 93 од Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.236/2022).*

- ✓ **У.бр.165/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Одлука со која се одбива барањето на Билјана Ванковска-Цветковска од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на правото на политичко дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.*

- ✓ **У.бр.251/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ - Бозаџиева

*Одлука со која се укинуваат дел II „Општ дел" точка 5 потточка 1 во делот „Вкупно резидентно население' го сочинуваат следните лица - единици на Попис" и потточка 2 во делот „Вкупно нерезидентно население' го сочинуваат следните лица - единици на Попис" од Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.*

- ✓ **У.бр.2/2025** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое не се поведе постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став 3 и член 45 став 4 од Законот за надворешни работи.*

- ✓ **БЗСП.бр.7/2025** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое се отфрли барањето на Народниот правобранител за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, коишто се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на национална припадност.*

- ✓ **У.бр.46/2025** - издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ - Бозаџиева

*Решение со кое се запре постапката за оценување на уставноста на член 160 став 6 од Законот за високото образование.*

- ✓ **УЗ.бр.57/2025 и УЗ.бр.58/2025** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое не се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 4 од Правилникот за регулирање на постапката за собирање на потписи за поддршка на кандидатските листи поднесени од група избирачи и начинот на определување на нотарите, за локалните избори 2025 година бр.08-1708/1 од 17.08. 2025 година, донесен од Државната изборна комисија.*

- ✓ **У.бр.247/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер и издвоено мислење од судијата м-р Татјана Васиќ - Бозаџиева

*Решение со кое се отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 69 став 4 од Законот за управните спорови.*

- ✓ **У.бр.13/2025** – издвоено мислење од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски

*Решение со кое се поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2025).*

- ✓ **У.бр.243/2024** – издвоено мислење од судијата м-р Фатмир Скендер

*Решение со кое не се поведе постапка оценување на уставноста на член 215 став 6 од Кривичниот законик.*

- ✓ **У.бр.71/2025** – издвоено мислење од судијата д-р Ана Павловска – Данева

*Решение со кое се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на: Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024) и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024).*

# V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Уставниот суд ја информира јавноста за сите активности во работењето преку официјалната интернет-страница (http://ustavensud.mk/).
Информациите се објавуваат и на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд (https://www.facebook.com/ustaven.oficijalna.stranica/), а во исто време истите содржини ги добиваат повеќе од 200 новинари и медиуми во државата преку нивните мејл-адреси. Седниците и јавните расправи се отворени за јавноста и секој може да присуствува. Комуникацијата на Судот со граѓаните се одвива непосредно и директно преку портпаролот на Судот, која на дневна база одговара на телефонски повици, средби во Уставниот суд, преку електронска пошта и пошта.
Дополнително, активен е официјален профил на Судот, на платформата на You Tube каде што се објавуваат видео содржини од работата на Судот.

## V.1. СООПШТЕНИЈА

Во текот на 2025 година Уставниот суд на својата веб-страница објави 205 соопштенија. Судот ја продолжи праксата да известува и да ги најавува дневните редови на сите седници, при што во оваа насока се објавени 28 соопштенија коишто ги содржат информациите за оспорените акти, подносителите на информациите, дел од наводите во иницијативите или барањата за заштита на слободите и правата. Во генералната бројка на соопштенија се вклучени и информации за останатите активности и работа на Уставниот суд. Дополнително, за сите активности и седници новинарите се информирани преку службената електронска пошта и на лицето за односи со јавноста со уште 20 соопштенија, најави и покани за одржување или информирање за настаните. Бројката на објавени соопштенија се движи во насока на зголемениот тренд на активно информирање на јавноста и не отстапува од стандардот којшто е постигнат во 2024 година, односно 213 соопштенија.
Како главен ресурс за информирање на јавноста, Судот ја користи веб-страница (ustavensud.mk). Согласно со статистиката од анализираните податоци, вкупниот број на посети на веб-страницата на Уставниот суд е 134,802. Најголема посетеност на веб-страницата има во периодот од 8-17 часот. Притоа во оваа бројка влегуваат посетите единствено во првата половина од годината, односно од јануари до крајот на јуни 2025 година. Во следните месеци, поради технички аномалии на серверот, посетите не се регистрирани.
Во насока на унапредување на транспарентноста, Уставниот суд на својата интернет страница објави видео-документарец во врска со историјатот и надлежностите на Судот.
Како дел од комуникациските алатки кои се користени во 2025 година се и прес-конференциите одржани по завршување на седниците на Уставниот суд. Одржани се вкупно осум прес-конференции на кои претседателот и судиите го аргументирале одлученото по седниците, или известиле за прашања од јавен интерес.

| | |
|---|---|
| **05.02.2025** | Прес-конференција на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски во врска со поништувањето на Законот за данокот на солидарност |
| **19.02.2025 (Видео)** | Прес-конференција на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик |
| **19.02.2025 (Видео)** | Прес-конференција на судијата д-р Осман Кадриу по повод поведена постапка за оценување на одредби од Деловникот на Советот на јавни обвинители |
| **20.05.2025** | Прес-конференција и одговор за медиумите на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски и судијата д-р Осман Кадриу во врска со укинувањето на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик |
| **17.09.2025** | Прес-конференција на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски по завршувањето на 19-та седница на Судот |
| **15.10.2025** | Прес-конференција на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски по завршувањето на 21-та седница на Судот |
| **24.12.2025** | Прес-конференција на претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски и судијата д-р Осман Кадриу по завршувањето на 28-та седница на Судот |
| **26.12.2025** | Годишна прес-конференција на претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски |

## V.2. Емитување во живо

Во текот на извештајниот период, Уставниот суд за првпат воведе пракса на организирање и емитување на настани во живо, како дел од заложбите за унапредување на транспарентноста и отвореноста кон јавноста. Оваа новина, воведена во текот на 2025 година, беше овозможена преку набавка и ставање во функција на нова опрема за аудио и видео снимање и пренос, што овозможи настаните да се следат во реално време. На овој начин, граѓаните добија директен увид во работата и активностите на Судот, со што се зајакнува довербата и навремената информираност.

| | |
|---|---|
| **28.04.2025** | Тркалезна маса на тема: „Дали ни е потребен Закон за Уставен суд?“ |

| | |
|---|---|
| **28.04.2025** | Промоција на новата опрема за дигитализација на Уставниот суд |

## V.3. Интервјуа и медиумски настапи

Во 2025 претставниците на Уставниот суд активно учествуваа во медиумски емисии и интервјуа, со цел унапредување на транспарентноста и приближување на работата на Судот до јавноста. Вкупно беа реализирани десет медиумски настапи, при што пет настапи (50%) се на претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски (МРТ, Канал 5, Трилинг-ТВ Магазин, Сител, Телма), а пет настапи (50%) се реализирани од страна на судиите: д-р Ана Павловска-Данева (интервју за ТВ Алфа и поткаст „Основано сомнение“), Добрила Кацарска (интервју за ТВ Телма, емисија „Директно“) и д-р Осман Кадриу (интервјуа за Алсат и ТВ21).
Настапите беа емитувани на национални телевизии и дигитални платформи, вклучително ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, како и онлајн медиуми и подкаст формати со поширок јавен досег. Преку овие настапи беа појаснети значајни правни прашања, актуелни предмети и ставови на Судот, како и неговата улога во заштитата на уставноста и законитоста.

## V.4. Видео-обраќања, честитки и говори

Во текот на извештајниот период, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, реализираше видео-обраќања, честитки и јавни обраќања со цел навремено информирање на јавноста и одбележување на значајни државни датуми и настани. Преку овие форми на комуникација Судот ги афирмира уставните вредности, ја зајакнува институционалната транспарентност и одржува континуирана врска со граѓаните.

Вкупно беа реализирани шест обраќања, и тоа: три честитки, едно видео-обраќање и две јавни обраќања.

| | |
|---|---|
| **16.03.2025** | Јавно обраќање со изразување сочувство до семејствата на настраданите во пожарот во Кочани |

| | |
|---|---|
| **02.08.2025** | Честитка по повод Денот на Републиката – 2 Август, Илинден |

| | |
|---|---|
| **08.09.2025** | Честитка по повод Денот на независноста – 8 Септември |

| | |
|---|---|
| **17.11.2025** | Видео-обраќање по повод 17 Ноември – Денот на Уставот на Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **10.12.2025** | Обраќање по повод Меѓународниот ден на човековите права, проследено со промоција на документарец и повик за активно граѓанско учество |

| | |
|---|---|
| **31.12.2025** | Новоогдишна честитка од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски |

## V.5. Одговори до медиуми и проактивна комуникација по конкретни предмети

Во текот на 2025 година, Уставниот суд континуирано практикуваше проактивна комуникација со медиумите по конкретни предмети од висок јавен интерес. Преку навремени одговори, писмени дописи и медиумски настапи, Судот обезбедуваше точни и релевантни информации со цел појаснување на постапките, надлежностите и текот на одлучувањето, како и спречување на дезинформации во јавноста. Овој пристап придонесува кон зголемена транспарентност и зајакнување на довербата во институцијата.

Во извештајниот период беа реализирани пет активности од ваков карактер:

| | |
|---|---|
| **13.03.2025** | Одговор на Уставниот суд до медиумите во врска со т.н. интерпелација на уставни судии |
| **19.05.2025** | Соопштение во врска со пресудата на Управниот суд |
| **01.07.2025** | Писмен допис на претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, до независни советници во врска со Изборниот законик. |
| **29.08.2025** | Одговор на Уставниот суд до медиумите во врска со предметот во кој е поведена постапка за измените на Кривичниот законик |
| **21.11.2025** | Реакција на Уставниот суд за нападите упатени кон судијата Добрила Кацарска и Судот во врска со предметот за т.н. „линеарно покачување на пензиите“. |

## V.6. Посебни соопштенија поврзани со предмети од јавен интерес

Во текот на 2025 година, Уставниот суд континуирано објавуваше посебни соопштенија поврзани со предмети од висок јавен интерес, со цел навремено и транспарентно информирање на јавноста за донесените одлуки и текот на постапките. Преку овие соопштенија, Судот обезбедуваше јасно разбирање на својата работа, придонесувајќи кон зајакнување на правната сигурност и довербата во институцијата.

Во извештајниот период беа објавени вкупно 16 соопштенија од ваков карактер.

| | |
|---|---|
| **06.02.2025** | Утврдена повреда на слободата на јавно изразување на мислата и правото на политичко дејствување на пратеникот Сали Мурати |
| **06.02.2025** | Уставниот суд го поништи Законот за данок на солидарност |
| **06.02.2025** | Отфрлено барањето за заштита на слободите и правата на Слободан Трендафилов и други за оспорена пресуда од Врховниот суд |
| **06.02.2025** | Уставниот суд го одби барањето за заштита на слободите и правата на Еролд Муслиу |
| **12.02.2025** | Поведена постапка за Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик |
| **19.02.2025 (Видео)** | Поведена постапка за оценување на одредби од Деловникот на Советот на јавни обвинители кои се однесуваат на оценување на стажот на членовите при унапредување во обвинителствата |
| **19.02.2025** | Останува отворена постапката за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Изборниот законик – одлучувањето ќе се врши во полн состав |
| **12.03.2025** | Уставниот суд поведе постапка за оценување на Методологијата за пописот од 2021 година |
| **30.04.2025** | Уставниот суд ја укина Одлуката со која е одобрено основање на приватното средно училиште „Медресеја Иса Беу“ во Кондово |
| **28.05.2025** | Не се поведува постапка за оценување на Одлуката за ДУП во Општина Ѓорче Петров |
| **28.05.2025** | Не се поведува постапка за оценување на Листата на стоматолошки услуги |
| **26.06.2025** | Уставниот суд укина одредби од Методологијата за пописот спроведен во 2021 година |
| **26.06.2025** | Уставниот суд го одби барањето на подносителката Билјана Ванковска-Цветковска |

| | |
|---|---|
| **03.07.2025** | Уставниот суд го одби барањето за заштита од дискриминација на подносителот Андреј Димовски |

| | |
|---|---|
| **17.09.2025** | Судот не поведе постапка за оценување на Правилникот донесен од ДИК, кој ја регулира постапката за собирање потписи за кандидатските листи |

| | |
|---|---|
| **20.11.2025** | Уставниот суд поведе постапка за член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување |

## V.7. Објави на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд

Службениот фејсбук-профил на Уставниот суд е креиран на 27 декември 2021 година и до крајот на 2025 година достигна до 2500 следбеници (followers) што се добиени по природен пат (organic) без спонзорирање на објави или на страницата. Регистрирани се 342,664 прегледи на ФБ страницата во тековната година. Најмногу, односно 50% од прегледите се направени на постови со објавени фотографии. Во 2025 година беа објавени вкупно 200 објави, што е во рамки на воспоставениот тренд на зголемена комуникациска активност во однос на претходните години и не отстапува значително од нивото на објави во 2024 година (221 објава). Овој континуитет на раст е видлив во однос на 2023 година, кога беа објавени 140 објави, како и во однос на 2022 година, што укажува на постепено интензивирање на комуникацијата на Судот со јавноста. Најголем интерес предизвикала објавата Амбасадорката на САД Анџела П. Агелер во посета на Уставниот суд со 51.398 прегледи.

# VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во остварувањето на своите функции, Уставниот суд соработува со уставни судови на други држави и меѓународни судови по прашања од интерес за заштита и унапредување на слободите и правата на човекот и граѓанинот и од значење за развојот и унапредувањето на уставно-судската мисла и практика. Во остварувањето на оваа соработка, Судот активно учествува на многубројни меѓународни и регионални конференции од сферата на уставното право.

Уставниот суд од мај 1999 година е полноправен член на Конференцијата на европските уставни судови и во рамки на оваа конференција Судот на рамноправна основа учествува во расправите за прашања што се однесуваат на уставното судство и уставната јуриспруденција на европско ниво.

Од 2011 година, Судот е полноправен член на Светската конференција за уставна правда и редовно учествува во работата на конгресите на оваа асоцијација.

Судот редовно учествува и постојано соработува со Венецијанската комисија при Советот на Европа (Европската комисија за демократија преку право) преку својот офицер за врски, на кој начин Уставниот суд остварува контакти и со другите тела на Советот на Европа, особено со Европскиот суд за човекови права и Европската Унија.

Претседателот и судиите на Уставниот суд редовно присуствуваат на Свеченото отворање на судиската година на Европскиот суд за човекови права што се одржува секоја година во Стразбур и, исто така, активно учествуваат и на редовните средби на уставните судови од регионот.

Од 2017 година, Судот е член на Мрежата на највисоките судови при Европскиот суд за човекови права (Superior Court Network) во чии рамки Уставниот суд разменува информации, искуства и судска практика.

Уставниот суд е полноправен член на Асоцијацијата на франкофонски уставни судови (ACCF).

Покрај мултилатералната соработка, Уставниот суд има воспоставено и билатерална соработка со уставните судови на Албанија, Бугарија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Словенија, Косово и Турција.

Во 2023 година е потпишан Меморандум за разбирање и основање на Балкански форум на уставни судови заедно со претседателите на уставните судови на Бугарија, Албанија, Црна Гора, Косово и Турција.

| | | |
|---|---|---|
| **Јануари** | Будимпешта<br>Унгарија | 35 годишнина на основањето на Уставниот суд на Унгарија |
| | 22-24 јануари<br> | Судијата м-р Фатимир Скендер и советникот на Судот, м-р Марина Пеливанова-Димовска учествуваа на Меѓународна конференција во Будимпешта, по повод одбележувањето на 35 годишнината од основањето на Уставниот суд на Унгарија.<br>Во фокус на Конференцијата беа темите „Животен циклус во работата на уставните судови – предизвици и одговори” и „Ефектите од пристапувањето на Европската Унија врз уставното одлучување, улогите на уставните судови во европската сфера, актуелните предизвици на фундаменталната правна заштита”. |
| | Стразбург<br>Франција | Отворање на судиска година на Европскиот суд за човекови права |
| | 31 јануари<br> | Судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, м-р Фатмир Скендер, генералниот секретар на Судот, м-р Виолета Ѓорѓиевска и советникот на Судот м-р Мајлинда Исмаили, учествуваа на свеченото отворање на судиската година на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, каде се одржа и судски семинар на тема „Заштита на човековите права во свет на вештачка интелигенција, алгоритми и податоци за прибирање, категоризација и анализа (big data)”. |
| **Февруари** | Опатија<br>Хрватска | Меѓународна конференција |
| | 21 февруари<br> | Судијата проф. д-р Ана Павловска-Данева учествуваше на Меѓународната конференција со свое обраќање на темата „Примена на Европските принципи во реорганизацијата на државната администрација во Република Северна Македонија”. На Конференцијата беа презентирани практични примери од повеќе држави, и од земјите-членки на ЕУ, но и од земји коишто не се дел од Европската Унија, од претставници на правосудството, уставните судови, како и реномирани професори областа на административното право. |
| | Тирана<br>Албанија | Подготвителен состанок и Круг на Претседатели на Европската конференција на уставните судови (CECC) |
| | 28 февруари<br> | На овој настан учествуваше претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и на истиот беше утврдена темата на XX-от Конгрес што ќе се одржи во мај 2027 година во Албанија, каде европските судови ќе дискутираат на тема „Одбрана на демократијата, слободата на изразувањето, социјалните медиуми и лажните вести“.<br>Претседателот на Судот, на маргините на овој состанок одржа и билатерални средби со своите колеги од повеќе земји. |

## Април

Инстамбул
Турција

**Средба на претседателот на Судот со претседателот на Турската Маариф Фондација**

24 април



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари средба со претседателот на Турската Маариф Фондација, г. Махмур Оздил.
На средбата, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, им го честита неверојатниот успех на Фондацијата, особено што само за 9 години имаат основано вкупно 495 училишта во 55 држави.

Инстанбул
Турција

**Меѓународен симпозиум по повод 63-годишнината од работењето на Уставниот суд на Република Туркије**

25 -26 април





Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и шефот на кабинетот на претседателот на Судот, д-р Екрем Халимовски, зедоа активно учество на Меѓународниот симпозиум на кој централни теми на кои беше дискутирано беа: „Иднината на уставната правда во 21 век", „Предизвици и можности за уставното судство".
Претседателот на Судот, исто така оствари средби со г. Кадир Озкаја, претседател на Уставниот суд на Република Туркије и други претставници на судови.
Претседателот на Судот и претседателот на Уставниот суд на Република Туркије, г.Озкаја оствариja кратка средба со претседателот на Република Туркије, г.Ердоган.

## Мај

Букурешт
Романија

**X. Конгрес на ACCF**

6-8 мај




Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и советникот на Судот, Татјана Јањиќ – Тодорова, учествуваа на X-от Конгрес на Асоцијацијата на франкофонски уставни судови на кој претседателот на Судот имаше свое излагање на тема „Конституционална рамка на толкување на Уставот – Живиот конституционализам".
На маргините на Конгресот претседателот на Судот, оствари средба со делегацијата на Врховниот Уставен суд на Египет, судиите Ала Ахмет и д-р Фатма Елразаз.

## Јуни

Стразбург
Франција

**10 годишен јубилеј на Мрежата на највисоки судови (SCN – Superior Courts Network)**

5-6 јуни



Советникот на Судот, Татјана Јањиќ-Тодорова учествуваше на одбележување на десегодишниот јубилеј на Мрежата на највисоки судови по чиј повод беше организиран Форум на кој се дискутираше за досегашните успеси и реализирани проекти, како и за идните активности насочени кон остварување на целите на Мрежата, како што се размена на информации и судска практика помеѓу уставните и врховните судови на земјите-членки на Советот на Европа.

## Септември

Загреб Хрватска

### Студиска посета на Уставниот суд на Република Хрватска

4-5 септември





Генералниот секретар на Судот, м-р Виолета Ѓорѓиевска и советниците што работат по редмети, д-р Сања Гелевска-Трајчевски, м-р Лариса Милевска и м-р Ана Дојчиновска оствариja студиска посета на Уставниот суд на Република Хрватска во рамките на воспоставената билатерална соработка на двата суда со цел запознавање и размена на искуствата од уставно-судската пракса на Уставниот суд на Република Хрватска.

Во рамките на посетата, делегацијата на Уставниот суд оствари и работна средба со застапникот на Република Хрватска пред Европскиот суд за човекови права, Штефица Стажниќ, на која беше презентиран начинот на функционирањето на Кабинетот за застапување на Република Хрватска пред Европскиот суд за човекови права.

## Октомври

Анкара Турција

### 13-то издание на Летна школа

6-7 октомври



Советниците на Уставниот суд, м-р Магдалена Паункова-Спасова и м-р Марина Пеливанова-Димовска, учествуваа на 13-то издание на Летната школа по покана на Центарот за обука и развој на човечки ресурси при Здружението на азиските уставни судови и еквивалентни институции (AACC-CTHRD).

Летната школа беше посветена на темата „Семејниот живот од уставна перспектива и правото на почитување на семејниот живот“ и советникот на Судот, м-р Магдалена Паункова-Спасова, имаше свое обраќање.

Мадрид Шпанија

### VI Конгрес на Светската конференција за уставната правда (WCCJ)

28 -31 октомври










Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и судијата проф. д-р Ана Павловска-Данева учествуваа на VI-от Конгрес на Светската конференција за уставната правда и земаа активно учество на состаноците на регионалните групи АЦЦФ и ЦЕЦЦ, на Генералното собрание и на работните сесии каде теми на дискусија беа заштитата на природните ресурси и животната средина, заштитата на културното наследство, пристапот до научните знаења и новите технологии и независност на уставните судови. Делагацијата на Судот учествуваше на двете регионални групи на кои беа усогласени ставовите за заеднички настап на Пленарниот состанок на Светската конференција.

Беа остварени и билатерални средби со претседателот на Уставниот суд на Шпанија, г. Кандидо Конде Пумпидо Турон, претседателот на Уставниот суд на Азербејџан, г. Фархад Абдулајев, претседателот на Врховниот суд на Египет, г. Булос Фахми Искандар и со претседателот на австрискиот Уставен суд г. Кристоф Грабенвартер.

| | | |
|---|---|---|
| **Ноември** | Анталија<br>Турција | Годишна Конференција на Балканскиот форум на уставни судови |
| | 13-15<br>ноември<br><br> | Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, судиите проф. д-р Осман Кадриу, м-р Фатмир Скендер и советникот за протоколарни работи м-р Симона Герасимова-Јовановска, учествуваа на третата годишна конференција на Балканскиот форум на уставните судови. Претседателот на Судот имаше свое обраќање на тема „Стандардизација на човековите права и улогата на уставната правда“. Во рамки на настанот се одржа и специјална сесија на судовите членки на Форумот на која беа усвоени Статутот на Форумот и на Анталиската Декларација со која членовите се обврзаа на почитување на владеењето на правото, демократијата и промоција и почитување на човековите права во балканските земји. Уставниот суд по овој состанок го превзема претседавањето со Балканскиот форум на уставни судови (BCCF) и ќе биде домаќин на 4-от Форум кој ќе се одржи во земјава, на 12 и 13 ноември 2026 година. |
| | Белград<br>Србија | Регионална конференција |
| | 19 ноември<br> | Советникот на Судот, Александар Лазов, учествуваше на Регионална конференција посветена на промоцијата на Упатствата за надомест на нематеријална штета во случаи на дискриминација, под покровителство на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со мисиите на ОБСЕ во Босна и Херцеговина и Србија. |
| **Декември** | Приштина<br>Косово | Конференција на службите за комуникации од Балканскиот форум на уставни судови |
| | 8-9 декември<br> | Генералниот секретар, м-р Виолета Ѓорѓиевска и Советникот на Судот за односи со јавноста, м-р Христина Беловска учествуваа на Тркалезна маса на тема „Предизвиците и најдобри практики во комуницирањето високопрофилни уставно-судски предмети“ во организација на Уставниот суд на Република Косово со поддршка на Советот на Европа. Тие ја презентираа националната правна рамка за јавноста и слободата на информирање, нагласувајќи дека транспарентноста е стратешка определба на Уставниот суд. |
| | Подгорица<br>Црна Гора | 120 години од усвојувањето на Уставот на Кнежеството Црна Гора |
| | 15-17<br>декември<br> | На лична покана на претседателот на Собранието на Црна Гора, Андрија Мандиќ, судијата на Уставниот суд, Добрила Кацарска имаше свој говор во кој се осврна на уставна традиција и трансформација, преку компаративен преглед на Уставот на Кнежеството Црна Гора од 1905 и Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година. Дел од македонската делегација беше и советникот на Судот, м-рЈасмина Симоновска. |

# VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ, СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Уставниот суд практикува добри односи со други институции и организации и во таа насока се остваруваат работни средби на кои се дискутира за конкретни ситуации, проблеми или активности.

Претседателот на Уставниот суд и судиите на Уставниот суд присуствуваа на одбележување на значајни настани и свечености по покана на официјални претставници на домашни и меѓународни институции.

## Февруари

**3 февруари**

**Работна средба со Амбасадорот на Кралството Шпанија**



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски на средбата со Амбасадорот на Кралството Шпанија, Н.Е. Рафаел Сориано Ортиз, ги истакна клучните предизвици со кои се соочува Уставниот суд во извршувањето на своите надлежности. На средбата беше констатирано дека една од можностите за унапредувањето на соработката меѓу уставните судови на двете држави е преку организирање на билатерални посети помеѓу двата уставни суда.

**24 февруари**

**Работна средба со Амбасадорката на Република Србија**



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, оствари работна средба со Амбасадорката на Република Србија во Република Северна Македонија, Н.Е. Невена Јовановиќ.
Претседателот на Судот го истакна интересот за продлабочување на соработката меѓу двата уставни суда преку организирање на билатерални средби учество на конференции од значајни теми во областа на уставното право.

## Март

**6 март**

**Амбасадорката на САД Анџела П. Агелер во посета на Уставниот суд**





Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари средба со амбасадорката на САД во земјава, Н.Е. Анџела Прајс Агелер, по што следуваше работен состанок со судиите на Уставниот суд, проф. д-р Осман Кадриу, Насер Ајдари, Добрила Кацарска,м-р Татјана Васиќ Бозаџиева, проф.д-р Јадранка Дабовиќ, проф.д-р Ана П.Данева.
Амбасадорката Агелер ја изрази поддршката од САД за враќање на довербата во правната држава преку транспарентни постапки и одлучување исклучиво според Устав и законите.

| | | |
|---|---|---|
| **Март** | 6 март | Работна средба со програмскиот директор на AIRE Центарот |
| |  | Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со Биљана Брејтвејт, програмски директор за владеење на правото на Западен Балкан при AIRE центарот (специјализирана организација која дава експертиза и практични совети за правните стандарди на ЕУ и Советот на Европа). Беше искажан интерес за соработка во следниот период, со фокус на организирање на заеднички проекти поддржани од AIRE центарот. |
| | 7 март | Трети Судски форум за родова рамноправност и Западниот Балкан |
| | | Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски учествуваше на Третиот Судски форум за родова рамноправност и Западниот Балкан. |
| **Април** | 8 април | Меѓународна конференција |
| |  | Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски учествуваше на Меѓународната конференција „Дијалог за единство и мир: Сеќавање на минатото-обликување на иднината”. Претседателот беше поканет како главен говорник на сесијата посветена на „Градење на иднина во мир - Улогата на Алијансата на цивилизациите” поради неговата поранешна функција „специјален пратеник на Македонија во Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации”. |
| | 10 април | Обраќање пред ученици на Меѓународно приватно училиште |
| | | На покана на Меѓународното приватно училиште „Маариф”, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, се обрати пред учениците пренесувајќи го своето искуство, работните ангажмани, согледувања низ призмата на основните и средношколските денови, студиите и сегашната работна позиција. |
| | 24 април | Средба со членовите на Комитетот за почитување на обврските и заложбите од страна на земјите членки на Советот на Европа |
| |  | Судијата м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева оствари средба со членовите на Комитетот за почитување на обврските и заложбите од страна на земјите членки на Советот на Европа. Делегацијата беше составена од: Сибел Арслан (Швајцарија) – Група на социјалисти, демократи и зелени, Џозеф О’ Рајли (Ирска) – Група на Европска народна партија и Агњешка Шклана–секретар на Мониторинг-комисијата. На средбата се дискутираа прашања што се однесуваа на уставно-судските одлуки од значење за изборниот процес, слободата на медиумите и правата на малцинствата. Посетата беше остварена во рамки на програмата на делегацијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа како дел од пост-мониторинг дијалог со Република Северна Македонија. |

**28 април**

**Тркалезна маса на тема „Дали ни е потребен Закон за Уставен суд?“**










Уставниот суд со поддршка на Делегацијата на ЕУ во Скопје, преку механизмот ИПА 3, организираше тркалезна маса на тема „Дали ни е потребен Закон за Уставен суд?”. Поздравни говори одржаа претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, претседателката на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова и амбасадорот на ЕУ во Скопје, Н.Е. Михалис Рокас, амбасадорката на СР Германија, Н.Е. Петра Дрекслер и амбасадорката на САД, Н.Е. Анџела Прајс Агелер.

Во рамките на овој настан беше презентирана Анализа за постојната положба и функционирањето на Уставниот суд и потребата од донесување на Закон за Уставен суд која е изработена од страна на тројцата правни експерти ангажирани од ИПА 3 проектот, Карстен Манке, Мартин Сопронов и Маргарита Цаца Николовска.

На настанот се обратија и судиите на Уставниот суд, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, проф. д-р Ана Павловска-Данева и д-р Осман Кадриу кои ги презентираа своите ставови во текот на јавната дискусија на темата

Свои мислења дадоа и професорите по уставно право, проф. д-р Татјана Каракамишева, проф. д-р Денис Прешова, проф. д-р Јетон Шасивари и проф. д-р Рената Тренеска Дескоска.

Свој придонес во дебатата дадоа и претставници од невладиниот сектор: Дарко Аврамовски од „Коалицијата – Сите за правично судење“ и Бојан Трпевски од Македонското здружение на млади правници.

На овој настан беа присутни и студенти од правните факултети.

## Мај

**5 мај**

**Работна средба со претседателот на ТИКА**



Претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски, судијата м-р Фатмир Скендер и шефот на кабинетот на претседателот, д-р Екрем Халимовски, оствариja работна средба со г. Махмут Чевик, претседател на Турската агенција за соработка и координација (ТИКА).

Средбата беше организираше по повод размена на информации околу фазите на спроведување на дигитализацијата на Судот.

**13 мај**

**Предавање на студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“**



Судијата м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева, одржа предавање на студентите од прва година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ. Предавањето беше реализирано како една од активностите предвидени со Меморандумот за соработка потпишан меѓу Уставниот суд и Правниот факултет во 2024 година.

## Мај

14 мај

### Работна средба со раководителот на Одделот за човекова димензија при мисијата на ОБСЕ



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари работен состанок со Умер Ал-Катиб, раководител на Одделот за човекова димензија при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На состанокот се разговараше за идните активности кои Уставниот суд и Мисијата на ОБСЕ во Скопје заеднички ќе ги спроведат во насока на продолжување на соработката и склучување нов Меморандум за разбирање.

15 мај

### Работна средба со Амбасадорот на Италија



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со Н.Е. Паоло Палминтери, амбасадор на Италија во Република Северна Македонија. На средбата беше договорено зајакнување на соработката помеѓу двата суда преку одржување на билатерални средби.

Скопје/Охрид

### Билатерална средба со Уставниот суд на Република Хрватска

20-23 мај







Делегација на Уставниот суд на Република Хрватска, предводена од претседателот на Уставниот суд на Република Хрватска, д-р Мирослав Шепаровиќ оствари билатерална средба со претседателот и судиите на Уставниот суд на Република Северна Македонија. На работната средба се дискутираше на три теми: Извршување на одлуките на Уставниот суд, механизми за следење на извршувањето на одлуките на Уставниот суд и механизми на постапување во случај на неизвршување на одлука на Уставниот суд. Во дискусијата се вклучија сите судии, споделувајќи ги своите размислувања.
На 21 мај делегација предводена од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и судии од Уставниот суд на Република Хрватска остварија средба со Претседателката на Република Северна Македонија д-р Гордана Сиљановска - Давкова.

## Јуни

24 јуни

### Протоколарна средба со В.Д Амбасадорот на Државата Катар



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари протоколарна средба со новоименуваниот вршител на должноста, Амбасадор на Државата Катар, Н.Е Рашид Бин Саид Ал-Хајарин. На средбата беше изразена заедничка подготвеност за унапредување на соработката помеѓу двата уставни судови во насока на организирање дополнителни средби и активности, како и за можностите за споделување искуства и добри практики меѓу двете институции.

## Јули

3 јули

### Работна средба со Амбасадорот на Република Австрија



Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски оствари средба со Н.Е. Мартин Памер, Амбасадор на Република Австрија. На средбата беше изразено заедничко задоволство од унапредување на соработката помеѓу двата уставни судови.

| | | |
|---|---|---|
| **Септември** | 3 септември | Работна средба со делегација на Венецијанската комисија |
| | | Делегација на Венецијанската комисија, предводена од потпретседателот Мартин Кујер, оствари средба со претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата проф. д-р Ана Павловска Данева.<br>На средбата беше изразено заемно задоволство од високото ниво на соработка и од континуираниот дијалог за прашања од областа на уставното судство и владеењето на правото. |
| | 15 септември | Работна средба со Шефот на Канцеларијата за демократски институции и човекови права |
| |  | Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со Шефот на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОДИХР, Матео Мекачи.<br>На средбата се разговараше за планираните активности на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР поврзани со претстојните избори. |
| | 25 септември | 12-та Меѓународна научна конференција, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип |
| |   | Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски се обрати на 12 Меѓународна научна конференција која се одржа на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.<br>Претседателот на Судот, како еден од главните говорници на Конференцијата зборуваше на темата „Општествените промени во глобалниот свет и живиот конституционализам".<br>Воедно, претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски на Универзитетската библиотека при Правниот факултет „Гоце Делчев" во Штип донираше и дел од своите авторски трудови, коишто претставуваат придонес во областа на правната наука и практика. |
| | 28 септември<br>1 октомври | Билатерална средба со Уставниот суд на Република Турција |
| |  | Делегација на Уставниот суд на Република Турција предводена од претседателот Кадиз Озкаја присуствуваше на работна средба со претседателот д-р Дарко Костадиновски и судиите на Уставниот на Република Северна Македонија. Во рамки на средбата се одржа работна сесија на која беше разговарано за Предлог-Статутот што ќе биде предмет на разгледување и усвојување за време на Третиот годишен состанок на Форумот на уставните судови од Балканот што ќе се одржи од 13-16 ноември 2025 година и споделување на праксата и искуствата на двата уставни судови на темата „Уставно-судска контрола преку механизмот на уставна жалба". |

## Септември

**29 септември**

### Дигитализација на Судот





Во рамките на посетата, се одржи свечено отворање на салата за одржување на седници, каде што беше презентирана новата опрема за дигитализација на Уставниот суд, обезбедена со поддршка на Турската агенција за координација и соработка (ТИКА). Со оваа опрема се овозможи дигитализација на Судот со цел поефикасно и потранспарентно работење. Техничкото решение и целосната имплементација на инфраструктурата е на Македонски Телеком.
На промоцијата присуствуваше делегацијата од Усатвниот суд на Република Турција, предводена од претседателот на Судот, г. Кадир Озкаја, потпретседателот на ТИКА, г. Махмут Чевик, Амбасадорот на Република Турција во Република Северна Македонија, г. Фатих Улусој.

## Октомври

**6 октомври**

### Тркалезна маса „Идентификација на клучните елементи за Нацрт-закон за Уставниот суд“





Уставниот суд, во соработка со Делегацијата на Европската Унија преку проектот ИПА 3 и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше тркалезна маса на тема „Идентификација на клучните елементи за Нацрт-закон за Уставниот суд“. Настанот го отворија претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, и Симона Јорданов, национален офицер за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Своите ставови на темата ги изложија и судиите проф. д-р Осман Кадриу, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер, како и претставници од академската заедница и експерти ангажирани преку проектот ИПА 3. Беше презентирана и Анализа на потребата од донесување Закон за Уставниот суд, подготвена од сениор експертот ангажиран преку проектот на ЕУ, Мартин Сопронов.

**9-10 октомври**

### Билатерална средба со Уставниот суд на Република Косово








Делегација од Уставниот суд на Република Косово, предводена од претседателот Неџми Реџепи, престојуваше во билатерална посета на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Беше одржана конференција на тема „Уставна контрола на законите и другите акти (материјални и процедурални аспекти)”, на која беше дискутирано за современите предизвици и искуства во примената на уставната контрола. За време на посетата, двата суда потпишаа Меморандум за соработка, со кој се поставуваат темелите за понатамошна институционална соработка, размена на искуства и организирање на идни заеднички активности.
Беше остварена и средба со претседателката на Република Северна Македонија, Н.Е. Гордана Сиљановска-Давкова.

| | | |
|---|---|---|
| Октомври | 14 октомври | Работна средба со судија на Уставниот суд на Романија |
| |  | Претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со Михај Бусујок, судија во Уставниот суд на Романија.<br>На средбата се разговараше за актуелните предизвици со кои се соочуваат уставните судови на двете земји, како и за улогата на уставно-судската заштита во контекст на современите општествени и правни околности. Двете страни изразија подготвеност за продлабочување на меѓусебната соработка, преку размена на искуства, знаења и судска практика. |
| | 16 октомври | Тркалезна маса „Примена на Актот на Уставниот суд – постапка за заштита на човековите права и основните слободи“ |
| |  | Во Уставниот суд се одржа тркалезна маса посветена на темата „Примена на Актот на Уставниот суд – постапка за заштита на човековите права и основните слободи (барања)“.<br>Настанот беше организиран од Уставниот суд, во соработка со Делегацијата на Европската Унија преку проектот ИПА 3 и со поддршка и експертски совет од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.<br>Воведни излагања имаа претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, Карстен Манке, тим лидер на ЕУ проектот и Русудан Табатадзе, шеф на Одделот за владеење на правото и човекови права при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.<br>Целта на настанот беше да се поттикне експертска и институционална дискусија за унапредување на постапката за заштита на човековите права и основните слободи преку анализа на новиот Акт на Уставниот суд и неговата примена во пракса. |
| Ноември | 20 ноември | Работна средба со Амбасадорите на Република Австрија и Италија |
| | <br> | Претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, д-р Дарко Костадиновски, оствари средби со амбасадорите на Република Австрија, Н.Е. Мартин Памер, и на Италија, Н.Е. Паоло Палминтери, во рамки на интензивираната меѓународна агенда и зголемената динамика во меѓународните активности на Судот.<br>На средбата, беа разменети мислења и идеи за зајакнување на соработката меѓу Уставниот суд на Република Северна Македонија и уставните судови на Република Австрија и Италија, која наредниот период треба да се реализира. |

## Декември

**18 декември** – **Работна средба со Амбасадорката на НР Кина**



Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, оствари средба со новоназначената амбасадорка на НР Кина во Република Северна Македонија, Н.Е. Џианг Сјаојен.
На средбата, претседателот Костадиновски ја запозна амбасадорката со актуелните предизвици со кои се соочува Уставниот суд, како и со улогата и надлежностите на Судот како столб на демократијата и гарант на уставните права и слободи и правната држава. Амбасадорката Сјаојан ја презентираше иницијативата за приклучување на Република Северна Македонија во Меѓународната организација за медијација (IOMed), истакнувајќи го значењето на меѓународната соработка и промовирањето на принципите на владеење на правото.

**19 декември** – **Работна средба со претседателот на ТИКА**



Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со делегација на Турската агенција за соработка и координација (ТИКА), предводена од претседателот Абдулах Ерен. На средбата, претседателот Костадиновски, упати благодарност за континуираната поддршка што ТИКА ја обезбедува за Судот, при што посебно ја истакна донацијата од техничка опрема во функција на дигитализација на Уставниот суд.
Претседателот на ТИКА, Ерен, ја потврди подготвеноста на Агенцијата да продолжи со поддршка на активности и во текот на 2026 година, со приоритет на унапредување на институционалните капацитети, размена на искуства и модернизација на работните процеси.

**23 декември** – **Панел дискусија организирана од Балканскиот центар за контруктивни политики „Солуција“**

Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски учествуваше на панел дискусија организирана од БЦКП „Солуција“ на тема „Што може да очекуваме од новите измени на Кривичниот законик - Чекајќи Го Годо…и Правдата: Новиот Кривичен Законик – Нова Шминка ли Вистинска Реформа!?“ На дискусијата главни говорници, покрај претседателот на Судот, беа и Амбасадорот на ЕУ, Н.Е. Михалис Рокас и проф.д-р Денис Прешова.

************

Во рамките на меѓународната соработка и во текот на 2025 година континуирано се оствaруваше соработката со Венецијанската комисија на Советот на Европа, преку доставување на позначајните одлуки и решенија на Уставниот суд заради нивно објавување во Билтенот на Венецијанската комисија, како и размената на информации за законодавството и уставно-судската практика со другите уставни судови во Европа и пошироко.

# VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СЛУЖБАТА НА СУДОТ

## VIII.1. ИНТЕРНИ АКТИ НА СУДОТ

Покрај Програмата и распоредот за работа на Уставниот суд за 2025 година, во текот на 2025 година беа донесени следниве акти:

- На 13 март 2025 година беше донесен Кодекс за вработените во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија;

- На 8 октомври 2025 година беше донесен Правилник за внатрешна организација на Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија;

- На 13 октомври 2025 година беше донесен Правилник за систематизација на работните места во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија;

Горенаведените акти беа предвидени со Програмата и распоред за работа на Уставниот суд за 2025 година. Потребно е да се изврши усогласување на останатите интерни акти на Судот со Актот на Судот.

## VIII.2. ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Поради исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2025 година се пензионираа двајца вработени во Уставниот суд на работното место советник на Судот.

Во текот на 2025 година, Уставниот суд објави два јавни огласи за вработување на неопределено време во Службата на Уставниот суд согласно со Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и еден интерен оглас за унапредување во Службата.

### VIII.2.1.Јавни огласи

По спроведената постапка по јавниот оглас објавен на 30 јули 2025 година, беа избрани:

- 1 (еден) извршител за работното место самостоен советник-координатор на внатрешната ревизија во Одделението за внатрешна ревизија;
- 1 (еден) извршител за работното место самостоен советник-лектор по албански јазик во Одделението за преведување;
- 1 (еден) извршител за работното место административен работник-технички секретар во Одделението за поддршка на работата на секретарот;

- 1 (еден) извршител за работното место техничи работник-работник во кујна во Одделението за општи и административно-технички работи.

По спроведената постапка по јавниот оглас објавен на 28 ноември 2025 година, беше избран:

- 1 (еден) извршител за работното место советник за стручно-аналитичка работа во Одделот за стручно-аналитичка работа.

### VIII.2.2. Интерен оглас

На интерниот оглас објавен на 30 јули 2025 година, беа унапредени двајца вработени со звање советник во звање самостоен советник.

### VIII.2.3. Вработени во Службата на Уставниот суд

Заклучно со 31 декември 2025 година, Службата во Уставниот суд, брои вкупно 54 вработени, од кои:

- генерален секретар на Судот
- 15 советници на Судот од кои: 10 (десет) советници на Судот за стручно-аналитичка работа, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии;
- 10 самостојни советници, од кои: 1 (еден) за стручно-аналитички работи, 1 (еден) за протоколарни работи, 1 (еден) за евиденција, документација и уставно-судска практика, 3 (тројца) преведувачи, 2 (двајца) лектори и 1 (еден) координатор на Одделението за финансиски прашања и 1 (еден) координатор на внатрешната ревизија.
- 2 (двајца) советник, од кои: 1 (еден) за стручно-аналитички работи и 1 (еден) за финансиски прашања и јавни набавки;
- 2 (двајца) стручни соработници за правни прашања;
- 14 (четиринаесет) административни работници;
- 10 (десет) технички работници.

Од аспект на почитување на темелната вредност на уставниот поредок за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите институции на сите нивоа, во Уставниот суд од вкупниот број на вработени, 41 (76%) се Македонци и 13 (24 %) се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, и тоа: 10 (десет) Албанци (18,5 %), 2 (двајца) (3,7 %) Турци и еден Бошњак (1,8 %).

## VIII.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ВЕШТИНИТЕ НА СЛУЖБАТА НА СУДОТ

Во текот на 2025 година со цел зајакнување на капацитетите и вештините на Службата на Судот, беа спроведени следниве обуки и работилници:

- **На 28 март 2025 година**, во х.Стоун Бриџ во Скопје, се одржа работилница на тема: „Забрана на дискриминација – правни стандарди развиени од Европскиот суд за човекови права“, на која присуствуваа советниците што работат на предмети и генералниот секретар.

Како обучувачи од страна на ЕУ Делегацијата во Скопје беа ангажирани Маргарита Цаца-Николовска, поранешен судија на Европскиот суд за човекови права, Штефица Стажник, експерт за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права и Мартин Сопронов, сениор правен експерт.

- **На 11 април 2025 година**, во просториите на Уставниот суд се одржа обука во организација на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување, ХЕРА со поддршка на ЕУ Делегацијата во Скопје, на тема „Уставно-судската заштита на човековите права, еднаквост и родова дискриминација согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија“.

Воведно обраќање имаше претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, кој даде свој осврт на значењето на уставно-судската заштита на човековите права низ призмата на членот 110 од Уставот, а свое обраќање имаа и судиите, проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасова и м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева. На обуката присуствуваа и советниците што работат на предмети.

Првата сесија се однесуваше на развојот на уставно-судската практика, клучните одлуки за забрана на дискриминација и принципот на еднаквост, судската заштита од директна и индиректна дискриминација пред Уставниот суд, предизвици во примената на уставната заштита од дискриминација, при што предавач беше судијата д-р Мирјана Лазарова-Трајковска, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Во втората сесија беше презентирана правната рамка на говорот на омраза, идентификување на елементите на говорот на омраза преку праксата на ЕСЧП, а предавач беше проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први”- Скопје.

- Советниците на Уставниот суд, на **21 мај 2025 година**, учествуваа на втората обука организирана од ЕУ Делегацијата во Скопје преку механизмот ИПА 3 и Проектот за зајакнување на капацитетите на Уставниот суд, што се одржа во х.Стоун Бриџ во Скопје на тема „Слободата на мислата,

совеста и религијата – правни стандарди развиени од Европскиот суд за човекови права“.

Воведно обраќање одржа Виктор Гастоз, раководител на ЕУ проектот. Обучувач на првата сесија, што се однесуваше на општите правни стандарди поврзани со член 9 од Европската конвенција за заштита на човековите права, беше Штефица Стажник, експерт по човекови права, а на втората сесија, поранешниот судија на Европскиот суд за човекови права, Маргарита Цаца Николовска, презентираше практични случаи од праксата на ЕСЧП во корелација со членот 9 и македонското законодавство и примена.

- Советниците од Уставниот суд на Република Северна Македонија од **22 до 23 мај 2025 година**, учествуваа на обука на тема „Заштита и ограничувања на правата во Северна Македонија согласно со судската пракса на Европскиот суд за човекови права“, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, којашто се одржа во х. Хилтон, Скопје.

На дводневната обука, којашто ја водеа Симона Јорданова и Светлана Црвенковска, национални офицери за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ, беа опфатени повеќе теми: компаративни искуства за преглед на човековите права заштитени со Уставот на Република Северна Македонија во споредба со клучните одредби од Европската конвенција за човекови права; доктрината за „слобода на проценка“ и примената на „тестот на пропорционалност“ во процесот на оценување на ограничувања на човековите права; основите и видовите на законски ограничувања и нивната примена во домашниот правен систем, како и се обработуваа студии на случаи од пракса на Европскиот суд за човекови права.

Советниците на Уставниот суд спроведоа и анализа на одлуки на Уставниот суд во контекст на ограничување на правата на граѓаните, со цел унапредување на праксата и нејзино усогласување со меѓународните стандарди за заштита на човековите права.

- Во периодот од **14 до 16 јули 2025 година** се одржа третата обука за советниците во Уставниот суд коишто работат на предмети, во рамки на Проектот на Европската Унија за поддршка на владеењето на правото и унапредување на човековите права, поддржан од ИПА 3 механизмот.

На обуката беа анализирани членовите 9, 11 и 14 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), како и член 1 од Протоколот бр. 12. Воедно беа спроведени обуки во однос на: пребарување во платформата ХУДОК на Европскиот суд за човекови права; критериуми за прифатливост со презентација и практична контролна листа и методологија за цитирање на судска пракса на ЕСЧП.

Практичната работа преку студии на случај вклучуваше изготвување на одлука за прифатливост и основаност, сесија со прашања и одговори и завршна сесија посветена на практичните аспекти на примената на стекнатото знаење.

Како тренери-обучувачи на оваа работилница беа правните експерти Маргарита Цаца Николовска - поранешен судија во ЕСЧП, Мартин Сопронов и Штефица Стажник.

- Во просториите на Уставниот суд на **15 и 16 септември 2025 година**, во соработка со германската Фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ), беше организирана дводневна работилница за советниците коишто работат по предмети на тема „Уставна жалба и судската пракса за заштита на човековите права на Судот во Карлсруе".

Воведни обраќања на дводневната работилница имаа генералниот секретар на Уставниот суд, м-р Виолета Ѓорѓиевска, д-р Штефан Пирнер, раководител на проектот за Западен Балкан во ИРЗ, Кевин Маас, раководител на политичкиот оддел во Амбасадата на Германија во Скопје и Кристоф Ниенхаус, проект менаџер во Одделот за Западен Балкан на ИРЗ.

Првата сесија беше посветена на основите на уставната жалба, со дискусии за нејзината суштина и улога во уставно-судската заштита, како и судската пракса на Сојузниот уставен суд во Карлсруе од областа на човековите права, со акцент на одлуките коишто имаат значење за европскиот правен контекст и нивната примена во националните правни системи.

Предавачи беа д-р Томас Клигел, претседавачки судија во Окружниот суд во Есен и поранешен научен соработник во Сојузниот уставен суд на Германија и д-р Оливер Гајслер, судија во Финансискиот суд на Баден-Виртемберг и поранешен научен соработник во истиот суд.

- Во периодот од **12-14 декември 2025 година**, во Берово, беа одржани консултатации посветени на јавното говорење, институционалната комуникација и односите со јавноста, со цел унапредување на јавниот настап и зајакнување на довербата на граѓаните во Судот. Истите беа реализирани во рамките на проектот имплементиран од конзорциумот Expertise Advisors и ICE EEG/GOPA PACE, опфатен со ЕУ проектот и ИПА 3 програмата, а беа водени од Огнен Јанески, експерт-консултант за јавно говорење и институционална комуникација.

На консултациите, учествуваше претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и судиите д-р Осман Кадриу, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, м-р Фатмир Скендер, генералниот секретар м-р Виолета Ѓорѓиевска и советниците Александар Лазов, Енсар Јусуфи, Ненад Миноски, м-р Христина Беловска и м-р Лариса Милевска.

Во рамки на консултациите, преку тематски дијалози и интерактивни сесии, беа разгледани прашања поврзани со јавниот говор како алатка за институционално претставување, градење авторитет и кредибилитет, како и соодветно обраќање во чувствителни јавни и медиумски контексти. Програмата вклучи практични вежби за развој на комуникациски вештини, со акцент на телесниот говор, гласот, ритамот и стилот на изразување, како и симулации на прес-конференции и јавни судски постапки. Посебен фокус беше ставен на настап пред камера и анализа на јавната комуникација во реални институционални сценарија.

➢ Советниците во Уставниот суд коишто работат на предмети во периодот од **15-18 декември 2025 година** учествуваа на четиридневна обука што се одржа во Берово, со поддршка на Делегацијата на Европската Унија, во рамки на ИПА 3 проектот наменет за зајакнување на институционалните капацитети.

Обуката беше посветена на унапредување на Методологијата за изработка и образложување на одлуките на Уставниот суд со посебен акцент на воедначување на практиката и подобрување на квалитетот на правната аргументација.

Во рамки на обуката беа реализирани две тематски сесии. Првата сесија беше насочена кон презентација и разгледување на обрасци и насоки за образложување на одлуките на Уставниот суд и за изработка на правни резимеа, со фокус на предметите од уставност и законитост, како и на предметите што се однесуваат на заштита на човековите права.

Втората сесија беше посветена на пренесување на знаење и практична размена на искуства. Во оваа сесија се дискутираше за техники за сумирање на наводите на подносителите на иницијативи, како и за техники за изработка на образложенија на судските одлуки, преку анализа на конкретни случаи од праксата и размена на добри практики од други земји.

Како обучувачи од страна на ЕУ Делегацијата во Скопје беа ангажирани Маргарита Цаца-Николовска, поранешен судија на Европскиот суд за човекови права, Штефица Стажниќ, експерт за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права и Мартин Сопронов, сениор правен експерт.

# IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/2024) за функционирање на Судот беа предвидени средства во висина од 78.154.000,00 денари, коишто со одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/2025 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/2025) за 2025 година беа зголемени и изнесуваа вкупно 84.461.085,00 денари. Реализацијата на вкупно одобрениот буџет за 2025 година на Уставниот суд на Република Северна Македонија изнесува 90,07% (78.706.876,00 денари).

Во текот на 2025 година, поради неопходност од уреди за работа на вработените беа набавени: еден мултифункционален копир, 6 принтери HP Laser Jet (црно-бели), 3 принтер/печатар/копир во боја CANON PIXMA N/M, четири лаптопи Dell 15, 10 персонални десктоп компјутери и 4 скенери.

Во септември 2025 година, Уставниот суд доби донација од Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) за дигитализација на Судот.

Донираната опрема се состои од: систем за видео конференција – CISCO, таблети – Samsung, централен систем сервер, централен аудио дигитален процесор, кутија за дистибуција на стерео звук, флексибилни микрофони, ултра лесни слушалки, конзола за преведување, дигитален рефлектор - инфра ред, дигитален превод инфра ред сигнал, звучник за на ѕид, појачало за звук, телевизор, поставка за телевизор, ултра лесни слушалки за превод, бежични приемници за преведувачи, системски кабли, конференциска единица со екран и микрофон и дигитални микрофонски уреди за конференциски систем.



**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**кеј „Димитар Влахов“ бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.  +389 2 3163 063, претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, секретар**

**е-пошта:** mail@ustavensud.mk

**Интернет страна на Судот:** www.ustavensud.mk

**Редакција:**

д-р Дарко Костадиновски, претседател

д-р Осман Кадриу, судија

Добрила Кацарска, судија

м-р Фатмир Скендер, судија

м-р Виолета Ѓорѓиевска, генерален секретар

м-р Лариса Милевска, самостоен советник

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

м-р Лариса Милевска, самостоен советник

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста – портпарол

м-р Симона Герасимова-Јовановска, самостоен советник за протоколарни работи